СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Четвртото продолжение на Педесет и првата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 22 декември 1992 година

Скопје, декември 1992 година

**IV ПРОДОЛЖЕНИЕ ОД 51-та СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 22.XII.1992 год.**


1. Андов Стојан - 1, 7, 63, 159, 153, 157, 161, 163
2. Алиу Хамид – 77, 142
3. Андонов Тиме - 5
4. Арсов Драги - 14, 49, 54, 58, 84, 52
5. Арсовски Бранко - 61
6. Ајдарага Газменд - 67, 71, 72
7. Андоновски Гоце - 120
8. Анастасовски Митко - 110
9. Бошков Јордан - 6, 114
10. Голубовски Владимир - 27, 29, 118, 143, 162
11.Гошев Туше - 31,36,40,46,51,53,55,60,68,85,96,106,107,124,135,153,159
12. Гошев Петар - 138, 140, 147
13, Давчев Санде – 120
14. Зибери Насер - 3
15. Иванов Љубосав - 66.
16. Јумеровска (Марковска) Ѓулистана - 100, 141
17. Котевски Ѓорѓи - 42, 87, 155
18. Крстевски Никола - 62, 116
19. Крстевски Зоран - 79, 119, 142
20. Лазаревска Биљана - 120
21. Мицевски Трајан - 114, 165
22. Минов Панчо - 1, 3, 108, 117
23. Муртезани Авди - 29,151
24. Мурати Џеладин – 73
25. Манев Ефтим – 82
26. Николовски Душан - 112
27. Петковски Тито - 54
28. Петров Тодор 59, 64, 95, 155, 157, 161, 162, 164
29. Пановски Михаил - 116, 118
30. Симјановски Наум - 149
31. Стојановски Наќе - 122, 131, 136, 138, 140, 145, 149, 160
32. Стојков Стоиле - 4, 121, 139, 150
33. Станковски Ристо - 125, 126
34. Селмани Неим - 10, 45, 70, 76
35. Садику Ферид - 13
36. Стојановски Томислав - 25,39,55,75,89,95,97,11o,143,145,146.
37 Спировски Игор - 71 ( списокот е на стр.91), 126.
38. Тошев Благоја - 17, 20, 101, 104, 107, 125,
39. Халили Мухамед - 69
40. Халити Абдурахман - 98
41. Џелил Таири - 2,4.


продолжува

**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од четвртото продолжение на Педесет и првата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 22.12.1992 година**

Седницата се одржа во просториите на Собранието, сала 1, со почеток во 10,45 часот

Седницата ја отвори и со неа раководеше Стојан Андов претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Почнуваме со работа.

Пратениците Димитар Димитровски, Александар Гештаковски и Иван Рамбабов ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да Господинот Минов сака една процедурална интервенција да направи

**ПАНЧО МИНОВ:**

ВО меѓувреме по прекинот на расправата по оваа точка привремената комисија за наведените настани одржа состанок и заклучи, останувајќи на сите наоди таму наведени како причина за поднесување на барањето, бидејќи извештајот е подготвен, поделен е на членовите на комисијата што значи целта заради која беше поднесено барањето за сменување на

раководителот на привремената комисија е постигната и како еден гест на одговор на сите сомневања дека ете барањето беше само по себе како цел, а не беше целта да се изготви извештајот, што значи комисијата да ја изврши својата задача зададена од Собранието. На привремената комисија се договоривме, а се согласивме и ние како тројца потписници на барањето истото да го повлечеме, па во расправата по извештајот кој предлагаме на првата наредна седница да биде поднесен, ќе се отвори за неговата содржина и за предложените конкретни мерки кои се.

**ЏЕЛИЛ ТАИРИ:**

Почитувани пратеници, ова што го кажа господинот Минов тоа било на 18-ти состанокот што го одржале Комисијата, јас сум член на таа комисија и не бев присутен и тоа намерно не бев присутен од причини што веќе на ова Собрание влезе во процедура барањето на тројцата пратеници во кое се бараше менување на господин Петров од претседател на Комисија. Сега со оглед на тоа што веќе со дигање на раце ова Собрание го стави на дневен ред тоа барање и требаше да се изјасни до крај. Јас не сум против тоа што веќе е одржана комисија, меѓутоа сега треба ова Собрание да го докрајчи дали господин Петров останува и понатаму на оваа комисија како раководител или ќе остане или ќе се менува, со тоа што треба да се докрајчи работата. Јас не се сложувам со тоа што господинот Минов кажа дека веќе го повлекуваме барањето, а тој истапи од името на комисијата. Јас во таа комисија не сум учествувал и незнам дали уште некој друг учествувал и сега би испаднало го дадовме тоа барање и на крај само треба да додадеме извини се шалевме итн. Сметам дека, тоа ме радува и фактот што комисијата е при крај со извештаите, меѓутоа, треба да

заземеме став дали и понатаму останува или ќе дадеме виза и понатаму господинот Петров да биде раководител на оваа комисија е при крај со извештаите, меѓутоа треба да се завземе став дали и понатаму останува или ќе дадеме виза и понатаму господинот Петров да биде раководител на оваа комисија.

**ПАНЧО МИНОВ:**

Точно е тоа дека господинот Таири не беше присутен на комисијата, ние во негово отсуство со една забелешка раководителот на комиси^ата за вчерашниот ден да го извести за она што се заклучило, јас реков дека комиси^ата одлучи така, а од членовите на комисијата двајцата ние јас и господинот Алил Џаферовски се согласивме барањето, односно нашиот потпис на поднесеното барање да го повлечеме, во интерес на тоа, пак ќе повторам дека целта на поднесување на нашето барање се исполни односно се постигна да се изготви извештајот на привремената комисија. Ние бараме на првата наредна седница, по тој извештај и по мерките предложени во него да се расправа. Лично право е на господинот Таири од тројцата нас потписници каков став понатаму тој ќе заземе. ?

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Мене дури сега ми е нејасно која беше целта за покренување на иницијативата. Јас мислам дека изнесените причини од страна на пратен^кот Панчо Минов се несериозни. Ние дури расправавме дури 2-3 часа околу оваа иницијатива и сега одеднаш да се повлече иницијативата за разрешување. Ако било целта да се поднесе извештај господинот Тодор Петров имаше шест и осум месеци, дури 10 месеци тоа да го направи. Дури сега кога видовме дека покренавме постапка да се разреши, тој одеднаш за еден ден ни нуди извештај. Зад ова јас сметам дека постои одредена цел и таа цел треба да се открие. Ова што се прави сега од одредена група да се повлече таа иницијатива е несериозна работа уште повеќе што господинот

Панчо Минов овде настапува во името на комисијата. Комисијата не е предлагач на иницијативата и нема право комисијата како таква да ја повлече иницијативата. Иницијативата, деловнички имаат право да ја повлечат само тие кои се и автори односно предлагачи на истата. Со оглед на тоа што еден од предлагачите веќе не се согласува со повлекување на иницијативата ова прашање треба да се расчисти дали ќе заземат едногласен став сите предлагачи или како понатаму ќе настапат со оглед на тоа што господинот Џелил Таири не се повлекува од иницијативата.

**СТОЈАН АНДОВ**

Дали имаме потреба да продолжиме со расправа

Господин Стојков.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Мислам дека прашањето е процедурално, имаме двајца од тројца предлагачи кои на комисијата изразија желба, затоа што принципиелното прашање околу тоа дали е поднесен извештајот или се симна, со тоа што извештајот е доставен до членовите на комисијата и мислам ако понатаму почнеме околу ова прашање да се расправаме, ќе се доведеме до една несакана ситуација. Ние овде меѓу себе како пратеници се деградираме т.е. го деградираме нашиот интегритет како пратеници и дигнитет, затоа, мислам дека од тоа принципиелно прашање барањето на господата кои бараат да се смени раководителот на оваа комисија мислам дека е постигнато, извештајот е готов, и затоа да не расправаме повеќе тоа е и право на предлагачот, а овде имаме двајца од тројца предлагачи кои се сложија да го симнат прашањето од дневен ред затоа што целта е постигната

**ЏЕЛИЛ ТАИРИ:**

Се извинувам што повторно земам збор, сметам дека овде треба одреден придонес да даде претседателот на Комисијата за избор за избор

и именување и само да го читам образложението на одлуката што зазела оваа комисија во која стои Комисијата за прашања на избори и именувања на седницата одржана на 16 декември 1992 година, го разгледа барањето на тројцата пратеници, членови на комисијата за испитување на околностите околу протесните собири во с.Куклиш, Радовиш и Скопје и оцени дека е оправдано и утврди предлог - одлука за изменување на одлуката, со тоа што наместо Тодор Петров за раководител на оваа комисија го утврди Ристо Ќелешов. Мислам дека на ова треба и Комисијата повторно да даде образложение на ова што веќе е донесено.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Само едно објаснување, бидејќи двајца од предлагачите се за повлекување на оваа точка од дневен ред, а еден е за да остане, јас предлагам сега да,не расправаме .по оваа точка, на една од паузите тие точно нека се договорат како да се постапи, без оглед комисијата што направила и како направила. Мислам да се договорите па да одиме понатаму сега. Инаку да не водиме премногу процедурална расправа

Дали може така? (може)

**ТИМЕ АНДОНОВ:**

Ако веќе извештајот е подготвен од комисијата јас мислам дека целта е постигната, туку сакам да напоменам дека до сите пратеници треба да се достават сите документи кои комисијата ги има побарано од институциите на државата, бидејќи кога се формира оваа комисија беше речено да се видат и причините од што дојде до овој ексцес. Затоа, сакам да биде кажано и за наредната седница    тоа веројатно во четврток да се достават

уште денес, за да можат пратениците да се запознаат со случајот и да може расправата да тече како што треба

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ова е една сугестија како да постапиме кога ќе расправиме по извештајот. Инаку останавме на она што се договоривме.

Минуваме на **точка 4** -

Во врска со Предлогот за донесување на закон за национализација на целокупниот движен и недвижен имот на општествено - политичките и други организации што се укинати или чија што функција престана со амандманите 57 до 80 на Уставот на Република Македонија од 1974 година, со Предлог на закон.

Во меѓувреме дојде мислење од Владата на Република Македонија кое ви е поделено. Сега уште на седница е комисијата за општествено - политички систем и на оваа точка ќе се навратиме кога ќе го добиеме извештајот од оваа комисија доволно пратеници

Господин Јордан Бошков

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Дами и господа седницата 51 почна веќе пред 1 ипол месец и имаме две точки на дневен ред, кои се однесуваат на ратификација на спогодби, едната е со Република Албанија, а другата е со Република Турција. Мислам дека ќе биде целисходно слично на она што ги повлековме одлуките за именување за комисии понапред и овие две точки да ги поминеме поскоро, зошто сепак, нашата држава тука е засегната во аранжмани со други држави.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Предлагам да го усвоиме овој предлог на господинот Јордан Бошков. Тој има право, додека да се утврди и да дојде доволен број за точката 7, ние да минеме на точките 31 и 32.

Дали се согласуваме? (се согласуваат)

Минуваме на **точката 31** -

Предлози за донесување на закон за ратификација на протоколот за соработка во областа на безбедноста меѓу министерството за внатрешни работи на Република Македонија и Министерството за внатрешни работи на Република Турција со Предлог на закон.

Дали овде имаме претставник на министерството, односно на Владата? (нема)

Кој го застапува овој закон?

Бидејќи го почитуваме ова укажување на господинот Бошков и колку наидеме на нешто спорно тогаш да прекинеме и да дојде претставникот на министерството.

Дали се согласувате да прекинеме со ова? (да)

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот извештаите на комисијата за надворешно - политички прашања и односите со странство, комисијата за внатрешна политика и општонародна одбрана, комисијата за контрола над работата за државна безбедност и Законодавно -правната комисија ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, дали некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон ратификација на протоколот за соработка во областа на безбедноста

меѓу министерството за внатрешни работи на Република Македонија и министерството за внатрешни работи на Турција.

Кој е за, да крене рака? (пратениците креваат рака)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон.

Кој е за, молам да крене рака? (пратениците креваат рака)

Дали е некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по предлогот на закон. '

Молам, кој бара збор? (никој)«

Бидејќи никој не бара збор, го; заклучувам општиот претрес

Отворам претрес по текстот на предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и предлогот на закон го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (пратениците креваат рака)

93 пратеници гласаа за.

Дали е некој против?

Дали е некој воздржан? (никој)

Констатирам дека Собранието го донесе законот за ратификација на протоколот за соработка во областа на безбедноста меѓу Министерството за внатрешни работи на Република Македонија и Министерството за внатрешни работи на Република Турција.

Минуваме на **точката 32** - Предлог за донесување закон за ратификација на протоколот за соработка во областа на безбедноста меѓу Министерството за внатрешни работи на Република Македонија и Министерството за јавен ред на Албанија и националната информативна служба на Албанија со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со предлогот на закон, извештаите на комисијата за надворешно- политички прашања и односи со странство, Комисијата за внатрешна политика и општонародна одбрана и Комисијата за контрола над работата на службата за државна безбедност и Законодавно - правната комисија ви се доставени односно поделени

Отворам претрес по предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор, (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување закон ратификација на протоколот за соработка во !областа на безбедноста меѓу МВР на Република Македонија И министерството за јавен ред на Албанија и националната информативна служба на Албанија.

Кој е за, молам да крене рака? (пратениците креваат рака)

Дали е некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање? (констатирам дека заклучокот е усвоен)

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон.

Кој е за, молам да крене рака? (пратениците креваат рака)

Дали е некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон.

Отворам општ претрес по предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес

Отворам претрес по текстот на предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам нека крене рака? (пратениците креваат рака)

95 пратеници гласаа за. Кој е против? (1)

Дали некој се воздржува од гласање? (2).

Констатирам дека Собранието го! донесе законот за ратификација на протоколот за соработка во областа. на безбедноста меѓу МВР на Република Македонија и Министерството на јавен ред на Албанија и националната- информативна служба на Албанија.

Минуваме на **точката 7** -

Продолжуваме со расправата

Дали некој бара збор?

Господин Неим Селмани

**НЕИМ СЕЛМАНИ:**

Дами и господа, мислам дека по оваа точка се расправаше и на претходната седница и тоа што е најголемата несреќа што од Владата на Македонија, посебно од Министерството за правосудство досега барем така е покажано дека немаме доволно разбирање по ова прашање.

**НЕИМ СЕЛМАНИ :** (Продолжение)

Без сомнение дека Закон за судството е основното огледало на една модерна, правна и демократска држава. Од нејзиното организирање и поставување целосно зависи и нејзиното реализирање и почитување. Сигурно дека од поставеноста на судството во една држава, а посебно во минатото на сегашното, му создавало одредени проблеми. Меѓутоа, гледано во целина во споредба со другите источно европски земји во нашето судство и воопшто поставеноста на правосудството во бившата Југославија ги имаа насочувано битните атрибути, во судството на класичниот смисол, што не значи дека треба да направиме посебни напори за нивното реорганизирање и поставеноста. Основ е тоа што судството мора да биде самостојно во нејзиното вклучување и надвор од сите политички збивања на државата. Без ефикасно судство нема ни ефикасно општество, меѓутоа она мора да биде добро и платено. Не може да се има ефикасно судство а судијата е во ивиците на егзистенцијата. Туку мора да се појави митото и корупцијата што практично и ,нема судство. Осталом и во една држава на судството е посебна фаза на нејзината егзистенција односно на постењето. Предлог закон за судството во споредба со Нацрт на законот нема некакви промени и посебно во образложението на законот/не дава појаснувања предлагачот кој се основните услови за нејзината реорганизација и реализација на пониските и вишите судови. На мојот предлог дека виши суд треба да има и во Гостивар со образложение дека при реорганизацијата да се има во предвид предмети на еден суд комуникацијата на кое што постојано се движат граѓаните станбеното прашање каде што Општинскиот суд во Гостивар ги исполнува. Последниве години Општинскиот суд во Гостивар стои во врвот на најажурните судови

во Републиката, лросторност, услови, кадровската и другите услови кои се непобитни за постоење на еден виши суд биле причините на предлагачи кога предлогот да има виши суд во Штип, Битола а ние во Гостивар не ми е познато. Впрочем и до 1965 година Гостивар бил окружен суд оносд=но околиски суд и за Гостивар,Тетово, Кичево и Дебар. А и досега Гостивар беше подрачен здружен суд на Скопје за Гостивар, Тетово, Кичево и Дебар. Во Предлогот на законот е предложено да Дебар и Кичево бидат кон Вишиот суд во Битола, кој што никогаш во својата историја не биле

Кога предлагачот на Законот према Битола, туку секогаш било спрема Скопје, што дава основни индикации дека нешто има и други прикази предлагал ваква реорганизација на судот да тоа биде во Битола, Штип и Скопје, ние сигурно треба да ги имал основните причини, поради кои: според мене тоа се четири прашања: кадровското прашање, комуникацијата и станбените услови и решавање на прием, односно на решавање на предмети. Ако се земе предвид дека Штип има само 36 илјади предмети во годината, приливот на предметите за решавање на таквите предмети Гостивар ги има со другите судови 46 илјади предмети. Према тоа судот колку ќе биде ефикасен, колку ќе решава, ќе зависи доста тоа како он е организиран. Ако веќе на предлагачот му воопшто помалку се има мислам вакви судови низ Републиката, тогаш сметам дека немал потреба ако се има во предвид дека Скопје ги решава околу 200 илјади предмети годишно, тогаш према тоа и не требал и во проценти изразено 74% тогаш нема потреба да он предвидува и други виши судови во Републиката, како што е Битола и Штип. Ако он веќе имал за смисла да она го направи поефикасен судот, мислам дека тоа треба да се има предвид и во Гостивар.

Во образложението на предлагачот тоа што беше посебно и лично од моја страна дека во врска со предлогот на пратеникот предлогот на законот укажува дека е нерационално и неефикасно проширување на мрежата на вишите судови во Републиката. Ако е така треба да се каже кои се причините што се предвидува виш суд во Штип и Битола. Мислам дека тука предлагачот мора да даде пошироко образложение за да можеме да кажеме дали е реално и принципиелно направена ваквата реонизација на судовите

Лично сметаме дека во Гостивар има потреба заради тоа што и во минатото Гостивар имаше околиски суд, а и Здружениот суд беше во Гостивар додека постоеше овој суд ц мислам дека предлагачот мора да даде поцелосно и попринципиелни образложенија поради кои причини во Гостивар не може, а ние лично сметаме дека тоа може. Тука ги имаме предвид сите услови кои ги исполнува еден ви  суд во Републиката.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

Има збор господинот Ферид Садику.

**ФЕРИД САДИКУ:**

Почитувани пратеници, акцептирајќи го ова што го рече претходниот дискутант господинот Селмани, немам намера да дискутирам во врска со предложениот закон, бидејќи стручно не сум упатен во таа проблематика, но за жал овде во салата не го гледам министерот (министерот е во салата) а имам едно лично прашање до него и сакам да ми одговори на следното:

Според кои критериуми,не би сакал да повторувам се она што го кажа претходниот дискутант, начела, факти, се одлучи на Предлог на закон кој ни

е на дневен ред  70% од територијата а и од граѓаните да бидат лоцирани односно во Окружен суд во Скопје мислам на Тетово,Гостивар и Кичево, а 30% да бидат поделени на други два окружни суда во Битола и Штип.

Овде се изнесе еден аргумент на претходната седница господинот министер рече дека би се избегнале трошоци и би биле многу помали. Јас не сум убеден во тоа, па би сакал министерот лично да ми одговори кои беа тие критериуми и начела кои го поведоа да се направи таква диспропорција во однос на поставеноста на овие виши судови, да бидат два суда со 15% од територијата и 15% од населението, а вишиот суд во Скопје да биде со 70%.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам,само ве потсетувам оти сме уште на општиот претрес

Дали уште некој бара збор?

За збор се јави господинот Драги Арсов•

**ДРАГИ АРСОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, не се спорни целите за донесување на предлогот на законот за судовите ниту неговото усогласување согласно според уставните промени што треба да уследат. За тоа не би требало да зборуваме. Но, она за што треба да зборуваме во овој момент во услови на узурпирана власт од страна на левиот блок и неговата коалиција со ПДП и НДП и врз тие основи обезбедениот монопол во одлучувањето, за тоа секако треба да зборуваме, бидејќи од таквата ситуација произлегува и неприменливо та на судската политика што овде ни се сервира. Таквата неприменливост не се однесува само на судската политика, туку и на пропишаните критериуми во Законот кои треба да се

темелат врз начелата на парламентаризмот, пазарното стопанство, почитувањето на човековите права и врз правниот поредок воопшто/

Зошто го наведувам овој апсурд? Затоа што ниту во овој мандат ниту пак во претходниот во кој истите структури беа на власт, никој не сакаше ниту сака да помисли да говори и да го постави прашањето за состојбите во судството. Очигледно не се сака да се зборува за тоа какво судство имаме, а за кое сите добро знаеме, дека е паднато на најниските гранки на моралот. Згора на сето тоа и натаму се настојува нешто што е неуставно да ни се наметнува како уставно и на тој начин да се уриваат и последните брани на кревката македонска демократија. Зошто дозволуваме некој да стои над Уставот кога тоа веќе име го отфрлиле и да ни пропишува некакви квоти кои со Уставот не се предвидени. Целите се јасни однапред да се типуваат токму толку лица од редовите на подобните судии. Неприфатлив е за мене таквиот рестриктивен пристап во однос на Уставот, што не случајно се направи и со Законот на Републичкиот; судски совет со членот 7 каде наспроти Уставот се одредија и квотите и областите и професиите на лицата што треба да бидат избрани, се разбира, онака како што се правеше во старите добри комунистички времиња

Не господа пратеници, ние не можеме да се залагаме за едно од една страна да се залагаме против правото на политичкото организирање и не прифаќање на критериумите на партиската припадност за вршење на правосудната работа а од друга страна тоа залагање да биде само на хартија. Тоа го покажа нашата целокупна практика со сите досегашни назначувања на функциите во правосудството за кои места се барани лица бивши секретари на СК или според критериумот на бројни самоуправни партиски заслуги.

Ако на тој начин и натаму се обезбедува неограничената власт над судството и судиите ние не можеме да зборуваме дека целокупниот закон е во спротивност со стремежите за поделбата на власта на законодавна, извршна и судска. Доколку тоа и натаму се прави не треба да има дилеми, ние најдоследно сме соочени со класичен еднопартиски режим насилно наметнат без било какви почитувања на изборните резултати и подготвеноста за поделба на власта. Наспроти тоа, ако сакаме промени, или било каква правна сигурност, тогаш мораме да го преиспитаме нашето целокупно судство, како и назначувањето на судиите во периодот по првите повеќепартиски избори. Критериумите по кои се назначени на функциите што ги вршат итн. Без тоа ние не можеме само формално да зборуваме дека е избришан условот за морално политичката подобност, а практично според тој критериум истите лица и натаму остануваат,се разбира, според некакви нови измислици за општествени квалификации кои се наведуваат како вредни особини на судиите додека нивната стручност и работна способност и натаму остануваат секундарни.

Ако е така, тогаш мораме да признаеме дека просторот за нешто повеќе да кажеме за листата на судиите кои се истакнаа во политичките процеси водени во периодот до 1989 година како челници на судските совети и кои притоа изрекуваа1 пресуди за политички кривични дела. На сите ни е познато дека за политичкиот криминал се сносеше кривично правна одговорност според 200 до 300 параграфи од Кривичниот закон. Зошто овој пат ние не сме за тоа да зборуваме за жртвите на политичкиот терор под закрилата на комунистичкиот ред и мир. Се судеше по диктат, под притисок на разни комитети, неформални групи, судењето во политичките процеси за судиите се сфаќаше како врв на судската кариера.

Затоа господа пратеници сметам дека е неопходно да разговараме не само за организацијата на судството, туку и за целокупните промени во македонското судство.

Ние мораме да обезбедиме цврсти гаранции за слободно и независно судство како основен предуслов за Законот за судовите што сакаме да го донесеме

**СТОЈАН АНДОВ**

Дали уште некој бара збор?

Господинот Благој Тошев.

**БЛАГОЈ ТОШЕВ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, по едногодишната агонија за судбината на стопанското судство кое настана со правците на трансформација на правосудството, а за чија егзекуција пишуваше "Нова Македонија" на 8 ноември 1991 година. По разговорот на ова гласило со министерот за правосудство на 28.09. 1992 година се чини дека насловоното прашање е крајно депласирано. Имено, во контекстот на идното решение за судскиот регистар се наметна новинарското прашање. Дали тоа претпоставува дефинитивна определба за укинување на стопанските судови при што уследи категорично и безрезервно "ДА" и тоа од повеќе причини

Најпрвин поради изменетата општествена ситуација, граѓанинот е субјект во пазарот, а не може да биде учесник во постапка пред Стопанскиот суд,што не е логично

Понатаму, од нивните 80 илјади -предмети, што се зема како многу силен аргумент во заложбите за отстапување на овие судови 40 илјади предмети се од мала вредност само со покачување на лимитот во законот

за процесна постапка веднаш може да се загуби таа бројка. Има 15 илјади предмети од другите републики. Реална шанса е тие да бидат разрешени со сукцесијата. Фактички остануваат некаде 12 до 13 илјади предмети. Вистински предмети кои лесно ќе се распределат на 28 судови

Пред да се осврнам на дадените причини поконкретно и поопширно сметам за нужно да потсетам на кажувањата на министерот во својство на пратеник по ова исто прашање, но не со цел да му ги припишам во хипотека, како тоа мнозина реагираа туку да се сфати тежината на безрезервноста на оваа посебна негова определба зад која би требало да се претпостави дека не стои функција га, туку крајното сознание.

Имено, министерот во Парламентот; во својство на пратеник по Нацрт законот за судовите според образложението на Предлог-законот за судовите изнел свои размислувања и видувања на други стручњаци во однос на постоењето на стопанските судови. Истакна дека по укинувањето на судовите на здружениот труд и воените судови а сега и со стопанските судови ќе се создаде хаос во работата на судовите што ќе има штетен одраз врз работата на стопанството. Имено, најпрвин да^почнеме со конечното решение за регистарот.

Регистарот од секогаш се водел во трите окружни стопански судови во Скопје, Битола и Штип. Стопанското судство беше неподелено во сите кажувања за значењето на оваа функција на стопанските судови која функција нема само евидентен карактер, туку е конститутивен елемент во правниот субјективитет на правните лица. Поради тоа и специјализацијата е неминовна што во основните судови без таков кадар има штетни последици.

Професорот Стеван Георгиевски ова прашање под карактеристично поглавје нерационална организација на судовите покрај другото пишува. Ставот дека на овој начин се обезбедува единство на судовите сите судови надлежни за се е накараден. Доволно е само да се наведе колку ќе биде штетно за регистрацијата на правните лица. 28 регистри 3 судски регистри се многу, а 28 е навистина нонсенс. Со регистрацијата, покрај другото се обезбедува заштита на фирмите на подрачјето што го покрива регистарот. Правните лица ќе треба да консултираат 28 регистри. Таа расцепканост ќе биде генератот на спорови за фирмите што ќе бидат дополнително оптоварување на судовите. Воведувањето на толкав број регистри ќе предизвика дополнителни материјални оптоварувања на Буџетот. (Прекратува цитатот).

Иако ваквото решение териториjално е идентично со, постојното сепак таквото решение ги нарушува основните начела на предвидената институционална надлежност на судовите во Македонија. Со таквото, решение Врховниот суд на Републиката задолжително се јавува како второстепени суд што е секако неприфатливо. Тоа е една од безбројните причини поради која стопанските судови не само што не треба туку не можат да се укинат. Имено, нивното укинување е привид и тоа не само затоа што во правците стои дека се интегрираат судовите во општа надлежност со стопанските судови туку затоа што со укинувањето на стопанските судови нема алтернатива освен решенијата како со судскиот регистар наместо 3 ќе имаме 28 стопански судови

Стечајот, присилно спогодување и ликвидација според покојниот професор Стрезо Стрезовски е стопанско право. Ова кажување од науката и докажано од еминентни правници укажуваат на специјализираност во вршењето на функцијата и тука се, потребни ни повеќе ни помалку за еден единствен предмет четири професионалци – специјалисти.

**БЛАГОЈ ТОШЕВ:** (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Тоа затоа што стечајот го води совет составен од три судови, односно судии професионалци. Тоа е единствен совет без поротници. Покрај советот задолжителен е и стечаен судија, која функција е инкомпатибилна со функцијата член на стечајниот совет. Сигурно специјалистите кривичари не ќе може преку ноќ да станат специјалисти за стечаите. Кај оваа надлежност задолжително треба да се нагласи уште еден задолжителен совет, иако само со два редовни судии специјалисти. Тоа е советот за решавање во управно - сметководните работи И само по овие две надлежности стечајот и управно - сметководните  спорови потребни се шест, со букви шест, токму да чекаме колку сега што има Окружниот суд во Битола. Повеќе од една деценија овој број во Битола не е променет. Ако се има предвид дека на подрачјето на овој Стопански суд има осум основни судови, колку стопански судови ќе имаме. А што е со Вишиот суд во Битола. Ние пак ќе се потпреме на сопственото искуство и на науката. Професор Ѓоргевски по ова прашање вели најсериозен пункт за решавање на стопанските спорови и управно- сметководните спорови, а таков пункт е и регистрацијата на претпријатијата. Најверојатно дека ќе се работи за нови судови во кои допрва ќе треба да навлегуваме во специфичностите на судењето по стопанските спорови што ќе доведе до извесен застој. За да биде сликата поконкретна и поточна и да се добие пореална состојба, што значи извесен застој, ќе наведам неколку примери. Во Окружниот стопански суд во Битола затекнатите предмети од порано по стопански престапи, по кои што настапи застареност, стојат по фиоките е резултат што беше одбивањето на обвиненијата. Кај стечаите немаше застареност, но затоа пак постапката траеше незамисливо и 10 години. На што беше тоа последица? Станува збор за нови капиталистички институции во социјали-

стичкото стопанство воведени во 1964 година. Досегашниот затекнат кадар специјализирани доволно и ангажиран со други работи немал можности да посвети доволно внимание на овие сложени и нови институции во нашиот правен систем. Сигурно дека не ќе е потребна голема фантазија за да се добие претстава како сега тугата надлежност, надлежноста од стопанските судови ќе биде прифатена од кадарот на судовите од општа надлежност, кој кадар исто така е еднаков специјализиран како и судиите од стопанските судови. Место е да се каже дека кадарот не само што со години се специјализирал, туку тоа го чини со личен афинитет, односно аверзија. Има луѓе кои што имаат аверзија по кривичните предмети, од причини што секој систем генерира сопствен криминал и тој систем продава лицемерие дека се штити од криминалот. Место е да се каже дека претседателот на Врховниот суд на Македонија во една телевизиска расправа по насловното прашање, категорички изјави дека судовите од општа надлежност не се во можност да ја прифатат и надлежноста од стопанските судови. А тоа лично ми е познато затоа што претходно бил судија во Стопанскиот суд во Македонија од каде и беше избран за судија на Врховниот суд на Македонија. Веројатно, е од повеќе да се нагласува дека тој не учествуваше како граѓанин и дека го изнел ставот на Врховниот суд на Македонија. Колку што јас сум информиран зад таквата изјава стојат и окружните судови. При таква положба претседателот на Врховниот суд на Македонија нагласи дека ќе дојде само до пренесување на предметите од едно на друго место, а не до брзо решавање на истите.

Професорот- Горѓиевски во истата таа расправа наведе дека дисконтинуитетот е опасна работа а проблемот на големиот заостаток на стопанското судство е најлесно решлив по пат на делегации. Во истата таа расправа учествуваше и претседателот на Адвокатската комора на Македонија и сметаше дека е нецелисходно укинувањето на  стопанските

судови, туку треба истите да се растораваат од преголемото администрирање на што, во секоја прилика укажува и професор Горгиевски.

Меѓутоа, да направиме кус осврт на причините што ги изнесува министерот и што доведоа до пресврт од пратеникот.

Прво, изменетата општествена ситуација, според моите сознанија, апсолутно немаа значение кога е во прашање надлежноста на стопанските судови. Имено, за разлика од судовите за општа надлежност кои обезбедуваат со законите ефикасна заштита на човекот и на граѓанинот и на неговите права и слободи и интереси, како и заштита на други индивидуални и општествени односи, како што ја дефинира и надлежноста на идните судови според насоката на трансформацијата во правосудството и управата, стопанските судови обезбедуваат ефикасна заштита на капиталот, на човекот и граѓанинот кога тој се јавува како стопанственик, односно кога неговата стопанска фунтсција е компатибилна со функцијата на капиталот. Во таа функција е и одговорноста на стопанските престапи и управно сметководните спорови како надлежност е неделива од стопанските судови. Оттука стопанските судови односно институтите што го штитат капиталот не се резултат на системот, туку резултат на постоењето на капиталот, независно дали тој е приватен, државен, општествен и каков уште не, според степените, секогаш е капитал. Капиталот го создаваат правните лица, независно што основачи се лица кои се и физички лица односно човекот и граѓанинот како стопанственик или како вели министерот субјект во пазарот

Историјатот на овие институции за стопанските судови како претходни арбитражни во нашата држава, го потврдуваат реченото Имено, кога се уште Југославија крвареше од војната и стопанските разорувања и опустошувања, свеста дека само капиталот може да изгради ги основа

арбитражните комисии во 1946 година. Тоа беше време на реформи за сопственост на капиталот, имено на државните арбитражи им беше доверено решавање на сите имотни спорови меѓу државните органи, државните установи, државните стопански претпријатија, мешаните претпријатија, претпријатијата под секретар, односно претпријатијата под државните органи, потоа здруженија, организации и претпријатија, како и претпријатија и организации и општествени организации според правната енциклопедија. Значи, тоа беше време пред национализацијата конфискацијата и сл. на приватниот капитал и приватните претпријатија. Во таа енциклопедија е забележано уште и тоа дека практиката на главната државна арбитража кумулира на начелата на законитоста, новото стопанско право. Нашиот развиток придонесе За воведување нов стопанска систем. Државните арбитражи врз основа на Законот за стопанските судови од 1954 година да бидат претворени во стопански судови, подвлечено под име. Да го повториме подвлеченото државните арбитражи не се претворени во стопански судови како последица на променетиот политички систем - воведувањето на самоуправувањето со Управниот закон од 1953 година, туку со воведувањето на новиот стопански систем. Притоа ова мое кажување не го негира фактот дека таквиот политички систем го донесе новиот стопански систем но тоа не е тоа. Резултат на самоуправувањето се судовите на здружениот труд кои што во својата суштина беа антисудови, со оглед на тоа дека се темелеа врз марксистичка филозофија за одумирање на државата и правото. Тие се викаа судови на здружениот труд, поради очигледната неможност на нивните творци да им најдат соодветно име. Достојно на тоа, иста концепција, според замислата на творците на овие судови и судовите не мораа да бидат со правнично образование како што тоа стана и со општествениот правобранител на самоуправувањето. Оттука било каква споредба со овие ирационални

институции кои ги создаде еден таков ирационален систем со стопанските судови, најблаго речено не е адекватна. Оттука констатацијата дека граѓанинот како субјект во пазарот да не може да биде субјект - учесник во постапката пред стопанските судови збунува. Од веќе реченото за првата причина на укинувањето на стопанските судови мислам дека е совршено јасно дека граѓанинот е субјект во пазарот, учесник и странка пред стопанскиот суд. И не само како фирма, како носител на фирма и како правно лице како и физичко лице на што укажува и постојниот закон за процесна постапка од времето на СФРЈ. Потоа не може да се укинува суд затоа што некој не е учесник пред него. Ако треба да биде тоа се прави со негово вклучување, имено, констатирајќи дека стопанските судови се дело на капиталот тој суд што се определува, па и учесниците се странките

Огромниот заостаток како аргумент за укинување односно отстапување на останување на стопанските судови е значајно бидејќи м станува збор за техничко прашање. Дека се работи за техничко прашање потврдува кажувањето на професор Ѓорѓиевски во телевизиската расправа во почетокот на о.г. по ова прашање, кој што рече дека заостатокот е на^лесно решливо прашање што се прави по пат на делегација

Завршувајќи го ова свое искажување со констатацијата дека капиталот ги создаде стопанските судови и институциите за негова заштита, тој е тој, кој што всушност не дозволува негово укинување или негација како и интеграција што значи исто зашто и понатамошно нивно укинување прескапо ќе не чини. И не само заради реченото дека треба да се основаат 28 стопански судови како основни и три како виши место четири како пред скоро половина век и не само затоа што министерот со право укажува дека со распределба на 80 илјади предмети од сегашните три суда на 30 многу бргу ќе биде симнат од невен ред ако се исклучат тешкотиите^на кои укажува, не само заради тоа што таа не ќе биде еднаква,зашто Крушево и

Ресен ќе немаат колку Битола, не велам колку Скопје. И не само заради тоа што Крушево и Ресен и во иднина ќе немаат таков прилив за полн ангажман, и на веќе постојните прекубројни на што се должи ажурноста на судовите од општа надлежност и поради тоа ќе постојат две дистанци на поднесување на ставовите на 31 суд и покрај тоа што ќе немаме стопански судови и стопанско право. Не само заради тоа што познавачите на состојбите со укинувањето на Врховниот суд на Југославија утврдиле дека југословенското стопанство ќе се дефедерализира а со тоа се нанесе директен удар на странскиот капитал кој ја изгуби правната сигурност во југословенскиот правен систем. И не заради тоа што ќе градиме компатибилен правен стопански, систем, туку заради се тоа и многу нешто повеќе. Ваквата завршница, меѓутоа, нема да биде комплетна ако не се повикаме и на Уставот на Република Македонија. Имено по мое скромно познавање на работите единствена организација на судството и на судовите во член 98 од Уставот апсолутно не може да се поистовети со еден вид на судови, односно нивната повеќестепена застапеност да се изедначи со видови судови, како што тоа може да се заклучи од речениот разговор со министерот. Предвидуваме три вида судови, основни, виши и врховен. Сето изложено укажува на тоа дека ниту Уставот ниту науката ниту практиката не стојат зад министерот а истите се на страната на пратеникот Петар Гошев, заправо Туше Гошев.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дами и господа пратеници сакам да кажам нешто во општата расправа по однос на овој закон, а тоа е дека овој закон треба да се врати на предлагачот на дополнување. Ќе кажам каде директно, ова е во главата во однос на дисциплинската одговорност на судијата.

Одредбите на член 99 од Уставот на Република Македонија став 2

алинеја 5 говори јасно и гласно - заради потешка дисциплинска повреда пропишана со закон што го прави недостоен за вршење на судиската функција утврдува Републичкиот судски совет. Ова уставно задолжување предлагачот го претопил во одредницата на член 48 од Законот, и кажува кога ја злоупотреби судиската функција што се наведува неговиот углед и угледот на судот. Тоа е практично повторување на уставната одредба а за одговорност, секој па и судијата кој ќе биде избран да има одговорност ќе треба да знае што ќе претставува конкретно потешка дисциплинска повреда. Само еден пример ќе ви наведам од кривичното право каде постои одземање на туги предмети. Самиот појам одземање туѓи предмети не значи дека е едно те исто кривично дело. Има обична, лесна и тешка кражба. Одземање на туѓи предмети за нивно оштетување, одземање на туѓи предмети за послужување, што значи овдека се јасно кажува копа некое одземање ќе претставува квалификации, која ќе може да има одговорност за оној што тоа го направил. Судија кој ќе има одговорност да претставува навистина она потпишано, поделба и на судската власт, ќе може да се исполни само тогаш кога извршителот на судската функција ќе знае што претставува потешка дисциплинска повреда. А не да се дава само една општа одредница и таа одредница после да ја одредува судскиот совет по постапка што ќе ја води како потреба на судската обврска. Еден ваков закон не ќе даде гаранција на ниту еден извршител судија да може да има креација во работата и во примената на законите. Зошто? После прво или второ укинување на една пресуда онаа странка која што била, така да кажам "малтретирана" со пресудување ќе може да покрене и да каже дека судијата направил тешка повреда на судиската должност. Со тоа ако има некој кој има нерасположение према таа личност ќе дојде одредницата за дисциплинска одговорност. Ова го кажувам и од друга причина што предлагачот јасно во член 5 зборува за судска слободна оцена на доказите,

на што веднаш ќе дојде и судска слободна оценка на примена на правото. Ако сега некој судија од понизок суд има поинакво мислење за примена на правото па дојде до преправање на пресудата во второстепената постапка, дали оваа општа одредница не ќе го прави неподобен да ја врши функцијата.

Затоа, господо пратеници ова не може да се реши со амандман,да се пропишат кои се повреди ќе претставуваат потешка или полесна дисциплинска повреда. Ова ќе треба да се елаборира од повеќе и научни институции. Тука треба да се чуе и гласот на Врховниот суд на Македонија и на Правниот факултет и на други установи што се занимаваат со ваква работа, па дури тогаш да можеме да определиме што значи одговорност, дисциплинска на еден судија. Затоа сметам дека овој закон е предвреме доставен до> Собранието.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Во Република Македонија граѓаните немаат! судство за правна сигурност\И не•само1што тие се вознемирени во она што се случува во еден од сегментите што ја претпоставуваат парламентарната демократија во една држава, туку и оние што се професионално ангажирани во оваа област, исто,така покажуваат висок степен на нервоза, во однесувањето безбројни се најави со сомневања и до нас пратениците од луѓето што работат во судството. Безбројни се укажувањата на можноста на една хаотична ситуација да се замени со уште подраматично влошување во сферата на правосудството на Република Македонија

Оттаму надвор од она што тоа претпоставува еден важен .сегмент од стручен аспект, неодминлива е и потребна анализа заради можните последици врз политичкиот систем и особено врз она што значи демократија во Република Македонија.

Оттаму логично се поставува прашањето зошто овој закон за судовите не го донесе првата Влада во својот мандат. Зошто и овој закон и многу слични на него закони што се од суштинско значење за македонската правна држава, намерно се одолговлекуваат во своето донесување и еве сега како и по обичај, повторно минута до 12 часот, во целата своја драматичност со која ни се укажува, треба да прифатиме нешто, зборувам од позиција на политичка опозиција, како претставник на ВРМ0 - Демократска партија, зашто ако не прифатиме ќе бидеме директно одговорни за влошени состојби, за нефункционирање на македонската држава. Таквите однапред дадени дисквалификации, јавни или што се претпоставуваат ги отфрлам. Меѓу заокружувањето на македонската држава во однос на судството и идните односи меѓу другото и меѓу политичките субјекти кок што ја одразуваат политичката стварност во Република Македонија, лично давам повеќе на важност на она второто

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ**: (Продолжение).

Сметам дека владеачката коалиција на левите партии заедно со коалицијата на партиите од албанското малцинство пропуштајќи за ова да побараат партнерски однос со опозицијата во Парламентот се, барем, исто толку одговорни за последиците од тоа дали ќе се донесе овој закон или не, ако не и повеќе од политичката позиција. Затоа не навлегувајќи во стручните аспекти лично сметам дека во интерес на Република Македонија е политичката опозиција да остане на своите најави и користејќи ја можноста дека овој закон не може да помине без двотретинско мнозинство да го блокира донесувањето на законот со што ќе се предизвикаат позитивни процеси на еден политички дијалог овде во Собранието при донесување на еден ваков закон кој што битно, однапред ги преаудицира состојбите во идната политика во Република Македонија и особено што може битно да значи во можните предвремени избори идната година. Лично, нема да гласам за донесување на овој закон од причините што ги наведов

**АВДИ МУРТЕЗАНИ:**

Дами и господо пратеници, би сакал да дадам сосем мал придонес во однос на овој предлог-закон. Мојата дискусија ќе биде за организацијата и надлежноста на судовите Сите знаеме дека во правниот систем на Република Македонија до сега и по однос на надлежностите сега имаме еден нов квалитет, меѓутоа, по однос на организацијата на судството и на судовите останува истата,. Верувам дека без измена на организацијата на судството особено на основните и вишите судови не ќе може да изградиме;едно ефикасно и независно судство, Во што се состојат проблемите?

Во член 19 на Предлог-законот се наброени таксативно надлежностите на основите судови. Основните судови се надлежни да решаваат во прв степен за заштита на човековите права, за кривичните дела и стопанските престапи. Моето прашање до министерот би било дали би можел секој основен суд на пр. Судот во Кратово односно во' Виница или Св. Николе да суди за тешки кривични деликти. Ако во еден основен суд има четворица или седуммина судии за судење на едно кривично дело за еден сторител или обвинет најмалку би требало тројца судии кривичари да бидат. Ние не можеме да градиме професионалци, кога имаме предвид дека судијата ќе суди односно доживотно е избран. Според тоа, не ќе може во секој суд да се суди за такви кривични дела. Овде се јавува нелогичност.

Во членот 21 се вели: за вишите судови се надлежни  да решаваат по жалбите против одлуките; на основните судови, да решаваат за судир на надлежноста помеѓу основ Сметам дека фактички сега окружните судови се исклучени, додека до сега суделе во втор степен и тоа за кривични дела за кои беше пропишана казна,џад пет години. Фактички сега со овој предлог ова надлежност ќе треба да припадне на основните судови. Според тоа, Министерството за правосудство ќе треба да обмисли друг начин на организација на основните судови, или пак во одредени подрачја, дали и каде ќе има судови кои ќе судат за потешки кривични дела. Не може секој основен суд да суди за такви кривични дела.

По однос на вишите судови сметам дека треба да се чини напор во однос на организацијата на судовите и сметам дека ако во јужниот дел на Републиката, во Источниот, во Северниот постојат окружни судови, а отсега натаму, по усвојувањето на Законот виши судови тогаш би требало и во Западниот дел на Републиката да има еден суд, со кој сметам дека ќе се постигне и целта за организација на истиот и економичноста на постапката, и квалитетот на судењето, а од друга страна многу ќе се растерети и Окружниот суд во Скопје, односно вишиот суд во Скопје. Ова од причина што ако само го видимењ членот 17 на предложениот закон за надлежностите на окружните судови ќе видиме дека надлежноста на Окружниот суд во Скопје зафаќа територија од Гевгелија, па излегува на Североисток, Куманово, Крива Паланка, и на Запад оди се до се донесува во редовна постапка Гостивар.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Почитувано Претседателство, почитувани (пратеници).

Прво да истакнам ,дека овој закон која постапка траеше во три фази и имаше најширока расправа во поднесувањето на факти и докази на градењето на самиот концепт. Не случајно оваа Влада суштински не го измени концептот кој го прифати ова Собрание и тоа не само Собранието туку и телата на Собранието. Прво, би сакал да кажам неколку збора во врска со забелешките за основање на Виши суд во Гостивар.

Прво, доколку барањето за основање на Виши суд во Гостивар е мотивирано од потребата за поголемо доближување на судовите до граѓаните таа потреба е задоволена со предложената мрежа на основните судови. За граѓаните значајно е да им се обезбеди поголема достапност до

основниот суд во кој е концентрирана целокупната првостепена надлежност и каде што граѓаните како странки непосредно учествуваат во постапките.

Во Вишиот суд кој е исклучиво второстепен суд предметите по правило се решаваат без учество на граѓаните како странки

Второ, концентрирањето на второстепената надлежност само во три виши суда има посебно значење. За воедначување на судската практика и обезбедување на еднаква примена на законите на поголемо подрачје. Значаен е и податокот што сегашните три  окружни суда, кои прераснуваат во виши судови подолг период континуирано остваруваат целосна ажурност во извршувањето на надлежностите од второстепените судови, што е и најголем аргумент и што е една позитивна судска практика која треба да се прифати бидејќи ние немаме нерешени предмети ,во второстепена постапка.

Третиот аргумент е доколку се основа виши суд во Гости за да може да функционира самиот суд ако втор степен суд потребно е најмалку да има седум судии и тоа: два совети, едниот да биде кривичен ,совет, второстепен совет и едниот граѓански второстепен совет со по тројца судии и претседател на Судот. Покрај судскиот совет со одреден број стручни соработници и приправници и најмалку 15 административни - технички работници за функционирањето на Судот со, ваков состав, според сегашната висина на личните доходи потребни се месечно околу 8 милиони денари и околу 4 милиони денари за материјални трошоци или вкупно месечно над 11,5 милиони денари на Република Македонија.

И, ако во организациона смисла прифатиме да имаме вишо јавно обвинителство во Гостивар тогаш можеме да сметаме дека тоа ќе биде над 15 милиони денари ка Републиката. Најголем аргумент е тоа дека ние ви

второстепена постапка немаме денес нерешен предмет, ако има нека повели  нек9ој аргументирано нека го каже.

Што се однесува за функционирањето на самиот модел за организационата поставеност, за забелешките дадени од господинот Арсов можам да кажам дека согласно на Уставот на Република Македонија судовите судат врз основа на Устав, закони и меѓународните договори ратификувани од ова Собрание. Па, и незнам од каде е таа недоверба во судиите дека во Република Македонија не се суди по Устав, Закон и Меѓународни договори донесени од ова Собрание. Можам слободно да кажам дека со предложената организациона мрежа, која ја предвидува новиот закон, ја предвидува заради заштита на;законитоста и уставноста и институционално судење односно двостепено, тристепено, па некаде и четиристепено по заштита по вонредните правни лекови,. а тоа е барање за заштита на законитоста, вонредно преиспитување на одлуките, повторување на постапката и ревизија, кои ги нудуи процесната постапка како вонредни правни лекови сметам дека ваквото квалификувано кажување дека судиите кај нас не судат врз основа на Уставот и законите се неточни и не можеме да ги прифатиме така кажани од оваа говорница, неаргументирани од случај до случај.

Во самата поставеност на овој законски проект не се однесува за функционирањето во процедурална смисла на судовите. Ова е организационен закон кој само предвидува организациона мрежа на судството која ќе овозможи правилно да функционира судскиот систем во Република Македонија.

Беа кажани и наводни видувања во врска со укинувањето на стопанското судство. Можам слободно да кажам дека ние со овој закон не правиме укинување на стопанското судство туку правиме интегрирање на стопанското судство во редовното судство согласно на членот 98 став 3 каде е и основен постилат ние да имаме единствено судство. Аргументацијата беше кажувана скоро низ целата постапка на донесувањето на овој законски проект. Можам слободно да истакнам и од сознанијата и, од читањата, и од аргументациите дека прифаќањето на самите судии за ваквата поставеност на самиот законски проект произлегува дека не е потребно да имаме стопански судови и тоа од следните причини:

Прво, стопанските судови се основани на 2 јули 1954 година со донесувањата на Уставниот закон каде поминавме во работничко самоуправување и општествена сопственост заради заштита на економскиот поредок, трансформирањето на државните арбитражи кои имаа стриктна рака над стопанството, кое тогаш како државно стопанство се развиваше во нашата Република, а и во Бивша Југославија. Со донесувањето на уставниот закон од 19 53 година, к^де имаме модификација на државната сопственост во општествена сопственост, а за мене е само еден повторен облик на државна сопственост, еден модифициран облик на државната сопственост - општествената сопственост за да не ја изгуби државата раката на- таа сопственост ги створи и стопанските судови односно ја трансформираше државната арбитража во стопанските судови по- ради посебно значење на заштита на општествената сопственост и стопанскиот спор, развивајќи го понатаму дури и 1974 година  со Уставот се установува како уставна категорија стопанското судство.

Можам слободно да кажам дека две се надлежностите на стопанското судство. А тоа е субјектната надлежност и предметот на судењето кое го судат. Тоа дека само стопанските субјекти можат да бидат учесници пред стопанските судови Тоа значи напуштање на уставните принципи за подеднаква заштита на граѓанинот пред судовите. Тоа значи дека граѓанинот и не може да го тужи претпријатие, пред стопански суд не може да биде субјект.

Второ, посебно значење се од стварната надлежност а тоа е стопанскиот спор, стопанскиот престап, надомест на штета и поморските спорови. Фактички тоа е и надлежноста на стопанските судови. Тука можам слободно да кажам, и ги проучувавме аналитички, а тоа е дека основните спорови од каде произлегуваат се административни спорови, административни !закони кои го регулираат стопанството. Тоа се 250 закони. кои фактички произведуваат стопански спорови. Ако се определиме согласно на Уставот на Република Македонија да градиме пазарно стопанство

**ТУШЕ ГОШЕВ:** (продолжение)

Ако направиме чиста дерегулација на стопанството од државата, тогаш предметот на стопанските спорови ќе се изгуби. Можам слободно да кажам дека во самата ефикасност на работењето на стопанските судови дека тие се крајно неажурни. Да истакнам дека тие имаат нерешено 110 илјади предмети а тие 110 илјади предмети значат дека, иако продолжиме со таа тенденција на решавање како што сега ги решаваат споровите е потребно три ипол години да ги разрешат сите стопански спорови. Тоа значи губење на значењето на пресудата. Ако некој тужи некого за повеќе милиони денари и после три години добие пресуда тоа значи обезвреднување на самата престаеија. Ве молам, бидејќи веќе имаме изедначување на стопанските субјекти, приватни и општествени, дали еден приватник може да трпи три години да му биде донесена една пресуда и каква ќе биде таа правна заштита на таа сопственост. Сметам дека овој аргумент не држи.

За специјализираноста на судовите можам да кажам дека оваа организациона мрежа обезбедува преку судските одделенија и организационо и функционално судење на стопанското судење. Најголем аргумент е тоа дека сите судии согласно член 15 од Уставниот закон ќе дојдат на реизбор. Која е гаранцијата дека баш тие судови од стопанските судови ќе бидат избрани и ред,други аргументи кои мислам дека во јавната расправа беа надминати и сметам дека повеќе и не постои основ за расправа

Да кажам и тоа дека како пратеник имав видување за постоењето на судските совети. Тоа морам да го кажам затоа што почесто беше експлоатирано тука на говорницата, па можам да кажам дека со учење, со читање, со аргументите, а пред аргументите треба и боговите да ќутат, го

прифативме овој аргумент како што вие во Собранието го прифативте и тогаш.

Што се однесува до кажувањата за дисциплинската одговорност за судиите од страна на господинот Томе Стојановски  универзалната декларација за независно судство предвидува дисплинска одговорност, која е и предвидена согласно членот 48. Во самиот законски проект е предвидена негативна енумерација или предвидување во тотал. Ако примениме позитивна енумерација на повредите кои можат во пракса да настанат, тогаш ќе ни требаат најмалку 500 страни за овој закон за да ги предвидиме сите полесни и потешки дисциплински повреди и тоа согласно на член 104 и 105 од Уставот на Република  Македонија каде основна функција на судскиот совет му е да проценува кој сторил дисциплинска повреда или не. Сметаме дека кажување е непрактично и мислам дека не треба законскиот проект со ваква позитивна енумерација да се обременува.

Исто така да кажам дека и во. постапката пред| дисциплинската комисија имаше забелешки на формирање на дисциплинска комисија пред судскиот совет што не беше прифатена затоа што тој тврди дека е тоа е орган кој се предвидува со законот. Јас тврдам обратно дека е тоа само метод на утврдување на дисциплинската одговорност, а не претставува никаков орган

Што се однесува за навременото донесување и не донесување на самиот законски проект можам да кажам дека сите сме овде одговорни согласно член 7, став 1, алинеја 1,2,3 и 4 каде ги предвидува системските закони да бидат донесени во рок од 6 месеци. Ние сами ги кршиме а сега велиме односно тврдиме дека не е време да се донесе овој законски проект. Една чиста контрадикторност сама на себе.

Ако Република Македонија донесе уставен закон во кој уставен закон предвидува кои законски проекти треба да бидат донесени заради конституирање на самата власт во Републиката и конституирање на самиот политички систем кој го предвидува Уставот на Република Македонија, а сега од свој субјективни видувања да тврдиме дека не е време за донесувањето на еден таков законски проект, мислам дека тоа е противзаконско кажување и нема правен основ во врска со ова предвидување

Исто така да истакнам дека во парламентарните земји пратениците не се амбасадори на непријателски страни во парламентот туку тие се избрани претставници од народот на Република Македонија и треба да имаат заеднички интерес, а не видувањето, на својот политички план како зедначуваат со интересот на народот.

Можам слободно да кажам и тоа дека има поднесено повеќе амандмани и на Собранието му оставам секој амандман мериторно да го цени посебно и сите заедно во една логичка целина, па (кои амандмани ќе бидат прифатени од ова Собрание нека бидат и составен дел на самиот законски проект. Јас пак стојам на тоа дека ако во Република Македонија е конституирана законодавната власт, ако е конституирана извршната власт, а бидејќи не е конституирана судската власт во Републиката не може да постои системот на рамнотежа и кочница. Фактички ние мораме по силна расправа да го донесеме и овој законски проект за да го конституираме и целиот политички систем кој го предвидува самиот Устав.

На крај да кажам оставам на вас пратениците вие да ги цените сите амандмани и предлози и да донесете решение по ваше видување

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Другите излагања на господинот министер што се однесуваа на излагања од други колеги пратеници не сакам да ги елаборирам. Меѓутоа, она што се изнесуваше во делот каде јас говорев ќе кажам Треба да сфатиме дека со Уставниот закон сме задолжени да го донесеме овој закон. Јас таа обврска не ја порекнувам. Меѓутоа, Собранието нема обврска само да донесе закон. Собранието има обврска да води сметка каков закон ќе донесе и што тој закон ќе содржи. Тоа е првиот дел и пратениците нема да одат само по тоа, ако некој нешто предложи тогаш да имаат задолжение да гласаат за него, а да не ја држат својата политичка увереност или своето сфаќање за одреден законски проект. Ова се две начелни работи кои не ги прифаќам, од кои причини:

Говорев од уставната обврска ка Собранието дека кога ќе го донесе законот за судовите да предвиди дисциплинска одговорност.

Кога говориме за една власт, говориме за судска власт ќе мора да водиме сметка и за извршителите на таа судска власт. Извршителите на судската власт се судиите. Тие затоа што работат по позитивно законодавство, ние не прифативме обичајно законодавство па да бараме негативно предвидување на одговорност. Мораме да имаме позитивна одговорност. Човек на кој ќе му се понуди извршување на судската функција тој мора да знае позитивно што е пропишано во време на водење и извршување на таа функција што ќе го подведе под некоја си одговорност, што не.

Тврдењето на господинот министер дека над 500 члена, ние имаме кривичен законик општ и посебен дел. И двата немаат толку. Предвидено е се што не треба да биде, а повредите во работата со извршувањето на судската должност кои ќе водат на негово недостоинство да ја врши таа

должност ќе имаат ониe само што ќе претставуваат тешка повреда а не и секоја. Да не бидам фигуративно разбран, дали ние на судијата ќе му бараме одговорност зошто дошол со фармерки или со класично палто или обратно, дали носел вратоврска или не носел, дали бил долго или кратко потстрижан, дали носел прстен на една рака или на двете раце и сл. Ако вака одиме навистина ќе го задоволиме вкусот на господинот министер. Меѓутоа, основните начела односно одговорности за тешка повреда на дисциплинската одговорност на судијата извршител, ако сакаме да имаме цврста власт судска мора однапред да се знае и да се пропише

Господа, министерот говореше дали се работи за метод или орган. Ако се работи за метод се пропишува методот,како се по него работи, а ако се донесуваат одлуки тогаш нема меток, има само орган и органот без разлика што законот помина овде јас и натаму останувам на тоа дека судскиот совет е орган, а дека е орган баш и овој предлог на закон сега му дава на него за право од општо начело' да произведува по одредени одговорности за секој судија. Тој да донесува одлука да има повреда и да ја утврдува повредата. Баш со ваква одредница ние го задоволуваме старото правило "кадија те тужи, кадија те тужи". Затоа кажувам дека овој закон со вакви одредби во овој момент не е за донесување и јас ќе гласам против него.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Прво да кажам дека ја прифативме универзалната декларација за независно судство и го цитирам членот 48 каде е буквално пропишан од универзалната декларација а кој гласи: "судијата извршува потешка дисциплинска повреда што го прави недостоен за вршење на судската функција, кога ја злоупотреби судската функција". Тоа значи дека не кога е со фармерки со прстен или со нешто друго, туку кога ќе ја злоупотреби судската функција, со што се нарушува неговиот углед  на неговата

самостојност и независност. Тоа е декларација прифатена од универзалната декларација за независно судство. Оттука сметам дека господинот Томе има некои свои видувања кои се надвор од таа декларација.

Пред малку заборавив да кажам и тоа дека забелешката на членот 5 каде кажуваме дека имаме слободно судиско убедување. Да ви кажам дека во историјата на правото постојат две теории и тоа законска оценка на доказите и слободна судиска оценка на доказите. Како што предлага господинот Томе Стојановски законска оценка на доказите тоа беше теорија пред XIX век, на инквизицијата. Оваа теорија е веќе надмината со либералната теорија за правење на независно судство и сега сите судии во светот судат на основа на слободна судиска оценка. Ако прифатиме .т:!аква формулација тогаш ние можат да влијаат не можеме да имаме слободно судство во Република Македонија.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ**

Последното кажување на министерот за бришење на зборот - слободна судиска оцена на доказите намерно го наметнав затоа што односно поради постоење ан одредниците од предложениот закон во член 28 и 29 каде предвидува формирање на совети и кои ќе влијаат на тоа како некој не треба да мисли. Затоа во самиот закон имаше две решенија. Ако не се согласува мислењето на судијата со мислењето на советот нема да се извршува. Тоа е едно. Меѓутоа, она од декларацијата што го споменува тоа е начелно решавање, тоа е рамковниот однос во кој се пропишува што кој ја претставува. Нормално кога одиме на теоријата што претставува прекршок, што претставува дисциплинска повреда и што претставува кривично дело дека постојат теории кога едното, кога другото постои. Ако постои едно од овие, било кое мора да го има битието. Ова е начело. Нека го најде

Господинот министер што во член 48 на него му претставува битието на дисциплинската одговорност. Што е битието што треба да се повреди. Јас реков фармерки и прстени итн., а дали ако поинаку некој судија мисли од ставот на советот дали тогаш не е повреда што чини потешка повреда на работната должност. Затоа треба ова децидно да се каже што тој може да направи. Вториот дел дека ќе врши други функции, а во самиот закон кажува дека судската функција е неспоива со друга функција. Ако било кој тоа да го направи на него веднаш ќе му престане судската функција затоа што генерално е предвидено со Уставот, не е споива оваа функција и не може да биде тешка повреда на работната должност. Тоа е уставна одредба, не може да врши функција и нема одговорност.

**ГОРГИ КОТЕВСКИ:**

Почитувани дами и господа,. со оглед на тоа што долго време помина во донесувањето на овој закон па се случија многу работи Господинот Тупе Гошев кога почетно беше даден овој закон во процедура овде во Собранието беше пратеник и во својство на пратеник имаше одредени аргументи, ако не и точно овде на оваа говорница во поглед на овој закон. А по истекот на ова долго време бидејќи долго го носиме овој закон и преку него се гледа и нашата целокупна работа колку ефикасно работиме во овој Парламент, сега од името на неговото министерство и од Владата ни се нудат сосема други аргументи.

Јас излегов само со една цел да расчитам една дилема сама за себе како човек и пратеник во овој Парламент.

Кога пратеникот Туше Гошев на оваа говорница по истиот овој закон многу аргументирано дискутираше во поглед на опстанокот на стопанските субјекти, а за кои јас исто така имав некои сознанија не како стручњак туку за други стручни лица од Битола каде што сум и изгласан како пратеник има такви сознанија и нормално во таа  ситуација како пратеник јас го поддржав.

Но, ќе биде вредно да се истакне што пратеникот Туше Гошев истакнал на таа седница. Јас ги имам пред себе неговите изјави и еве што истакнал, да видиме кои се неговите јаки аргументи бидејќи тогаш имавме компетентна Влада и контра на таа компетентна Влада многу компетентно и аргументирано истакна; Во Белгија трговски и работни судови, во Австрија трговски и работни судови, Данска трговски и помошни работни судови, Финска управни судови како посебни судови, Франција трговски судови, Грција сметководствени судови, Холандија даночни, чиновнички и социјални судови, Индија даночни, аграрни и работни судови, Либија даночни , работни, трговски, Луксембург трговски итн.

За да биде уште поверодостојно она што го изнесуваше како пратеник тој има и завршен збор во неговата дискусија и вели: "Со Нацрт на законот на судовите се дава целокупна судска првостепена работа во надлежност на секој суд било тој да е мал, среден или голем и тоа од општа надлежност од укинатите судови на здружениот труд, воените судови и сега стопанските судови; СО .таква огромна надлежност ќе се создаде хаос и застој во работата на судовите што ќе има штета и одраз врз работата на стопанството. Оттука предлагаме бидејќи е нацрт на закон повторно да се разгледаат тие прашања и доколку се размисли и најде решение стопанските судови повторно да бидат како специјализирани судови". Ова е еден плус аргумент во овој парламент дека за нашиот изговорен збор на оваа говорница треба секогаш да водиме сметка и дека во овој парламент се се запишува и се се снима Тоа е и еден добар знак и предзнак какво е нашето двојно однесување и како луѓе и како пратеници. Во одредена ситуација, во одредена политичка игра кога сакаме некој закон да не се донесе можеме да изнесеме едни аргументи, а во друга ситуација кога ќе се најдеме во позиција на луѓе кои треба да бидеме одлучувачки фактор или

оној кој го изготвува законот да дадеме друга аргументација и всушност во мат позиција да ги ставиме сите оние пратеници кои не се доволно компетентни или доволно стручни релевантно да говорат или да достават амандмани за измена и дополнување на овој закон. Тоа е уште еден аргумент како одредена група на пратеници се однесуваат двојно и двоен морал. Навистина еднаш за секогаш треба да ни престане во практиката и работата на овој Парламент зошто верувајте јас често пати дискутирам дека таквите конфронтации и таквите взаемни подметнувања не водат кон напредок и не водат кон заокружување на македонската уш државност и донесување на нови системски закони. Еве уште еден еклатантен пример како тоа ни се случува и можеби ќе ни се случи со донесувањето или недонесувањето на овој закон. Затоа тежината на зборот секогаш треба да се цени кога се изговара. Таа има тежина на оловно зрно и треба да внимаваме и не; како пратеници или во друга ситуација како министри за еден исклучително мал период да укажеме дека толку сме прочитале, толку сме се надградиле научно па да донесеме една нова аргументација овде во Парламентот.

**НАИМ СЕЛМАНИ:**

Мислам дека секој пратеник има право да го штити својот став,. меѓутоа овој парламент е повикан рационално и ефикасно да одлучува. Според тоа и опозицијата која што се залага за чување на личности на судии, а не за ново поставување на судот, а исто тоа го прави и министерот за правосудство кој што без никакви аргументи сака денеска да не убеди дека тоа што е предложено е тоа не е сигурно, интимно тој мисли поинаку

Образложениeто дека ќе треба доколку се формира Виши суд во Гостивар дека ќе треба да има 7 нови суди, дека ќе треба да има ,два нови судски совети, дека ќе има 15 правници, незнам што кажува, дека ќе треба 12 иљјади денари или во марки изразено сам и така убеден 10 иљјади марки и сл., дека Окружниот суд досега е ажурен суд и дека нема потреба за нов суд, ако е така господине министер па тогаш дај да направиме само во Скопје да има суд, зашто да има во Штип и Битола. Уште ќе бидеме поефикасни, тоа апсолутно не е аргумент и образложение дека тоа е така.

Друго дека ќе има 7 судии и слично да не повторувам уште еднаш, па вие со новата реорганизација кога веќе нема да постои ни Стопанскиот суд, ни Судот за здружен труд па ние ќе имаме иљјади и иљјади правници без работа. Ако тоа било причина денеска во Гостивар има сигурно преку 50 луѓе невработени правници и дури што ќе останат сега со новата реорганизација без работа. Јас се согласува тој да го штити својот став било како, но би требало тоа да биде принципиелно, но не дадава овде аргументи како ние да сме деца. Па сега Вие ќе не убедувате, а Вие од вчера се занимавате со правосудство и со право воопшто.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (не)

Му даваме збор на министерот Туше Гошев.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Убаво е кога човек се надградува и кога смета дека треба да направи најдобро за Македонија не наметнувајќи ги сопствените интереси, бидејќи Законот е општо правно правило, а не инструмент за острвување на нечии интереси, па оттука јас сметам дека токму ова Собрание го прифати овој концепт, да нема Стопански судови и мислам дека во оваа конотација секоја дискусија е нерационална

И, втора што сакав да кажам на крај, Вие сите имате на вашите кажувања поднесено амандмани. Собранието му оставам мериторно да ги расправа сите амандмани. Кој амандмани ќе бидат прифатени од Собранието нека бидат составен дел 'и на овој закон. нема ништо што не е предвидено со амандмани што вие овде. го истакнувате. Па, според демократскиот принцип, односно мнозинскиот принцип на Собранието на гласањето прифатете ги или не ги прифаќајте овие амандмани. Јас повторно предлагам Вие да го донесете законот бидејќи концепциски немате ништо ново него што сте кажале во самите ваши амандмани. А, вашите амандмани се денеска на расправа

**СТОЈАН АНДОВ**

Дали уште некој бара збор

Ако никој не бара збор тогаш го заклучувам општиот претрес

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот

Владата на Република Македонија поднесе амандман на член 2 став 1; Член 5 став 1; член 7 член 11 став 2, член 14 став 2; член 19, членовите

21 и 22; член 33 став 1, 2 и 3 и за донесување нов став 4; член 38, член 45, член 48, член 52, член 60, став 1 и 2; член 62 за внесување нов член 63; член 65 и член 69 и тие се составен дел на текстот на предлогот на законот.

Пратеникот Тодор Петров поднесе амандмани на член 19 став 4, член 58, член 59 став 1 и член 60 став 3 со кои се согласила Владата и те се составен дел на текстот на предлогот на законот.

Пратеничката група на РСМ- Либерална партија поднесе амандман за додавање нов член 40 со кој се согласила Владата на Република Македонија и тој е составен дел на текстот на предлогот на законот.

Законодавно - правната комисија поднесе амандмани на член 26 став 1,член 45, член 58 и за додавање нов став 2 по ставот 1 со кој се согласил претставникот на предлагачот и те се составен дел на текстот на предлогот на законот

Пратеникот Тодор Петров поднесе амандмани на насловот, на член 3 на член 6 за додавање нов став 2, за додавање нов член 7а, член 9 за додавање нов став 1, член 10 став 4 , член 11 став 1, член 13 став 1 и 2, член 35 став 1, член 39 став 1, член 56 за додавање нов став 1 и на став 1, член 63 и член 64 за додавање нов став 3.

Пратеникот Благој Тошев поднесе амандман на член 38

Пратеникот Горѓи Котевски поднесе амандмани на член 6 за додавање на нов став 2, за додавање нов член 17а, за додавање нов член 18а, член 19 став 1 точка 1, за додавање нов член 19а, за додавање нов член 21а, член 54 став 1, за бришење на членовите 61 и 63 и на член 64 став 2.

Пратеников Газменд Ајдарага поднесе амандмани на член 18 точка 1 и член 18 точка 2.

Пратеничката група на РСМ - Либерална партија поднесе амандмани на член 17, член 19 став 3, член 19 став 4 и за додавање член 19а.

Комисијата за општествено политички систем поднесе амандмани на член 23 за додавање нова алинеја 8а, член 26 став 2, член 38, член 65 став 3 и член 67.

Пратеничката група на Илинден - Слободни демократи поднесе нов амандмани на член 6 за додавање на нов став 2, за додавање на нов член 7а, член 9 за додавање нов став 1, член 35 став 1, член 39 став 1, и член 64 за додавање нов став 3 .

Пратеничката група на ПДП поднесе амандман на член 1 став 1, а Законодавно правната комисија поднесе амандмани за бришење на член 30 и на членовите 54 став 1 и 55 став 1 со кој Владата не се согласила односно не се произнела.

Пратеникот Љубисав Иванов поднесе амандмани на член 6 член 17а, за додавање нов став 2, член 17 за додавање на нов член 17а, за додавање нов член 18а, на член19 став 1, член 19 за бришење на став 3, за додавање нов член 19а, за додавање нов член 21а, член 54 став 1 за бришење на член 61, за бришење на член 64 и на член 65 за бришење на став 2

Пратеникот Џеладин Мурати поднесе амандмани на член 18 став 1 за додавање нова точка 4 и член 18 точка 1 и 2.

Пратеникот Драги Арсов поднесе амандмани на член 1 член 3, член 7, член 19, член 21 точка 1 и член 22, точка 1 и 3 и став 2.

Пратеничката група на РСМ - Либерална партија поднесе амандман на член 39 со кој не се согласила Владата на Република Македонија.

Пратеникот Томислав Стојановски поднесе амандмани на член 5 и на член 29 по кој Владата на Република Македонија не се произнесе

Товарам претрес по амандманот на насловот поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Молам кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака

За амандманот гласаа 10 пратеници

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на насловот поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Отворам претрес по амандманот на член 1 поднесен од Молам кој бара збор

**ДРАГИ АРСОВ:**

Почитувани пратеници, со овој амандман предлагам на членот 1 од Законот да се менува и да гласи "со овој закон се уредуваат видовите, надлежноста, основањето, укинувањето и организацијата на судовите како единствена, се определува подрачјето и седиштето на судовите и се утврдуваат условите и постапката за избор и разрешување на судовите и судиите поротници". Во прилог на овој предлог сакам да напоменам дека тој во согласност со член 98 од Уставот на Република Македонија посебно со ставот 5 и има за цел да се нагласат точно утврдените прашања кој треба

да бидат уредени со овој закон. Имено станува збор за следните прашања: Видот на судовите, условите за нивното укинување како и за тоа дека организацијата на судството е единствена. Така како што гласи всушност во Уставот имено Уставот ако го погледаме токму тој член 9 8 точно предвидува дека видовите, надлежноста, основањето, укинувањето, организацијата и составот на судовите како и постапката преку нив се уредуваат со закон и затоа инсистирам со овој закон токму таквата уставна формулација да биде вградена, се разбира тука и организацијата на судовите како единствена како што се предвидува со ставот 3 од членот 98 од Уставот.

Со амандманот на тој начин сметам дека ќе се отстранат одделни нејаснотии што можат да настанат во концепцијата на идното законодавно уредување во областа на судството, во поделбата на државната власт во смисла на член 8 став 1 алинеја 4 од Уставот и од тие причини најприфатлив е предложениот текст на Законот од страна на предлагачот бидејќи со член 1 не се уредени спомнатите прашања. Имено, со овој закон мора согласно со членот 98 од Уставот јасно да се уреди и одговори на следните прашања: Дали покрај утврдените видови на судовите во Законот можат да се формираат евентуално со друг закон и друг вид на судови? Дали утврдената организација во судовите во овој закон е единствена во Републиката како што тоа го бара и членот 98 став 3 од Уставот или тоа не е регулирано

И на крајот дали само со овој, Закон се уредуваат прашањата и условите за укинувањето на судовите во смисла на член 89 став 5 од Уставот и зошто тоа не е уредено со овој закон итн.

Од тие причини определбата за видовите на судовите, нивното укинување како и нивната единствена организација инсистирам да се уредат со овој член и да бидат предмет на овој член тој е предмет и на овој закон согласно со спомнатиот член 98 став 5 од Уставот.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Во однос на амандманот на пратеникот не прифатлив е амандманот 1 за востановување на нов член 1, со оглед на тоа што членот 1 од Предлогот на законот за судовите целосно е заснован врз членот 98 став 5 од Уставот на Република Македонија и тоа во однос на основањето, организацијата, надлежноста и другите прашања што според спомнатата Уставна одредба треба да се уредат со закон. Покрај тоа за да биде јасно дека со овој закон/се определуваат и видовите на судовите кој можат, да се основаат според член 98 на Уставот на Република Македонија.

Видовите на судовите с е предвидени во членот 6 на Предлог на законот и според оваа одредба судовите се основат како основни, виши и врховен- суд на Република Македонија. Со тоа се обезбедува единственоста на организацијата во судството во Републиката утврдено во член 98 став 3 од Уставот на Република Македонија. Затоа и не е потребно во членот 1 да биде изрично нагласено како што е тоа дадено во заградата на амандманот дека е тоа единствена организација на судството. Она што е речено во Уставот не е потребно само да се повторува. како што се предлага во конкретниот случај со амандманот, доколку повторувањето не е за острвување на некоја посебна функција

Во членот 6 на Предлогот на законот за судовите ексциплитно се нагласува дека судовите се основаат како основни, виши и врховен суд на Република Македонија и овие судови ја претставуваат и извршуваат судската власт. Затоа не е нужно покрај нивното изрично наведување да се нагласи тоа дека ја претставуваат единствената организација на судството во Републиката.

**ДРАГИ АРСОВ:**

Почитувани пратеници, јас не би се согласил со ваквото образложение што го даде господинот министер затоа што тој зборува за членот 6 односно каде што станува збор за основање на судовите а во Уставот изричигро стои дека со Закон се уредуваат видовите на судовите. Затоа видовите на судовите и основањето на судовите не е вакви и онакви.

А, со членот 6 каде што го наведува господинот министер станува збор за оснвоање и тоа дека тие наводно се основни, виши судови, Врховниот суд итн.. што во никој случај за мене не е прифатлива една таква аргументација оти уредувањето е едно а основањето на судовите е, друго* И затоа инсистирам на овој член предложен со амандмани кој воопшто не е спорен со членот 6кој што нешто сосема друго регулира односно тој се однесува на нешто што треба да биде основано, а не во однос на нешто што треба да биде уредено.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Овој единствен закон кој ги предвидува сите судови треба да се прави разлика измеѓу установување и основање. Во правната теорија установување значи нешто друго, а основањето значи нешто друго. Со овој Закон се прави и установување и основање. Установување што предвидуваме, а основање дека ќе ги основаме овие судови.

**СТОЈАН АНДОВ**

Дали уште некој бара збор? (не)

Бидејќи никој не бара -збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање

Кој е за молам да крене рака

За амандманот гласаа 30 пратеници

Констатирам дека Собранието го усвои амандманот на член 1 поднесен од пратеникот Драги Арсов

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 3 поднесен од преатеникот Тодор Петров.

Мола, кој бара збор? (никој):

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (13 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои Амандманот на член 3 поднесен,од пратеникот Тодор Петров,

Отворам претрес по амандманот на член 3 поднесен од пратеникот Драги Арсов.

Молам, кој бара збор.

**ДРАГИ АРСОВ:**

Со овој амандман на членот 3 инсистирам по зборот "субјекти" да се додаде нов текст кој гласи: "утврдени со Уставот во постапка заснована на: начелата на приоритет и итност”, а потоа текстот на реченицата во продолжение да остане така како што е предложен од предлагачот. Зошто инсистирам да се додаде овој нов што со овој предлог практично се усогласува текстот на овој член со Законот кој го почитува членот 50 став 1 од Уставот во кој станува збор за оние слободи и права што се утврдени со Уставот дел III, точка 1, 2 и 3 како и усогласување со истиот член од Уставот дека таквите права и слободи се штитат во постапка засновани врз посебни начела што не е безначајно Затоа што ако го погледнеме токму членот 50 од Уставот на Република Македонија и спомнатиот дел II точката 1, 2 и 3

токму тие точки точката 1 ,се однесува на граѓанските и политичките слободи и права, точката 2 на економски, социјални и културни права и точката 3 е сврзана со гаранциите на основните права и слободи. Од тие причини како што реков се залагам да се додаде тој текст затоа што на тој начин ќе се утврдат токму тие права што се предвидени со Уставот во постапка заснована на начелата на приоритет и итност.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (17 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои Амандманот на член 3 поднесен од пратеникот Драги Арсов.

Отворам претрес по Амандманот на член 5 поднесен од пратеникот Томислав Стојановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе по овој амандман.

**ТУШЕ ГОШЕВ**

Јас веќе дадов едно образложение. Не може да се прифати затоа што законска оценка на доказите е право,. метод на XIX век каде признанието на два сведока е кралица на судењето. Сега е прифатен во поновата теорија слободната судиска оценка. Оттука сметам дека тоа треба да се одбие.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Не знам дали се работи за лапсус, или нешто друго. Тука не се предвидува законска оценка на докази, туку судска. Тоа е едно. Како што и

министерот рече дека еднаш одговорил, јас и во одговорот на неговите наоди реков дека овој амандман е од принципиелнсот поставен, а не од некоја друга работа. Да укажам на противречноста помеѓу членот 5 и одредбите во член 29 каде се говори за немање на слобода во оцена на примената на Законот. Кога се говори за слободна оцена на докази, тогаш се формира и слободно се утврдува и фактичката положба. Тие два основа се и основ за примена на законот. Ако се стави на еднострано ограничување тогаш апсолутно доаѓа ограничувањето на другата страна, односно и на слободната примена на законот. На граѓанинот покрај слободната оцена на доказите од страна на судот е апсолутно потребно и слободната примена на Законот, да законот нема форми по кои ќе се. пропишува како ќе се примени Законот. Затоа јас реков овој Амандман е поставен само да се задене расправија околу член 29. И штом министерот останува на тоа дека треба да остане оваа одредба како што е јас поставениот амандман го повлекувам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 6 за додавање нов став 2 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (12 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 6 за додавање нов став 2 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Отворам претрес по Амандманот на член 6 за додавање нов став 2 поднесен од пратеникот Горги Котевски.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот  по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (16 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои Амандманот на член 6 за додавање нов став 2 поднесен од пратеникот Горги Котевски.

Отворам претрес по амандманот на член 6 за додавање  нов став 2 поднесен од пратеничката група на Илинден – слободни демократи

Молам претставникот на Владата да се произнесе по овој амандман.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Не го прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ;**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање,.

Кој е за, молам да крене рака? (4 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 6 за додавање нов став 2 поднесен од пратеничката група на Илинден – слободни демократи.

Отворам претри по амандманот на член 6 за додавање нов став 2 поднесен од пратеникот Љубисав Иванов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Владата не го прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање,.

Кој е за, молам да крене рака? (11 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 6 за додавање нов став 2 поднесен од пратеникот Љубосав Иванов.

Отворам претри по амандманот на член 7 поднесен од пратеникот Драги Арсов.

Молам кој бара збор?

**ДРАГИ АРСОВ:**

Според овој амандман во членот 7 предлагам зборовите "даваат иницијатива за поведување11 да се заменат со зборовите: "можат да поведат", а потоа продолжението од .текстот до крајот на реченицата да остане. Во прилог на ваквиот амандман сметам дека е потребно да кажам дека одредени субјекти што ќе се јават во својство на покренувачи на иницијативата, или на овластени предлагачи за поведување на постапката за оценување на уставноста и законитоста на одредени општи акти секако ќе биде прашање кое најверојатно ќе биде уредено со некој друг акт, а во конкретниот случај мислам дека тоа ќе биде со акт на Уставниот суд предвиден во членот 113 од Уставот. Со овој амандман се укажува на една недоследност во уредувањето на ова прашање со овој закон. Имено во членот 7 станува збор за иницијатива, а во член 23 алинеја 2 на истиот овој

закон во прашање е предлог за поведување на постапка на Врховниот суд пред Уставниот суд. Затоа членот 7 и членот 23 треба начелно да се усогласат според амандманот. Во прилог на овој предлог треба да се има предвид и решението од поранешниот Устав каде со член 429 точно се утврдуваше кои субјекти можат да дадат иницијатива, пред Уставниот суд а кои 10 субјекти можат да поведат постапка за оценување на уставноста и законитоста пред Уставниот суд. Затоа инсистирам овој предлог, односно предлогот со овој амандман да биде прифатен затоа што тука станува збор за две различни работи кои што треба да бидат усогласени.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање;

Кој е за молам да крене рака? (19 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 7 поднесен од пратеникот Драги ,Арсов.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 7-а поднесен од пратеникот Тодор Петров.;

Молам, кој бара збор?

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Со амандманот се предлага додавање нов член 7-а после членот 7 кој гласи "судовите редовно и постојано, а најмалку еднаш годишно го информираат Собранието на Република Македонија за својата работа, примената на законите и состојбите во судството и за други прашања од општо значење забележени во нивната работа. Владата овој амандман го одбива, односно не го прифаќа со оглед на барањата според нејзино

мислење за доследна примена на поделбата на власта и функционирањето на судството како самостојно и независно.

Лично сметам поднесувајќи го овој амандман дека постоењето на судовите не претставува цел сама за себеси и тие не се надвор од системот иако власта е поделена. Пред се судиите ги избира ова Собрание и нема никаква спротивност во заложбата што е предложена со амандманот во Законот за судовите да се утврди обврската судовите да го информираат Собранието за својата работа, примената на законите и состојбите во судството за да може Собранието соодветно и на предлог на Владата да преземе соодветни мерки за санирање на одредени состојби, или за измена и, дополнување, или донесување на нови решенија во поглед на законите од надлежноста на Собранието како законодавно тело. Лично сметам^ дека нема спротивност со независноста на судството, а пред се би рекол не со независноста, туку со професионалнсота на судовите. И затоа сметам дека не е амандманот за додавање нов член после членот 7 во содржина која што ја прочитав во спротивност... со членот.. 98 „за самостојност. и независност на судовите, напротив тоа претставува само уште една потврда дека независно од поделбата на власта, дека секоја власт судската, законодавната и извршната не функционираат како цел сами за себе, туку во меѓусебна соработка се информираат за состојбите од нивната надлежност. Затоа предлагам Собранието да го прифати овој амандман.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Веднаш да кажам дека овој амандман е спротивен на членот 8 став 1, алинеја 4 и на членот 98 став 1 од Уставот на Република Македонија, бидејќи. ако на крајот на амандманот биде "Собранието на Република Македонија ги разгледува извештаите и информациите на судовите и по нив донесува заклучоци” бидејќи Уставот кај нас прифати стриктна поделба

на власта и мислам дека овој амандман е спротивен на Уставот на Република Македонија.

**ТИТО ПЕТКВОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот  по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?(21 пратеник)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за додавање нов член 7-а поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член  7-а поднесен од пратеничката група на Илинден Слободни демократи.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе по амандманот.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Владата не го прифаќа.

**ТИТО ПЕТКВОСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Почитувани пратеници, во името на групата на социјалистичката партија на пратениците предлагаме> пратениците кои имаат поднесено одредени амандмани, а истите ги имаат образложено претходно и доставени се до сите пратеници, а во меѓувреме имаме и одговор на Владата, повторно да не се јавуваат за збор ако немаат нешто додатно да кажат како нови аргументи. Во интерес на рационалното користење на времето, а во меѓувреме сите ние пратениците сме ги прочитале тие образложенија на амандманите и ако нема навистина нешто ново, мислам дека само губиме време. Инаку јас како пратеник веќе имам став по одреден амандман и одреден одговор на самата Влада.

**НИКОЛА КРСТЕВСКИ:**

Овој предлог не е за прифаќање, директно ограничување на правата на пратениците. Ова ме е повод само да дополнам. Ние амандманите ги кажуваме по име и презиме кој ги поднесува тоа е најспоредната работа. Треба содржината на амандманот да се прочита и да се изјаснуваме по содржината, а не по имињата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор? (не бара)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Молам, кој е за да крене рака. (12)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за додавање нов член 7-а поднесен од Пратеничката група Илинден - Слободни демократи.

Отворам претрес по амандманот на член 9 за додавање нов став 1 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Молам, кој е за да крене рака. (11) {

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 9 за додавање нов став 1 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Отворам претрес по амандманот на член 9 за додавање нов став 1 поднесен од пратеничката група на Илинден - Слободни демократи.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе по амандманот,

Констатирам дека Владата не го прифаќа амандманот.

Молам, дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака. (3)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 9 за додавање на нов член 9 поднесен од пратеничката група на Илинден – Слободни демократи.

Отворам претрес по амандманот на член 10, став 4 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Молам, кој бара збор?

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Во членот 10, во ставот 4, како што е предложено, се предлага

Собранието да ги утврди критериумите за определување на бројот на судиите и го определува бројот на судиите за секој суд во РМ. ;

Имајќи предвид дека членот 1 од Предлогот на законот се наведува дека со овој закон се утврдуваат условите и постапката за избор и разрешување на судиите и судии поротници, сметам дека неоправдано не се вметнати судиите поротници и затоа амандманот што го предлагам се однесува на решението, според кое после зборот "судиите ",во првиот и третиот ред се додаваат зборовите "и судиите поротници", така што целиот став би гласел:

Собранието на РМ утврдува критериуми за определување на бројот на судиите и судиите поротници и го определува бројот на судиите и судиите поротници за секој суд во РМ".

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали Владата го прифаќа амандманот? (не го прифаќа).

Дали уште некој друг бара збор? (не бара).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот, и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака.(18)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 10 став 4 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Отворам претрес по амандманот на член 11 став 1 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Информиран сум дека пратеникот Тодор Петров го повлекува амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 13 став 1 и 2 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака. (11)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 13 став 1 и 2 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Отворам претрес по амандманот на член 17 поднесен од пратеничката група на РСМ - Либерална партија.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за амандманот? (22)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 17 поднесен од пратеничката група на РСМ - Либерална партија.

Отворам претрес по амандманот на член 17 поднесен од пратеникот Љубосав Иванов.

Молам претставникот на Владата да се произнесе по поднесениот амандман. (Претставникот на Владата не го прифаќа амандманот)

Има збор господинот Љубосав Иванов.

**ЉУБОСАВ ИВАНОВ:**

Бидејќи член 6 став 2 не е прифатен од Собранието, ги повлекувам сите други амандмани.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Немаме претрес по овој амандман бидејќи е повлечен.

Отворам претрес по амандманот за додавање на нов член 17-а поднесен од пратеникот Ѓорѓи Котевски.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака. (12)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за додавање нов член 17-а поднесен од пратеникот Ѓорѓи Котевски.

Отворам претрес по амандманот на член 18, точка 1 поднесен од пратеникот Газменд Ајдерага.

Молам кој бара збор?

**ГАЗМЕНД АЈДЕРАГА:**

Моето залагање за прифаќање на овој амандман базира на премисата прифатена од нашето општество, а тоа е прифаќање нас пазарните законитости односно пазарната економија. Оттаму апелирам на Владата да го прифати амандманот, бидејќи со негово прифаќање во практиката го прифаќа и делувањето на пазарните законитости водејќи сметка и за економичноста на спорот, што со предложениот амандман се обезбедува.

Наиме, ако една странка од дебарска општина води спор во второстепена постапка во Вишиот суд во Скопје, поради поволните сообраќајни врски со Скопје и обратно нема потреба да прави трошоци за спиење во Скопје. Ако води спор во второстепена постапка во Вишиот суд во Битола, поради нерешените сообраќајни врски ќе мора и да преспие во Битола, а со тоа се зголемуваат трошоците на постапката, што во случајов значи непочитување на пазарните законитости.

Тоа што Владата вели дека законот води сметка за рамномерноста на ангажираноста на вишите судови и широчината на подрачјето на Вишиот суд во Скопје и Битола, таквото тврдење јас не го прифаќам и е неаргументирано. Уште повеќе ако се знае дека^Вишиот суд во Скопје, односно другите судови што ќе згаснат имаат доволно судии за судење на предмети од Основниот суд во Дебар.

Ако се има намера да се вработат нови судии во Битола, тоа е сосема друго прашање што треба посебно да се елаборира од Владата. Ако пак некој вели дека ние ирационално ги браниме амандманите односно законите што ги предлага Владата, незнам што ќе биде и со какви рационалности да го бранам јас овој  амандман.

Заради ваше запознавање да кажам дека Дебар е оддалечен од Скопје 136 км. а од Битола 155 км., што значи 19 км. Битола е подалеку од Дебар.

Второ, од Дебар за Скопје има 7 поаѓања автобуски, колку што има и од Скопје за Дебар. За Битола има само едно поаѓање и од Битола само едно поаѓање за Дебар и тоа само 5 пати во текот на неделата, од понеделник до петок.

Трето, Дебар го врши снабдувањето во Скопје, а не во Битола. Ова е плус бидејќи може да се искористи друго превозно средство поради економизирање со семејниот буџет.

Незнам дали се потребни други рационалности. Во текот на денешната расправа министерот за правосудство неколку пати се обиде да даде одредени појаснувања за некои дилеми што произлегуваат од денешната расправа.

По мое слободно убедување за одредени работи придонесе за расчистување на истата. Меѓутоа, ако е тоа така за некои работи, во случајов на мојата изборна единица не е воопшто одржливо. Впрочем, како може тоа да биде така, ако ниту еден аргумент не оди во корист на понуденото решение.

И, да завршам со зборовите што ги изрече министерот за правосудство кога рече пред аргументите и боговите молчат. Во случајов, кој треба да молчи.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Мислам дека ако колегата го погледнал членот 19 ќе видел дека целата првостепена надлежност е дадена на Основниот суд, а второстепената надлежност е само решавање по жалби и нема потреба од патувања. Тие се писмени, а се поднесуваат преку пошта. Нема потреба од трошење. Токму напротив, оваа организација на судот дава

порационалност и поекономичност на граѓаните.

**МУХАМЕД ХАЛИЛИ:**

Се согласувам со министерот дека нема потреба за патување и го поддржувам неговиот предлог да заштедиме 30 мил. денари со укинување на вишите судови во Штип и Битола.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ова не е амандман.

**ГАЗМЕНД АЈДЕРАГА:**

Јас мислам дека дадов доволно аргументи а и покрај тоа министерот не молеше. Добро, тоа е негово право.

Повторно апелирам и молам сите пратеници навистина за ова да се изјаснат во смисла да го прифатат предложениот амандман. Ако некаде се зборува, односно има оправдување од страна на Владата дека еве сега се сака да се прави нешто со некој друг суд во случајот мислам дека никакво оправдување нема.

Молам, претставникот на Владата така да се произнесе и воопшто да не гласаме и да помине како составен дел на законот,

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали претставникот на Владата се согласува? (Не се согласува)

**НАИМ СЕЛМАНИ:**

И во моето излагање кажав како треба денеска воопшто да изгледа едно правосудство и кој се основните принципи. Меѓутоа, образложението на министерот дека тоа нема врска, нема странките да патуваат, тоа не е точно. Денеска, ако во Окружен суд ако не одиш 20 пати по еден предмет, тој нема воопшто намера да се врати назад, ќе спие таму каде што е,

Меѓутоа, она што вели дека тоа воопшто нема врска, има 150 км. повеќе, тоа малку ми личи кога порано ги имавме оние паралелки мешовити, па нема потреба, а тоа беше за нови вработувања на македонците, вие тоа го правите денеска. Нема никакво друго образложение, освен тоа. Ова исто ми личи на оние мешовити паралелки. Кај може Дебар за прв пат во својата историја да оди во Битола кога немам никакви аргументи за тоа. И далечината и комуникацијата и географската положба на градот и слично и семејните односи што Дебар ги има со Скопје. Тоа не е ништо друго туку е тоа мешана паралелка што беше своевремено. Со такви образложенија мислам дека тоа е неодржливо.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (не бара)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот,

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. (36)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на членот 18 точка 1 поднесен од пратеникот Газменд Ајдерага.

**ГАЗМЕНД АЈДЕРАГА:**

Нешто како да не беше во ред со броењето, а бидејќи имам поддршка од 20 пратеници, молам да се изврши поединечно гласање.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, со кревање рака да се утврди дали има поддршка од 10 пратеници.(Пратениците креваат рака).

Констатирам дека предлогот е поддржан од 10 пратеници.

Го молам секретарот на Собранието да ги прочита имињата на пратениците да гласаат.

Ве молам за тишина за да може секретарот да ги слушне одговорите,

**ИГОР СПИРОВСКИ:** (Ги чита имињата на пратениците за поединечно гласање - прилог).

**СТОЈАН АНДОВ:**

Гласале 48 пратеници, 12 биле против, 14 се воздржале

Констатирам дека Собранието го усвои амандманот на член 18 точка 1 поднесен од пратеникот Газменд Ајдарага

**ГАЗМЕНД АДАРАГА**

Со оглед на тоа што овој е прв амандман на ПДП што помина вака на ова Собрание, јас лично ги честам сите пратеници по едно кафе.

(Ве молам, да одиме на пауза до 15,00 часот).

По паузата

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да продолжиме со работа.

Отворам претрес по амандманот на член 18 точка 1 и 2 поднесен од пратеникот Џеладин Мурати

Молам, кој бара збор?

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ :**

Амандманот што го предлагам за член 18, став 1 гласи: Во членот 18 точка 1 зборовите Дебар, Кичево, Струга се бришат и во точка 1се формира виш суд во Гостивар за подрачјето на основните судови во Гостивар, Тетово, Кичево, Дебар и Струга.

Јас сметам дека сите сте го прочитале образложението, а во кое стои дека овие претставуваат географска целина, комуникациски, автобуски, железнички се меѓу себе поврзани и гравитираат кон Тетово, односно Гостивар во правец на Скопје.

Со формирањето на овој виш суд се обезбедува економичност во работењето во материјалните трошоци, а што е побитно се обезбедува една рамномерност по број на жители. На пр. Вишиот суд во Битола опфаќа 5 основни судови со околу 334 илјади жители, Вишиот суд во Скопје опфаќа 10 основни судови со приближно 900 илјади жители, Вишиот суд во Штип би опфатил 9 основни судови со приближно 347 илјади жители и Вишиот суд во Гостивар би опфатил 5 основни судови со приближно 441 илјада жители.

Јас не сум задоволен од мислењето на Владата по однос на амандманот кој предлага 4 основни елементи, односно тие четири основни елементи се услов за неприфаќање на амандманот, а тоа е прво дека за основање на овој суд се потребни најмалку 7 судии вклучувајќи го и

претседателот, а јас се прашувам зарем во пет основни судии во Гостивар, Тетово, Дебар, Кичево и Струга не можат да се најдат 7 судии квалитетни, образовани способни да раководат и да судат.

Второ, дека се потребни стручни соработници и приправници, зарем во 444Д00 жители не можат да се најдат 15 и неколку соработници приправници и дали нема потреба за вработување на млади кадри кога такви кадри чекаат за вработување во СИЗ-овите за вработување.

Трето, дека најмалку потребни се 15 административно - технички работници, што ги има доволно, колку што сакаме, а интересот е да се вработат такви кадрови и четврт елемент дека месечно треба над 11 милиони денари, за сите овие вработувања.

Јас сметам дека "овие аргументи не се одржливи за основање на овој суд, но овие аргументи потврдуваат нешто друго, што овде не се споменува, no може да се претпостави дека постои недоверба во судиите од тој крај.

Второ, постои страв од критериуми во судењето.

Трето, страв дека таму ќе треба да има судии албанци, што потполно не е точно и страв од вработување на нови кадри

Јас не апелирам да се усвои амандманот, зашто со апели сме сите сити, но барам рационално и политичко размислување и парламентарен разговор со сила на аргументи. Сметам дека само тој што има муви во глава може да сфати дека овој Виш суд во Гостивар или во Тетово ќе биде албански суд. Не господо, тоа е суд на Република Македонија каде ќе има и албанци и македонци и други, а ќе се суди според Уставот, законите и сите позитивни акти кои се на сила во оваа Република Македонија. Токму од тие

причини предлагам  да се води расправа и со сила на аргументите да се прифаќа амандманот.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ**

Дами и господо, овдека во поткрепа на предлогот, односно на амандманот за отворање на Виш суд во Гостивар се нудат како докази дека имало доволен број на предмети, а се оспорува ставот на Владата дека немало потреба, поправо ќе имало големи издатоци и каде е смислата што ќе треба да се ангажираат 5, 6 7 или 10 судии и соодветен број на стручни соработници,па на тоа да се додаде и уште бројот на другиот технички персонал и сл. Во отворање на судови на ниво на надлежност, односно на ниво на виша надлежност не се оди по број на предмети,, се запазува една организација од која се гледа дали досегашната или предложената. ќе имаат поинаков третман, или поинакви резултати од овие што се постигнуваат. Тоа е првиот дел и начелното како втор дел дали постојната организација трпи во работата да не се решаваат предлозите. Јас ќе бев присталица на овој амандман, ако некој ме увереше овдека дека од постојната организација на вишите судови е пречка за ефикасно работење на вишите судови. Ние такво уверување не добивме, дали затоа предлагачот на законот или навистина положбата е таква да нема квалитетни недостатоци во решавањето на предметите, или пак некој само сака тоа да го направи и свесно дека овој елемент им пречи па не се обраќаат ова да го анализираат.

Во една таква конотација сметам дека сегашната организација на вишите судови е доволна за разрешување на предметите од прв степен во Република Македонија. Иако настанат квалитетни измени и во поглед на видот и организацијата на судовите ова не може да биде пресудена таканаречена работа, значи со тек на време ако се создадат такви услови

дали ова Собрание во овој состав, или Собранието ќе постои во друг состав, ќе се согледаат тие потреби и тогаш ќе се менува. Затоа во овој момент сметам дека овој амандман не треба да се прифати.

**НАИМ СЕЛМАНИ:**

Дами и господо, не излегов со намера тука да инсистирам некој да го менува мислењето, после неговиот став. Инаку, практично сите овие наши барања по една фарса си одат така како што си одат. Меѓутоа, да дискутира еден правник како што е колегата Стојановски дека предметите се решаваат благовремено и дека сегашната организација пречи, односно не ја наметнува потребата да има виши судови дајте да направиме една реформа во Скопје, зошто да има други виши судови, ако е тоа една од причините и ако Скопје ги решава 75% од предметите, тогаш останува на Битола 13%, а на Штип останува 12%. Од тоа ќе произлезе после дали ќе треба да имаме 3 или повеќе судови. Јас уште еднаш апелирам до сите демократски пратеници овде. Тука се гледа, а јас и во моето уводно излагање кажав дека тој суд да биде поефикасно организиран, да биде порационален, се согласувам потполно во тоа и дека во Судот не треба да влијае потполно дневната политика За жал, денеска ако констатираме дека тоа е така, за жал не е така. Да можат обични општини да имаат, ние во Тетово и Гостивар имаме обични села такви. Само да споиме две, три села ќе го добиеме Штип. Меѓутоа, уште еднаш апелирам. Дајте да мислиме ефикасно, рационално и начелно тоа да го решиме вака. Мислам дека во крајна линија ќе го кажам и тоа што го каша потпретседателот на Собранието. Не сакам него да го повторувам. Се добива едно неповерение према другите судии кои што евентуално би биле таму поставени. Токму

судиите да ви кажам од албанска националност кои што се во Тетово проверете ги предметите што ги судат тие судии од таа националност ќе видете дека воопшто тука ништо не фали во постапката, а не за другите судии.  Ако малку се вратиме назад да видиме во минатото кои судии беа во притвор ставени, заради мито и корупција, дали беа албанци дали беа други. Дајте тоа да провериме ако имате такви сознанија. Мислам дека тоа е аргумент, Тетово, односно Гостивар и порано имаше околиски суд, па и до вчера беше суд на здружен труд. Апсолутно се согласувам со она што го кажа потпретседателот на Собранието дека тука се работи за една недоверба. Сигурно дека тука ќе треба и цели децении некого во Парламентот да го увериме дека и ние можеме да судиме. Со ова не сакам да прејудицирам дека тој тоа ќе биде. Ние ќе треба да вработиме 7 судии. Само во Скопје ќе има 200 судии без работа, а да не речеме во други градови. Мислам дека ова е едно рационално барање. Овој амандман треба да се усвои, ако навистина сме во коалиција бидејќи да не излезе она што рече пратеникот Абдурахман позицијата ја брани опозицијата итн.

**ХАМИД АЛИУ:**

Господа пратеници, јас мислам дека овој амандман треба да се прифати од следниве причини, а ќе се поврзам со зборовите на господинот министер.

Прво, ако е интерес на државата тогаш и овој регион треба да се развие затоа што 50 години од овој регион само се земал данок на промет, а ништо не е инвестирано, ниту од економски аспект, ниту од правен аспект.

Второ, ако е поголема застапеноот, поголемата застапеност, ако ја знаеме географијата и сите параметри, тогаш се знае од ко^а причина треба овде да се има во Гостивар Вишиот суд

Трето, јас мислам дека сите судии и сите администрации од Буџетот, а ние минатата седница го имавме ребалансот на Буџетот, сите пратеници го примиле материјалот за ребалансот на Буџетот од каде се финансира. Значи ако овде не сме свесни во интерес на државата да се развие и овој регион, тогаш само сакаме да земаме профит, односно само данок на промет што практично и не сме реални со тој данок на промет.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?(Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот. Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. (19).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 18 точка 1 и 2 поднесен од пратеникот Џеладин Мурати.

Отворам претрес по амандманот на член 18 точка 2 поднесен од пратеникот Газменд Ајдарага. (Го повлекува).

Отворам претрес по амандманот на член 18 став 1 поднесен од пратеничката група на ПДП.

Молам, претставникот на Владата да се произнесе по амандманот. (Амандманот е ист).

Дали некој бара збор?

**ЗОРАН КРСТЕВСКИ**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, излегов само да афирмирам по ставот на пратеничката група на Реформските сили - Либерална партија и да укажам токму на таа контрадикторност која по овој амандман и воопшто оваа позиција на вишите судови се заговара.

Имено, сите светски стандарди на организацијата на судскиот систем укажува дека ние навистина имаме една широка дисперзија и по број на судови и по број на судии, Оттука, радикалното поимање на реформата во судството требаше да подразбира и радикално зафаќање во бројот на судовите и бројот на судиите,. Друго е прашањето на ефикасноста, друго е прашањето на организација на судската власт, бидејќи во овој момент судовите не само што; ја остваруваат судската власт туку тие и многу администрираат. Оттука логиката беше иако воопшто како Парламент, како законодавен орган требаше за нешто да се бориме, тоа беше да се намалат бројот на судовите и во тие рамки и оваа. второстепена инстанца, односно вишите судови. Оттука, надвор од секаква логика е да се зголемува бројот по било какви регионални принципи за воспоставување на виши судови во Република Македонија. Меѓутоа, нашата пратеничка група цени дека сепак во оваа фаза на промена и осамостојување на судството со овој Парламент повеќе и не може затоа гласа за законот.

**СТОЈАН АНДОВ**

Дали уште некој бара збор? Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот. Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. (21)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 18 поднесен од пратеничката група на ПДП.

Отворам претрес по амандманот на член 18 став 1 за додавање нова точка 4 поднесен од пратеникот Џеладин Мурати. (Повлечен е).

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 18-а поднесен од пратеникот Горги Котевски.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање

Кој е за, молам да крене рака. (19).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за додавање нов член 18-а, поднесен од пратеникот Горги Котевски.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 18-а, поднесен од пратеникот Љубосав Иванов. (Го повлече).

Отворам претрес по амандманот на член 19 став 1 точка 1 поднесен од пратеникот Горѓи Котевски.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. (14).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 19 точка 1 поднесен од пратеникот Горѓи Котевски.

Отворам претрес по амандманот на член 19 за бришење на ставовите

3 и 4 поднесен од пратениците Ефтим Манев, Гулистана Марковска и Тодор Петров.

Ве молам една од нашите пратенички го менува презимето, па нека и е со среќа бракот. (Аплауз).

**СТОЈАН АНДОВ:**

Го молам претставникот на Владата да се произнесе по амандманот.

Претставникот на Владата не го прифаќа Дали уште некој друг бара збор?

Господин Манев.

**ЕФТИМ МАНЕВ:**

Почитувани пратеници, амандманот кој е поднесен на член 19 со кој предлагаме да се избришат ставовите 3 и 4 се од правна природа. Во суштина материјалниот дел од законот не се менува со ништо. Предлагаме амандман два во кој содржината на ставовите 3 и 4 кои се бришат да бидат во член 21 како точка 3 и нов став 2. Ова го правиме од причини што како би успеале стварната надлежност на судовите, основните судови да биде еднаква во сите основни судови. Инаку како што е дадено во членот 19 се дискриминираат одредени основни судови каде што имаат помала надлежност отколку основните судови во Битола, Штип и Скопје. Сметам дека овој амандман го подобрува и текстот, ја подобрува правната природа на законот и јас би го замолил дури и министерот да го прифати овој амандман, бидејќи во суштина ништо не се менува Ги молам пратениците, сепак да гласаат за овој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ми соопштуваат дека Владата овој амандман не го прифаќа

Дали уште некој друг бара збор? (никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (пратениците креваат рака)

39 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 19 за бришење на ставовите 3 и 4 поднесен од пратениците Ефтим Манев, Гулистана Марковска и Тодор Петров.

Отворам претрес по амандманот на член 19, став 3, поднесен од пратеничката група на РСМ - Либерална партија.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (пратениците креваат рака)

15 пратеници гласаа за

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 19 став 3 поднесен од пратеничката; група РСМ - Либерална партија

Отворам претрес по амандманот на член 19, .став 4 поднесен од пратеничката група РСМ – Либерална партија.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (пратениците креваат рака)

21 пратеник гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 19 став 4 поднесен од пратеничката група на РСМ – Либерална партија

Отворам претрес по амандманот на член 19 поднесен од пратеникот Драги Арсов.

Молам, кој бара збор?

За збор се јави господинот Арсов

**ДРАГИ АРСОВ:**

Во почетокот на првиот став на овој член 19, предлагам зборовите "за заштита на човековите права", да се заменат со нов текст кој гласи "за заштита на слободите и правата на човекот и граѓанинот, како и на другите правни субјекти утврдени со Уставот, а доколку не се во надлежност на друг суд или орган". Потоа при крајот на овој став по зборот "незаконито", да се додаде зборот "неуставно". Понатаму, зборовите "во управните работи", се бришат и се заменуваат со нов текст кој гласи "извршено од овластено лице, од државните органи и други институции кои вршат јавни овластувања и други правни лица, а кога за тоа не е обезбедена друга правна заштита." Во прилог на овој амандман сакам да истакнам дека предложениот текст има за цел прецизно да ја определи надлежноста на овие/судови, т.е. на основните судови во однос на заштитата на слободите и правата на органите утврдени со Уставот во смисла на член 50, став 1 од Уставот, бидејќи овде станува збор за со Уставот наведените слободи и права. Во спротивно доколку остане предложената законска формулација односно само заштита на човековите права како што е наведено од страна на предлагачот во број член таа формулација сама за себе ништо не значи, нејасна е и конфузнаво однос на заштитата утврдена во член 3 на овој закон во која не е определена надлежноста на ниеден суд

Вториот дел од амандманот има за цел точно да прецизира за какви дејствија и од страна на :кои субјекти истите треба да бидат земени и под кои услови може да бара за нова судска заштита. Со други зборови оваа надлежноста досега беше дадена на окружниот суд, а својата генеза ја

извлекуваше од член 67 на постојниот закон за управните спорови. Доколку остане пред- ложената формулација од предлагачот, мислам дека ќе биде неупотреблива конфузна и нејасна во нејзината практична примена. Затоа инсистирам овој амандман да биде прифатен.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој друг бара збор?

Министерот овој амандман не го' прифаќа

За збор се јави господинот министер

ТУШЕ ГОШЕВ:

Амандманот 4 не е прифатлив од следните причини. Во членот 19 од предлог на законот на судовите не се прецизира надлежноста на судовите, туку тоа е линија што го определува што го определува делокругот на работа на судовите. Во тие рамки со процесните закони што треба да се донесат ќе се,; прецизира надлежноста во одделни области. Како што е познато претходниот текст на оваа одредба прецизно ја утврдуваше надлежноста ка судовите. Меѓутоа во расправата по тој (текст беше заклучено дека надлежноста во овој закон не треба прецизно да се определува. А вака како што е дадена сега одговара,на својата основна намена. Тоа беше дали да искористиме техника на позитивна еномерација или во негативна во тотал или глобал како што предвидовме донесувањето на законот за нотарските работи одземање од судовите надлежност давање на други јавни служби што ќе ги предвидиме со законот за нотарските работи.

Што се однесува до вториот дел на амандманот истиот, исто така е неоснован со оглед на тоа што делокругот од членот 19 се однесува на уставните судови. Со оглед на тоа што тие се генерално првостепени

надлежни во сите области, освен за решавањето во управните спорови кога е тоа определено во законот што е во надлежност на врховниот суд на Република Македонија согласно на членот 22 точка 3 од законот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање

Кој е за, молам да крене рака? (пратениците креваат рака)

27 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на членот 19 поднесен од пратеникот Драги Арсов.

Отворам претрес по амандманот со додавање на нов член 19-а поднесен од пратеничката група на РСМ - Либерална партија.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (пратениците креваат рака)

16 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот со додавање на(нов член 19-а поднесен од пратеничката група на РСМ - Либерална партија.

Отворам претрес по амандманот ,за додавање на нов член 19 поднесен од пратеникот Горѓи Котевски.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот  по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Молам, кој е за, нека крене рака? (пратениците креваат рака

24 пратеници гласаа за

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за додавање на нов член 19-а поднесен од пратеникот Горѓи Котески.

**ГОРГИ КОТЕСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 21, точка 1 поднесен од пратеникот Драги Арсов.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи Никој не бара збор, го заклучувам претресот по  амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене ,рака? (пратениците креваат рака)

20 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот,на член 21, точка 1 поднесен од , пратеникот Драги Арсов.

Отворам претрес по амандманот на член 21 став 1 за додавање на нова трчка или за додавање на нов став 2 поднесен од пратениците Ефтим Манев, Гулистана Марковска и Тодор Петров. Го молам претставникот на Владата да се произнесе по амандманот.

Претставникот на Владата не го прифаќа амандманот.

Дали некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (пратениците креваат рака)

27 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не; го усвои амандманот на член 21 став 1 за додавање на нова точка 3 и' за додавање нов став 2 поднесен од пратениците Ефтим Манев, Гулистана Марковска и Тодор Петров

Отворам претрес по амандманот за додавање на нов член 21-а поднесен од пратеникот Горѓи Котески.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, нека крене рака? (пратениците креваат рака)

7 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за додавање на нов член 21-а поднесен од пратеникот Горѓи Котески.

Отворам претрес по амандманот на член 22, точка 1 и 3 и став 2 поднесен од пратеникот Драги Арсов.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. (пратениците креваат рака)

27 пратеници гласаа за

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 22, точка 1 и 3 и став 2 поднесен од пратеникот Драги Арсов.

Отворам претрес по амандманот на член 23 за додавање нова алинеја 8-а поднесен од Комисијата за општествено – политички систем.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање член 23 за додавање нова

Кој е за, молам да крене рака? (никој не крева рака)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 23 за додавање нова алинеја 8-а поднесен од Комисијата за општествено - политички систем.

Отворам претрес по амандманот на член 26 став 2 поднесен од Комисијата за општествено - политички систем.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (1)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 26 став 2 поднесен од Комисијата за општествено – политички систем.

Отворам претрес по амандманот на член 29 поднесен од пратеникот Томислав Стојановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе по амандманот.

Претставникот на владата , не го прифаќа амандманот

Дали. некој друг бара збор?

Господин Стојановски бара збор?

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитувани колеги, член 29, јас реков е во колизија со одредбата од член 5 од овој закон. Кога се говори дека судиите судат слободно и слободно го применуваат законот, оваа одредба јасно кажува што треба да биде. Вели "на седницата на судското одделение се разгледуваат прашања од интерес за работа на сите совети односно судии што се во состав на одделението, особено во однос на примена на законите во соодветни области и воедначувањето на судската пракса и унапредување на методот на работата. Седницата на судското одделение секогаш се свикува кога ќе се утврди дека во примената на законот постои несогласност помеѓу одделни совети во одделението или кога ^некој од советите отстапи од усвоеното правно сфаќање." Каде ќе најдеме сега креативност на судијата

ако вакви одделенија постојат и му одредат рамки како ќе се применува и толкува законот. Тогаш имаме тотална зависност и тогаш се создаваат условите генерално да се одговара онаму во 48 кога вели дека судијата кога ја злоупотреби судиската функција, значи судиската функција ќе може да ја злоупотреби кога не постапува по ставовите на судските совети. Во тој случај генерално му го скратуваме правото на размислување. Каков е тој судија кога ќе суди по туѓи уверувања. Каков е тој судија кога ќе суди по сваќање на други, а говориме за самостојност на судството. Самостојноста на судството се состои кога судијата, тој што го извршува, извршителот ја креира законитоста, односно примената на законот. Поради ова јас си давам да се измени овој член, да има колегиуми на кои ќе се расправаат ставовите по! однос на ова еден со друг да се договараат како ќе се применува,  меѓутоа, без да се има некој а обврска.

С П И С О К

на пратениците во Собранието на Република Македонија според азбучен ред на презимињата

| | |
|---|---|
| 1. ФАИК АБДИ | за |
| 2. ГАЗМЕНД АЈДЕРАГА | за |
| 3 . ХАМИД АЛИУ | за |
| 4. ЕШРЕФ АЛИЈУ | за |
| 5. СТОЈАН АНДОВ | за |
| 6. ГОЦЕ АНДОНОВСКИ | против |
| 7. МИТКО АНАСТАСОВСКИ | не е тука |
| 8 ТИМЕ АНДОНОВ | воздржан |
| 9. НИКОЛА АПОСТОЛОСКИ | не е тука |
| 10. ДУШКО АРСОВСКИ | за |
| 11. ДРАГИ АРСОВ | против |
| 12. БРАНКО АРСОВСКИ | за |
| 13. ЛАМБЕ АРНАУДОВ | воздржан |
| 14. ЈОРДАН БОШКОВ | не е тука |
| 15. ГОРГИ БОЈКОВСКИ | воздржан |
| ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ | не е тука |
| 16. АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ | не е тука |
| 17. ПЕТАР ГОШЕВ | не е тука |
| 18. ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ | против |
| 19. ДРАГИ ГР03ДАН0ВСКИ | не е тука |
| 20. САНДЕ ДАВЧЕВ | воздржан |
| 21. ДИМИТАР ДИМИТРОВСКИ | не е тука |
| 22. ТОДОР ДИМОВ | воздржан |
| 23. ДОСТА ДИМОВСКА | против |
| 24. РАТКА ДИМИТРОВА | не е тука |
| 25. ПЕТАР ЃОРЃИЕВ | против |
| 26. БОРКО ЃОРЃЕСКИ | не е тука |
| 27. ДУШКО ЃОРЃЕСКИ | не е тука |
| 28. ЗУДИ ЕМИНИ | за |
| 29. ЈОРДАН ЗАФИРОВ | за |
| 30. ГОРАН ЗАФИРОВСКИ | не е тука |
| 31. НАСЕР ЗИБЕРИ | за |
| 32. ВАСИЛ ЗИМБАКОВ | за |

| | |
|---|---|
| 33. ВАНЧО ЗЛАТАНОВ | за |
| 34. БОРИС ЗМЕЈКОВСКИ | не е тука |
| 35, СИМЕОН ИВАНОВСКИ | за |
| 36. ЉУБОСАВ ИВАНОВ | не е тука |
| 37. ЈАКИМ ИВАНОВСКИ | воздржан |
| 38. ИВАН ИВАНОВ | против |
| 39. ЉУПЧО ЈАКИМОСКИ | не е тука |
| 40. ЦВЕТАН ЈОВЧЕСКИ | не е тука |
| 41. РИСТО ЈОВАНОВ | за |
| 42. ГУЛИСТАНА ЈУМЕРОВСКА | за |
| 43. РИСТО ЌЕЛЕШОВ | не е тука |
| 44.ТАШКО КИРОВ | не е тука |
| 45. ЗОРАН КИТЕВ | не е тука |
| 46. КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ | не е тука |
| 47. ГОРГИ КОТЕВСКИ | не е тука |
| 48. СТОЈАН КОВАЧЕСКИ | не е тука |
| 49. ЗОРАН КРСТЕВСКИ | не е тука |
| 50. НИКОЛА КРСТЕСКИ | за |
| 51. БИЛЈАНА ЛАЗАРЕВСКА | не е тука |
| 52. ВЕЦКО ЛИЧОСКИ | против |
| 53. КОЛЕ ЛУЛОВСКИ | не е тука |
| 54. ФЛОРЕ МАСАЛКОВСКИ | не е тука |
| 55. ЈОВАН МАНЧЕВСКИ | воздржан |
| 56. ЕФТИМ МАНЕВ | за |
| 57. СТРАШО МИЛКОВСКИ | не е тука |
| 58. ПАНЧО МИНОВ | против |
| 59. МАРИН МИЛЕНКОСКИ | не е тука |
| 60. ВЛАДИМИР МИТЕВСКИ | воздржан |
| 61. ТРАЈАН МИЦЕВСКИ | против |
| 62. ВАНЧО МЛАДЕНОВ | за |
| 63. ЏЕЛАДИН МУРАТИ | за |
| 64. АВДИ МУРТЕЗАНИ | за |
| 65. НАИФ МУСТАФА | за |
| 66. СИМОН НАУМОВСКИ | не е тука |
| 67. ПАНЧЕ НАСЕВ | не е тука |
| 68. СЛАВЕ НАУМОВСКИ | не е тука |
| 69. БОГДАН НЕДЕЛКОВСКИ | не е тука |

| | |
|---|---|
| 70. ДУШАН НИКОЛОВСКИ | против |
| 71. ЈОВАН НИКОЛОВ | не е тука |
| 72. ТОДОСИЈА ГАУНОВ | за |
| 73. МИХАИЛ ПАНОВСКИ | не е тука |
| 74. ТОМИСЛАВ ПЕЦАКОВ | не е тука |
| 75. ТИТО ПЕТКОВСКИ | воздржан |
| 7б. ТОДОР ПЕТРОВ | за |
| 77. МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ | за |
| 78. ДИМИТАР ПОПОВСКИ | не е тука |
| 79. КИРО ПОПОВСКИ | за |
| 80. ЉУБОМИР ПОПОВСКИ | не е тука |
| НИКОЛА ПОПОВСКИ | за |
| 81. ШАБАН ПРЕВАЛА | за |
| 82. ИСМЕТ РАМАДАНИ | за |
| 83. БОЖО РАЈЧЕВСКИ | за |
| 84. ИВАН РАМБАБОВ | не е тука |
| ШУКРИ РАХИМИ | за |
| 85. НЕИМ СЕЛМАНИ | за |
| 86. ФЕРИД САДИКУ | за |
| 87. НАУМ СИМЈАНОВСКИ | не е тука |
| 88. АЦО СПИРОСКИ | не е тука |
| 89. РИСТО СТАНКОВСКИ | за |
| 90. НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ | за |
| 91. СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА | за |
| 92. НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ | за |
| 93. СТОИЛЕ СТОЈКОВ | воздржан |
| 94. ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ | воздржан |
| 95. РИСТО СТАМЕНОВ | не е тука |
| 96. ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ | воздржан |
| 97. ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ | |
| 99. ПЕТАР ТЕМЕЛКОВСКИ | не е тука |
| 100. ГОЦЕ ТЕМЕЛКОВСКИ | воздржан |
| 101. БЛАГОЈ ТОШЕВ | против |
| 102. ПЕТРЕ ТРАЈАНОСКИ | не е тука |
| 103. ПЕТРЕ ТРАЈКОСКИ | не е тука |
| 104. ДИМИТАР ТРПЕНОСКИ | против |
| 105. ДУШАН ТРПЧЕВСКИ | не е тука |

| | |
|---|---|
| 106. АГИМ ФАЗЛИУ | за |
| 107. АЛЕКСАНДАР ФЛОРОБСКИ | не е тука |
| 108. БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ | за |
| 109. АБДУРАХМАН ХАЛИТИ | за |
| 110. СЕФЕДИН ХАРУНИ | за |
| 111. МУХАМЕТ ХАЛИЛИ | за |
| 112. СТОЈМИР ЦВЕТКОВСКИ | за |
| 113. НЕЏАТИ ЏАФЕРИ | за |
| 114. АЛИЛ ЏАФЕРОСКИ | за |
| 115. ВЕБИ ЏЕМАИЛИ | за |
| 116. БЛАГОЈА ЧКАТРОСКИ | воздржан |
| 117. ХИСНИ ШАКИРИ | за |

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ**: (Продолжение)

Тоа е креирање. Дека е така го докажувам со фактот што во членот 30 веднаш говори. Кога во решавање на конкретен случај Советот на второстепениот суд донесе одлука која не е во согласност со правното сфаќање на друг совет, сега се оди уште пошироко во одделението претседателот на Судот или одговорниот судија на одделението може да определи да се запре со доставување на преписот на одлуката и несогласноста да се расправа на седницата на одделението.

Став.2 кога на седницата на одделението се зазема став спротивен на ставот на Советот што ја донел одлуката Советот е должен предметот повторно да го решава. Што!ќе направиме тука. Зошто се овие вметнувања ако не е ограничување

Овде сака^е една практична работа, рационалност во спроведувањето на ОВОЈ закон да има смисла да се донесува. само се обременуваат органите кои ќе имаат некои одлуки, меѓутоа, крајно да не се прифаќаат. Затоа нека бидат само колегиумите кои ќе расправаат за практичната примена на одредени закони за тековната работа и слично. Во тоа е моето противење со овој текст на предложениот закон и го нудам амандманот

Ве молам прифатете го, оние кои се бават со правосудство разбираат што значи ова ограничување, оние кои не,ќе мислат дека е направен голем чекор напред, меѓутоа, ако остане вака не е чекор туку една година назад.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор министерот Туше Гошев

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Напротив, станува збор за судско воедначување односно доследна примена на правните правила и норми. Судењето мора да се заснива на два принципа, а тоа е по законитост и по праведност. Законитоста значи совесна и доследна примена на сите правни правила. Неодреден број на случаеви со исти битни обележја утврдени во тие правни правила. Под праведност значи оној кој,го применува правото во еднакви случаеви да постапува еднакво. Фактички одделенијата ќе значат воедначување на судската практика, судските одделенија подеднакво да го применуваат/правото, а тоа значи под принципот на праведност, а никако не значи .одлуката на Советот дека е мериторна односно одлуката на одделението дека е мериторна одлука на Советот. Тоа е само една проверка судијата пак самостојно да ја донесе својата одлука

**СТОЈАН АНДОВ:**

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (41)

Дали има некој против? (26)

Дали некој се воздржува од гласање? (22)

Значи, за амандманот гласаа 41 пратеник и констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на членот 29, поднесен од пратеникот Томислав Стојановски.

Отворам претрес по амандманот за бришење на членот 30 поднесен од Законодавно - правната комисија

Го молам претставникот на Владата да се произнесе

Значи не се прифаќа.

Дали некој бара збор?

Има збор господинот Стојановски

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Незнам што да кажам дали да се прифати или не, меѓутоа треба да се води сметка за она за што се гласа .Овде се бара практично во членот 30, јас го читав еднаш, господа се ограничува правото на судијата да размислува како човек. Се ограничува правото на судијата да пресудува. Ние сакаме независно судство, а на секој судија му формираме поп на глава. Сакаме да правиме унифицираност. Земете го последниот став кога на седницата на одделението се зазема став спротивен на ставот на Советот што ја донел одлуката, Советот е должен повторно да решава. Што ќе се прави сега, што :се постигнува, што е практичниот дел. Ако овој совет пак донесе своја одлука, до кога ќе се игра пинг-понг. Истото  одделение ќе каже пак не се согласуваме, пак ќе заседаваат, па до кога? Нема решение. Кое е практичното решение? Ќе беше добро ако се кажеп1е при повторно ли, или ако не се заземе став се дели мислењето на Советот или при повторно или по трет пат ако се изнесот, ќе биде самостојно да решава. Овде останува отворено прашањето и затоа ова го сметаме како непотребно и Законодавно - правната комисија целосно застана, немаше издвоено мислење и се поставува прашањето што ќе биде со овој член сега не го прифаќаат Министерството, меѓутоа, зошто и како, не дава образложение. Меѓутоа, ве молам нека каже што се очекува од оваа работа да се реши?

**СТОЈАН АНДОВ:**

Во врска со. ова и јас би поставил прашање дали има некаде искуство, дали постојат вакви односи меѓу одделенија во светот?

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Сигурно има. Тука станува збор не е членот во таа конотација во која сака да се прикаже. Фактички на овој начин се обезбедува единството во примената на Законот и законитоста во работата на судовите, а никако не значи ограничување на судијата мериторно по сопствено убедување да донесе пресуда. Никако. Тоа значи само уште една проверка за воедначување и единство во примена на законите и законитоста.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој збор?

Има збор господинот Халити.

**АБДУРАХМАН ХАЛИТИ:**

Многу блиска ми е идејата за целосно бришење на членот 30 токму од причините што ги &аведе министерот, а тоа е формулацијата на членот во решавање на конкретен случај упатува на сите докази и аргументи што ги наведе колегата* Стојановски. Јас сум за тоа да се изнајде критериум, сум* за тоа да се изнајде механизам за изедначување на судската практика, меѓутоа, не низ конкретен случај, туку низ конкретни случаи

Инаку, тука доаѓаме навистина во ситуација кога еве викаме на седница на одделението ќе се заземе став спротивен на ставот на Советот што ја донел одлуката и Советот е должен предметот повторно да го решава. Токму тука се судруваме со правилото во членот 5. Слободно судиско уверување, оценка на доказите итн. Мислам дека со едно подобрување на формулацијата, со ваква формулација ќе направиме многу поголема грешка ако го усвоиме вака одошто ако се брише. Треба да се обмисли некоја друга формулација која ќе обезбеди изедначување на судската практика, но. не на овој начин. Инаку, бидејќи немам конкретен

амандман, се придружувам на идејата членот целосно да се брише како непотребен.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам, да крене рака? (58)

58 пратеници гласаа и констатирам дека Собранието го усвои амандманот за бришење на- членот 30, поднесен од Законодавно - правната комисија.

Отворам претрес по амандманот на членот 35, став 1 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Молам, кој бара збор?

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Во членот 35 се зборува за времето на изборот на претседателот на судот и можноста повторно да биде избран на истата функција.

Со амандманот кој го предлагам, барам Собранието да го поддржи решението со кое ќе се прифати одредбата во членот 35 да гласи

"Претседател на суд се избира под услови во постапка и на начин како што се врши изборот на судија за време од 6 години од редот на судиите на тој суд, со можност на истата функција да биде избран најмногу два пати едно по друго." Тоа значи зборовите "и може повторно да биде избран", да се заменат со зборовите "со можност на истата функција да биде избран најмногу два пати едно по друго".

Владата во своето, образложение не го прифаќа овој амандман од причини што смета дека е спротивна ваквата формулација определбата на

Уставот со која се овозможува судиите да бидат избирани без ограничувањето на траењето на мандатот, меѓутоа, сметам дека токму заради тоа што и Владата мисли дека претседателот на Судот е само прв меѓу еднаквите и како таков приоритетно ја врши и функцијата на судија. Предлагам сепак да се прифати решението претседателот на судот, иако претходно мора да биде избран и мора да биде судија, да има можност да биде избран на истата функција најмногу два пати едно по друго за да навистина сите судии кои судат во еден суд да можат да ја почувствуваат еднаквоста помеѓу нив дека и тие односно било кој од нив може да ^а врши функцијата претседател на судот. Затоа предлагам можноста за избор на претседател на судот да биде ограниченач на многу два пати едно по друго

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

Има збор госпоѓа Марковска

**ГУЛИСТАНА ЈУМЕРОВСКА-МАРКОВСКА:**

Почитувани пратеници, мислам дека амандманот заслужува внимание од причина што се вели дека претседателот на судот може да биде избран за претседател два пати едно по друго. Периодот од 12 години навистина не е мал за да еден претседател на суд се докаже како добар, меѓутоа, на стана она што беше речено дека се овозможува на сите судии да имаат можност да бидат избрани за претседател на судот, бидејќи тоа е сепак почесна и одговорна функција, а од друга страна се оневозможува уште на старт некому обезбедиме занимање однос но професија претседател на судот доживотно односно од крајот на својот мандат при работењето.

Мислам дека овој амандман заслужува внимание и бара Собранието да го прифати.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот

Амандманот го ставам на гласаше.

Кој е за молам да крене рака? (46)

46 пратеници гласаа за амандманот. Дали има против? (24)

Има вкупно 89 пратеника

Дали има воздржани (16)

Од вкупно 86 пратеници, 46 гласаа за и констатирам дека Собранието го усвои. амандманот на членот 35 став 1 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Отворам претрес по амандманот на членот 35 став 1, поднесен од Пратеничката група на Илинден - Слободни демократи.

Амандманот се повлекува

Отворам претрес .по амандманот на членот 38 поднесен од пратеникот Благој Тошев.

**БЛАГОЈ ТОШЕВ:**

Почитувани пратеници, кога го донесувавме законот за Јаваното обвинителство, го разгледувавте и мојот амандман на членот 26 од тој закон кој во потполност беше идентичен со амандманот поднесен од матичната комисија, т.е. Комисијата за општествено – политички систем. Исто така мојот амандман беше поддржан и од Законодавно - правната комисија и покрај ваквата состојба, за жал, амандманот не беше прифатен.

Претпоставувам дека дел од вас почитувани колеги не ја сфативте суштината на тој амандман

Денеска разгледуваме еден многу важен закон кој всушност претставува основ за судската власт. Од содржината на тој закон зависи

како ќе функционира таа власт. Токму заради тоа молам на овој закон да му обрнеме посериозно внимание отколку на Законот за јавното обвинителство. На овој закон поднесов амандман на членот 38, нагласувам дека на мојот амандман идентичен и амандманот на матичната комисија. Комисијата за општествено - политички систем, а истовремено мојот амандман беше поддржан и од ЗПК. Сето ова јасно зборува за сериозноста на мојот амандман.

Во оваа прилика поддржувајќи го во целост мојот амандман на членот 38 од Законот за судовите би сакал да се осврнам на некои моменти кои сметам дека ќе дадат појаснување на мојот амандман.

И покрај тоа што предлагачот на Законот за судови Министерството за правосудство ,и управа во текстот на Законот што ние го усвоивме како предлог на/закон беше против решението што сега е содржано во членот 38, за жал, сега таквото решение го поддржува со објаснување за одбрана на некаков непотизам, почитување на меѓународните  договори односно документи.

За непотизам во законски текст не може да стане збор. Непотизам вршат поединци, а не закон. Значи, тој аргумент е тотално депласиран. Недопуштено е под превезот на некаков непотизам априорно по сила на закон да ги правиме неспособни синовите, ќерките,брачните другари или другите сродници на веќе избрани судии., Недопуштено е доколку еден член од едно семејство е судија, во наредните десетина и повеќе години никој од неговото дури и пошироко семејство да не може да работи во било кој правосуден орган. Зарем тоа е начинот за обезбедување на независно судство. Доколку постои потенцијална опасност од кадри неспособни за совесно вршење на судската функција тоа секако на најсоодветен начин ќе го направи новоформираниот орган во нашата Република - Републичкиот судски совет. Впрочем негова основна  задача е да спречи во судската

власт да се инфилтрираат нестручни  недостојни лица. Тоа е најсилна препрека за непотизмот.  Не постојат ниту теоретски шанси по ист предмет да работат некои од лицата набројани во членот 38 од Предлогот на закон. Во сите современи правни системи, а и во нашиот, во процесните закони предвиден е институтот изземање што попречува по ист предмет да постапуваат пријатели, а не сродници.

**БЛАГОЈ ТОШЕВ:** (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Вториот аргумент, почитување на меѓународните документи исто така е без основа. Република Македонија нема потпишано никаков документ со слична содржина. Таков документ нема потпишано ниту бивша СФРЈ. Сето тоа од единствена причина што таков документ не постои. Всушност само постои една препорака во Предлогот на законот член 38 од страна на Седмиот конгрес на превенција на криминалитетот. Таквата препорака сеуште не е прифатена од најголемиот број европски земји. Со оглед на тоа што ние претендираме дека сме прав- на држава, логично е да ги почитуваме законите а пред се нашиот Устав, во смисла на член 51 од Уставот на Република Македонија секој закон мора да биде во согласност со Уставот. Уставот на Република Македонија содржи повеќе одредби што гарантираат одредени права на сите граѓани подеднакво. Во оваа прилика би цитирал само два члена од Уставот на Република Македонија член^3 гласи: "Секој граѓанин има право да учествува во вршењето на јавни функции". Значи со овој член Уставот не врши никаква забрана. Членот 32 од Уставот гласи: “Секој има право што е работно слободен на работа на слободен избор за вработување". Членот 32 став 2 гласи: ,!На секому под еднакви услови му е достапно секое работно место1'. Со предложениот член 38 од Законот директно се кршат овде цитираните уставни одредби како и одредбите на членовите 9,27,54 став 1 и 2 од Уставот. Сакам да напоменам дека и во друга бивша југословенска република постоеше обид за вакво решение за што Уставниот суд на таа република таквата одредба ја укина. Тоа ми дава за право да претпоставам дека доколку го донесеме законот во предложениот текст во член 38, веројатно и Уставниот суд на нашата држава ќе треба да го каже својот збор.

Почитувано претседателство, претпоставувам дека во салата наоѓа претседателот на Врховниот суд на Македонија, па молам

претседателството да го слушне мислењето на претставникот на судската власт. Уште еднаш нагласувам дека не постојат никакви правни ни уставни, ни објективни причини за предложеното решение на член 38. Сето ова што досега го изнесов ми дава за право да останам на мојот амандман и да го поддржам амандманот на матичната комисија како и на Законодавно - правната комисија, а истовремено ве повикувам и вас почитувани пратеници да го поддржите мојот амандман кој гласи: 11 За судија или судија поротник во ист суд не може да биде избрано лице кое на претседателот или на друг судија во тој суд е брачен другар или е во сродство во права линија или од странична линија до втор степен". Истовремено сакам да нагласам имав прилика и се заинтересирав во поширокота литература, односно во Југословенска ревија за криминологија и кривично право, можев да установам дека во универзалната декларација на Советот на Обединетите Нации од 1984 година стои дека во принципите за независноста на судиите и адвокатите усвоен на Седмиот конгрес на 00Н за превенција на криминалитетот, поддржан од генералното Собрание на ООН гласи: "Треба да се предвиди забрана за избор на судија во еден суд ако е во прашање брачна врска или крвно сродство и сл." од 1985 година, а не давање дека може. Тоа е дека само треба да се предвиди

Истовремено сакам да напоменам дека и предлагачот на овој закон смета дека овој предлог е неприфатлив и дека такви решенија во правните системи се непознати, дека поаѓаат од принципот на не- доверба и дека би предизвикале значителни промени во практиката Функцијата на тоа што се смета дека ќе се постигне со предлогот и се остварува ќе се постигне со примена на институтите изземање и исклучување на судиите и судиите поротници и сите субјекти и учесници и лицата кои остваруваат одредени функции врз основа на одредбите на процесната постапка.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Мислам дека несериозно ќе биде два пати за иста работа Собранието да има два различни аршина и критериуми. Да кажам и тоа дека во принципите за независноста на судиите и адвокатите што се усвоени на Седмиот конгрес на 00Н за превенција на криминалитетот поддржан од генералното Собрание на 00Н од 1985 година АРЕС 40/32 е предвидено дека треба да се предвиди забрана за избор на судија во еден суд ако е во прашање брачна врска или крвно сродство од втор степен во некој од судиите од непосредно повисокиот суд како и со носителите на функциите во правосудните органи од неговиот ранг и со адвокатите кои што имаат седиште на подрачјето што го покрива тој суд. .Ние согласно на член 26 од Законот за јавното обвинителство го прифативме и согласно на член 38 бидејќи двата закони се органски поврзани еден со друг, не може два пати за иста работа да имаме различно решение. Да нагласам и тоа дека јас на Собранието слободно му оставив само да расправа и одлучи во врска со кои критериуми ќе настапи и за што ќе се определи и тоа што е во член 26 во Законот за обвинителството, а не е точно дека тоа не го познаваат и други правни системи. Еве да кажам го донесов Законот за судовите на Хрватска во членот 8 е искористена истата формулација од Декларацијата на ООН. Истото е и со Законот на Словенија и Србија. Тие ја имаат истата Декларација прифатено. Па оттука сметам дека основна причина за ова е бидејќи во системите каде што радикално се менува општествено - политичкото уредување, каде што се менуваат основните структури на општественото уредување на една земја, заради обезбедувањето да функционира правната држава и да владее правото, поради обезбедување судството да биде и извор на правото и заштита на граѓаните, на основните граѓански слободи и права што ги предвидуваат новите системи генералното Собрание 1985 година ја донесе оваа декларација. Јас оставам на Собранието слободно да одлучи дали за иста работа два пати различно ќе донесе одлука.

**БЛАГОЈ ТОШЕВ:**

Тоа беше направено во Србија, али Уставниот суд го поништи Еве го Службениот гласник (покажува со дигната рака) каде што Уставниот суд го одбива и го враќа назад, како неуставно.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Аргументот се употребува во погрешна конотација бидејќи оваа Одлука на Република Србија се однесува за адвокатурата а не за судството.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Не).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (7 пратеници).

Констатирам дека не е усвоен амандманот на член 38 поднесен од пратеникот Благој Тошрв.

Отворам претрес по амандманот на член 38 поднесен од Комисијата за општествено - политички систем.

Тој амандман е ист и е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 3 9 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање. Молам, кој е за, нека крене рака? (10 пратеници).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 38 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Отворам претрес по амандманот на член 39 став 1 поднесен од пратеничката група Илинден - Слободни демократи.

Еве овде ми се кажува дека го повлекуваат амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 39 поднесен од пратеничката група на РС - Либерална партија.

**ПАНЧЕ МИНОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Во интерес на посебното истакнување на амандманот ќе си го земам правото истиот да го цитирам членот 39 се менува и гласи:

Пред стапување на должност судијата и судијата поротник пред претседателот на Собранието на Република Македонија, држејќи ја десната рака на светата книга на вероисповеста на која и припаѓаат, ја даваат следната заклетва

Се колнам пред господа дека во ^вршењето на судиската функција ќе се придржувам на Уставот ,и законите и дека функцијата ќе ја вршам совесно, независно и одговорно, ќе се борам за правдата и вистината и ќе ги заштитувам слободите и правата на човекот и граѓаните.

Ја сакам најнапред да направам една компарација за разликите помеѓу предложеното решение во Предлогот на законот и содржината на амандманот.

Прво, со амандманот се конкретизира пред кого се дава заклетвата. Тоа е претседателот на Собранието на Републиката.

Второ, наместо изјавувам дека ќе се придржувам кон Уставот и законите, судијата пред да стапи на должност судија се заколнува во господа дека ќе се придржува на Уставот и законите, и

Трето, покрај обврската на судијата што има правен карактер за придржување кон Уставот и законите да ја врши судската функција свесно, самостојно и одговорно, што се инаку правни категории, судијата се обврзува да се бори и за правдата и за вистината како вон правна категорија.

Ние како пратеничка група РС - Либерална партија инсистираме за прифаќањето на овој амандман бидејќи тој има суштинско значење за основање и градењето на едно граѓанско судство во чии дух е свој светно судење во име на вистината, а не како што беше до сега во повикувањето во името на народот, во име на државата, во име на единствената партија што практично преку инструментите и средствата на претходниот систем се условуваше и директно влијаеше на едно зависно и несамостојно судство што сигурно имаше и негативни последици во судската заштита на правата и слободите на граѓаните

Всушност вистината не е една и единствена. Поразителни се искуствата кога вистината беше монопол само на државата, само на единствената партија во судската заштита на прават аи слободите на граѓаните. Секој граѓанин како индивидуа, !секоја партија, секоја друга организација има своја сопствена вистина. Судијата кој пресудува за вистината кој се бори да ја најде правата вистина мора да верува во единствената и објективна вистина која што е симболизирана преку господ.

Ние донесовме нов Устав. Тој Устав е граѓански. Сите закони што ги донесуваме и ќе ги донесуваме треба да се во духот на граѓанските традиционални принципи, што се својствени за едно граѓанско општество. Тргнувајќи од таа нова положба и нов статус на судиите кои што покрај тоа што се избрани на своите функции, нивните функции не се, доживотни туку од траен карактер во извесен период во вршењето се додека ги исполнуваат законските услови. Имаме состојба на независно самостојно судство во однос на законодавната и извршната власт, па покрај оние квалитети на судијата што значат совесност негова самостојност и одговорност во вршењето на функцијата судија, мислам дека со овој амандман ќе се добијат и квалитетите на правичност и секогаш барање на

вистината кои што треба да го красат секој судија во вршењето на неговата функција. Впрочем, оваа обврска, така да ја наречам ја има во сите традиционални граѓански држави каде што има развиена граѓанска демократија.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дами и господа сакам да речам два збора. Овој амандман од свое име го поддржувам. Кога реков што треба да направам, мора да ги кажам и причините. Заклетвата што судијата пред стапување на должност, ќе ја даде,господинот Панче Минов зборуваше како тоа беше досега. Меѓутоа, споменување во името на господа, човекот има едно внатрешно верување дека верува во нешто над себе, а тоа е и во самиот себе. Тоа доаѓа дека тој се колне во своето достоинство, во својот понос, во своето јас дека ќе ги исполнува обврските што му се поставуваат со закон вршејќи ја судиската функција. Тоа е една голема работа. Јас мислам дека како христијани би требало да се прифати и биде така положувана заклетвата. Амандманот дециден и зборува дека судиите од различни вероисповести ќе требало тоа да го сторат на светата книга на која вероисповеста и припаѓаат, така што нема да има никакви конфесионални ограничувања и омаловажувања, тука сме сите еднакви.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ**

Господа пратеници овој амандман заслужува внимание и јас наполно го прифаќам. Човек кој ќе даде заклетва пред господ, тој зема една голема обврска за својот живот туку и за живото на семејството. Судијата е неприкосновен но заклетвата што ќе ја даде во име на господа, тој веќе е обврзан. Меѓутоа јас сакам нешто друго да кажам. Реков наполно го прифаќам овој амандман, но за жал, тука нешто подносителот на

амандманот има заборавено. Мислам дека ќе се сложи и подносителот на амандманот и неговата парти^а дека повеќето од нашите судии не се крстени ниту во црква ниту во џамија. Повеќето, исто така од судиите не се венчани во црква ни во џамија. За да се даде заклетва пред господа, не треба да заборавиме господа дека треба да не обврзува;нешто духовно уште од малите денови. Да го изоставиме тоа, зашто крштавката може да стане и меѓувремено, а венчавката, како ќе се венчам јас, ако не сум се венчал досега, а давам заклетва пред господа. Меѓутоа, треба да знаете јас сум и крстен и венчан во црква и затоа имав последици во животот. Но сега тоа е друга работа. Затоа да се дополни амандманот, сите судии кои земаат заклетва за тоа што тоа влегува во Уставот да се крстат А да се венчаат во црква, од било која вера.

**ДУШАН НИКОЛОВСКИ:**

Почитувани пратеници да не се заборaваме. Ова повлекува емоционално чувство и очигледно дека ќе направиме лош спој меѓу државата и црквата. Лично мислам дека ова е одвоено прашање без разлика кој како настојува во аргументите да докаже, но јас лично мислам а сите ќе се согласиме дека не е долг периодот година дена кога го гласавме Уставот. Тогаш ние ги одвоивме функциите религијата и државата и затоа лично сугерирам да не подпаднеме под некоја депресија и да преовладаат аргументите на емоција.

**РИСТО СТАНКОВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници. Имам неколку забелешки во врска со овој амандман кој би сакал да ги изнесам овде бидејќи мислам дека навистина ако се Прифати овој амандман би западнале во некои води при што во праксата би се јавиле прилично проблеми

Да почнам од првиот момент што Македонија е заедница во која што се измешани повеќе вери, па според тоа како што е предложено од предлагачот би требало секој според својата вера да се колне во своето свето писмо, библија, коран итн. Сега, се јавува . уште една категорија на луѓе кои се викаат атеисти, кои што исто така не мора да се колнат, можеби не веруваат во никого. Дали тоа значи дека на нив ќе им биде забрането да бидат судии.

Втор проблем што се јавува тука и кој ќе мора да се има во предвид а тоа е моментот дали судиме према божјите закони или према земјите закони ќе судиме. Ако судиме према божјите тогаш би требало да се колниме во бога, меѓутоа ако судиме према Уставот и законите на оваа држава мислам дека би требало да се колниме во Уставот и во народот а не во бога. Да ви кажам само еден проблем.

Можеби некој ќе рече карикирам, меѓутоа ајде вака  да размислиме. Ако судијата е од муслиманска вера и ако тој се колне во нивните божји закони каде што7 да РЕЧЕМЕ дозволена е полигамијата. Во нашата држава не е дозволена полигамија. Дали тоа ќе значи дека ќе ги менуваме законите и ќе дозволиме полигамија бидејќи тој судија не ќе може да го третира како кривично дело делото на полигамија. Во такви моменти би ни се јавиле проблеми кој што не би сакал сега да ги елаборирам, меѓутоа би се јавиле големи проблеми и во крајна линија сите луѓе нема да бидат еднакви во можноста за избор на професијата судија. Јас само би прочитал неколку члена од нашиот Устав, меѓу кои едниот се однесува на издвојување на црквата од државата, а со ова би можеле опасно да дојдеме во водите да ги спојуваме

Само став  2 од член 19 вели "Македонската православна црква, другите верски заедници е религиозни групи се одвоени од државата и се еднакви пред законот."

Втора работа што би сакал да ја спомна во овој момент е член 16 од Уставот на Република Македонија во кој стои "Се гарантира слободата на верувањето, совеста, мислата и јавното изразување на мислата"Дали со овој амандман некој кој сака да биде судија ќе му натуриме да мора да биде од некоја вероисповест, без разлика дали тој сака или не сака. Тој ќе мора да се изјасни дали е православен, католик, муслиман или незнам што. Според тоа навистина би ги испратиле правата и со ова практично мислам дека правиме замена на една идеологија со друга. До вчера се колневме во идеологијата партија, комунизмот итн. сега се колнеме во црквата односно во верата. Ве молам, секој мислам дека треба длабоко да размисли пред да се гласа за овој амандман.

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

Почитувано претседателство, дами и господо пратеници. Многу сме скокотливи во промените во сите преобразби во нашето општество и не сакаме некако да ги прифатиме прогресивните решенија. Јас нема да реплицирам на никој туку сакам да кажам едно. Сакаме цивилизирана држава, Европа и др. а не сакаме да прифаќаме како што е и таму. Дали некој видел, што вели дека судиите не треба да бидат определени, да се заколнат или и сведоците да положат клетва. Дали некаде во светот сте чуле и виделе судовите кога почнуваат, почнуваат со тоа. И кај нив тие религиозни закони не се напоиани на небо, пишувани се и тие на земја, како и овие што велеше претходниот дискутант, дека овие се на земја а овие се невести. Според духот тоа нема врска со тоа. Прво и прво судовите секаде почнуваат со тоа што еден човек верува во тоа без разлика на нацијата и вероисповеста. Кога се колне тој знае за кој се колне во срцето и си знае дека за него се колне и ќе мора да ја кажува вистината а не како досега партиски определен, мора што ќе рече Сојузот на комунистите така да сведочи и да гласа. Со ова се воведува еден нов тек на правичност и затоа треба да го прифатиме. Секој ќе се осеќа одговорен и анатемисан ако не ја кажува вистината и ако не се заколне, судијата да положи таква заклетва и така да суди.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Дами и годпода. Овој амандман може да има сосема фина интенција но јас во начело не сум подготвен да го подржам од енколку причини.

Најпрвин евангелската порака на господа исуса христа е луѓето да не се колнат. Дали во западните општества се практикува во судовите неминовно колнење пред библијата, или со полагање на рака или не.

Според она колку јас ги познавам тие општества таму сериозно и навистина се колнат. Но од кога тоа датира, дали е и во канонот на православната црква, тоа не можам сам да го одлучам.

Друг момент заради кој не можам да го подржам овој амандман е самиот текст. Во него се зборува за тоа дека се колне во господа. За различни вери има или пак нема господ, барем така ]ас ги познавам овие различни деноминации, различни групации или секти во склоп на верите кои ја користат библијата како свето писмо. Освен тоа тие се разликуваат и во самиот текст на светото писмо. И ако еден припадник на една мала верска заедница станува судија или презема должност во рамките на судството тој исти човек да е припадник на една од тие поситни деноминации по мое видување не ќе може на својата свест да ја постави раката,. на пример на изданието на библијата верифицирано од Светиот архиеретски синот на Македонската православна црква.

Натамошен мотив е тоа што некои вери не говорат за господа . Некој говорат само за бога, а има и такви вери кои ни најмалку не зборуваат за бога. Ако е интенцијата ние да го поддржуваме она што веќе постои во развиените западни демократии ваквиот приод сметам дека е во ред, но јас сметам дека е многу инстантен, многу брз, многу брзо е тука пласиран и јас лично не би го форсирал тоа. Јас би сакал да чујам мериторно мислење, ставови и на верските заедници, како тие гледаат на ова. Навистина ние создаваме систем ние го обликуваме општеството, но вака избрзано не би можел никако да дадам согласност.

Натамошна евентуална опасност е тоа за длабоко религиозниот човек верското учење има првенство па и над државните закони

Ако јас се колнам на основа на моето учење, бидејќи мене ми е тоа првата определба, или онаа изворна за мене и државните закони ќе бидат од втор степен. Не би сакал посебно да потенцирам но различни вери имаат разработено и компактни, конзистентни или правниците нека определат колку се тие навистина конзистентни, но имаат веќе оформено и системи на законодавство во рамките на верата. Така да, навистина, со овој амандман не би избрзувал, а интенциите треба да се поддржат дека и во нашето општество сега има други ветрови и дека и кај нас верата зазема сепак значајно место. Она што пратеникот Станковски праша - значи ли тоа дека за атеист со прифаќање на ваков амандман во иднина нема да има начин да добие судиска функција. По мое видување секако, не може да добие таква функција но такво е  и капиталистичкото општество. Во белиот свет, барем во доминантните средини многу не се цени атеизмот.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Доколку овој амандман го предложеше мојот уважен колега  Јордан Бошков можеби ќе бев доведен во ситуацијата да размислувам да гласа, Вака сметам дека е ова еден обичен, евтин рекламен трик на господата од либералната партија.

**НИКОЛА КРСТЕВКСИ:**

Јас како прво не го прифаќам овој амандман и од формална страна ќе се произнесам во смисла дека не е применлив овој амандман.

Прво, по форма и по содржина се бара подавство на господ а во просториите на Парламентот треба да се расправа. Според Деловникот, предлогот на Деловникот не е предвидено заклетва да даваат судиите во рамки на Парламентот, туку вон Парламентот е предвидено  да се дава оваа изјава. Значи, нема никаква примена пред претседателот на Собранието а во име на господ се обраќа  изјава во рамки на црковната власт и кога се прифаќа црковна служба

Во однос на оваа заклетва, со поделбата на власта оваа заклетва со дополнителен, со друг акт треба да се прецизира по можност да се дава пред претседател на Врховен суд, пред Републичкиот судски совет или во одредени земји пред министерот за правосудство. Овде давајќи ја изјавата симболизираме дека не постои поделба на власта, во однос на тоа дека не е менливо.

Друго, судската функција е постојана во Уставот и во овој закон. За постојани служби, како што се лекар и слично си имаат таму свои режим на претстапување на служба, кодекси, како што е во новинарството. Овде нема потреба од колнење туку придржување на Устав и на закон. Слободата и правата друг ги штити Судот имовински права и кривични загрозен од телото и имотот. Овде вели заштита на човекови права, оние апстрактни изрази, тоа е Уставниот суд, а ние имаме други тела кои тоа го Овде не му е место ниту од формална, ниту од суштинска страна и затоа овој амандман не треба да се прифати.

**ПАНЧЕ МИНОВ:**

Само накратко одговор на неколку дискусии и коментар

Мислам дека во врска со искажаните дискусии во насока на атеизмот смеам дека атеизмот не е спој со вршењето на едно самостојно и независно судство. Сметам дека атеиста директно кажано не може да врши судска функција од причини претходно искажани во образложението на амандманот.

За господинот Пановски едно обраќање, Сметам дека доста непарламентарно од културен аспект настапи на говорницата. Директно ги навреди верските чувства на пратениците на либералната партија и го повикувам да се извини во таа смисла. а дека е тој атеист не треба сам да се докажува со такви настап

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ**

Јас не само што немам намера да се извинувам туку ќе повторам дека господата Реформисти од Либералната партија продолжуваат со евтина реклама да продаваат овде.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Ова прашање на изглед предизвикува противречни реакции во самите нас. Тоа на најочигледен начин ја прикажува македонската стварност, последиците од 50 години индоктринација на еден политички систем, кој што мора да кажеме дека генерално не може да се оценува дека на ист начин вршел разорување на моралните и на етничките аспекти на целиот простор на Југославија, или и,на источна Европа Но, за жал мора да признаеме дека токму во Македонија можеби најтрагично ги постигнал ефектите.

Од друга страна, кога зборуваме за една професија каде што чесноста треба барем да се претпоставува, а исто така кога веќе зборувам за ова прашање, поаѓајќи од себе, но верувам дека секој искрен човек мора да признае дека има ситуации кога без оглед што во секојдневниот живот и не помислува на религиозните аспекти, но во тешки ситуации се потсетува дека некаде, или осеќа во себе дека има нешто. Мислам дека не е ништо тоа спротивно на цивилизациските норми луѓето што ќе работат во правосудството да ги оптовариме со нешто што ќе гарантира поголема чесност во извршување на нивната чесност. Ориентацијата дали грешиме или не исто така на некој начин треба да не охрабри во тој поглед, бидејќи најразвијните земји, најдемократските земји тоа го практикуваат во своите системи. Оттаму поаѓајќи не гледам причина зошто така тврд негативен став према ова прашање. Ако не друго треба малку и една филозофска

толеранција, пристап , а особено страната каде што се левите партии да ги потсетам дека во суштината на нивнотоверување во една од претпоставките, дека се се движи, се се менува, па зошто да не сфатиме дека и во Македонија некои состојби се движат и се менуваат и ако не знаеме дали сме во право да погледаме другите каде и во која насока се развиваат. Затоа, предлагам да се прифати амандманот без при тоа да се гледаат некои затскриени намери, туку да се прифати тоа што буквално и има свое значење.

**ЗОРАН КРСТЕВСКИ:**

Почитувани пратеници, во консулатациите со членовите на мојата група сме на мислење дека преку овој, така би рекол парламентарен инцидент на господинот Михаил Панрвски не можеме да пређеме ве молиме за петнаесетина минути пауза за консултации

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам ,пауза 15 минути

(пауза од 17,15 часот)

(По паузата седницата започна со работа во 17,30 часот)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор Санде Давчев

**САНДЕ ДАВЧЕВ:**

Пратеничката група на Реформски сили Либерална партија останува и натаму на амандманот и ќе кажам отворено дека ние се договоривме на никакви инсинуации, разни предизвици да не одговараме, а секој спроед своите верски чувства, нема да ги повикуваме пратениците на совеста туку секој според своите верски чувства нека гласа

**ГОЦЕ АНДОНОВСКИ:**

Почитувани колеги, јас мислам дека незнам зошто некои позитивни вредности од цивилизираните општества и нешто што ќе значи и за нас традиција не прифаќаме. Што е поубаво отколку човек да заколне и да рече ."јас ја зборувам вистината и само вистината ја зборувам". Тоа едно прашање. Јас мислам дека прво! Има естетски карактер, второ, психолошки карактер е ако човек навистина се заколне. Кога веќе зборуваме за објективно судство, за судство одговорно надвор од државата, надвор од сите институции, ние практично правиме спој на институцијата судство со нешто што друго треба да постои. Мислам дека Господ постои во сите вери и нема причина навистина да не се прифати овој амандман, и затоа во целост го поддржувам, а како ќе биде текстот напишан за тоа не сум надлежен да го поставувам тоа прашање

**БИЉАНА ЛАЗАРЕВСКА:**

Почитувани пратеници, сакам некој збор да кажам во врска со овој

амандман кој што предизвика една ваква реакција во Собранието. Јас с е надевам оваа тема и почесто понатаму ќе ја слушаме можеби не во Собранието туку воопшто во нашите домови заради тоа што во изминатиот период од нас се направени едни етиисти, едни луѓе кој што не чуствуваат блискост до својата вера и вероисповест

Чесноста и искреноста произлегуваат од верата, но амандманот што овде беше даден со една таква содржина дека се колнеме во Господ кој што треба да го изречат судиите беше прочитан прво без душа и мислам дека е напишан без душа. За да се заколне некој во господовото име сметам дека тоа треба длабоко да го чувствува. Дел од ова го образложи и господинот Јордан Бошков на кој што му верувам мислам верувам дека ја познава оваа проблематика заради тоа што се дружиме и знам што мисли за ова, сметам дека треба да се даде време секој од нас да го почувствува овој амандман како вистински за да можеме да го изгласаме, за да нема еден контрапродукт. Сметам дека може некој од судиите кој што е атеисти да' се заколне во името Господово само за да -стане суди ја, 4 како- што во досегашниот период било дека треба да си член на Комунистичката партија за да станеш директор или незнам што. Сметам дека оваа проблематика треба многу да се приближи до народот македонски и до сите други народности кој што живеат во Македонија, за оваа проблематика да се зборува на Телевизија да има можеби предавање меѓу малдината за да с сфати што значи големината на овој амандман и на овој збор.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Јас наполно го поддржувам овој амандман и мислам дека и ставот 2 е јасен "се колан пред господа ..." итн. да не го читам бидејќи беше прочитан.

Што сакам да кажам. Мора ние да сфатиме, господа пратеници, дека традицијата која е воспоставена во тие цивилизирани земји кон кои ни се стремиме да ги достигнеме и во нивното богатство што го имаат како поединци и во богатството на демократските придобивки што ги имаат, мислам дека тие општества длабоко ја почитуваат својата традиција. За жал нашата традиција беше прекината на еден вештачки начин со едно општество кое  даде Господ ќе кажам на некој начин како утопија пропадна во целиот свет. затоа апелирам на совеста на сите пратеници да оваа насилно прекината традиција на некој начин повторно да ја воведеме во оваа наша македонска држава без разлика на која вера и припаѓаме

**НАЌЕ СТОЈАНВОСКИ:**

Почитувани пратеници, јас прво сакам да дадам благодарност на оние стамени дискусии по оваа расправа сега што се јавија  што се обидоа на некој начин да го одбранат и .човечкото достоинство а што се обидоа на некој начин да ја одбранат !и верата и верувањето Имаше такви дискусии. Јас не сакам да дадам оценки во однос на предлогот и на предлагачите по овој амандман но некој факти се евидентни. Овој Закон е во расправа, во процедура на ова Собрание во фаза на Предлог закон овде за донесување денеска и претходно претходеа други расправи

Претходеше прво расправа на предлог за донесување на закон, па се утврдуваше Нацрт па јавни расправи итн. Јас не верувам= дека пратениците кој што дискутираа овде на оваа тема, пред се и на предлагачите дека во ова последна фаза, амандмански сега испадна дека треба и на ваков начин на каков што е предложено да му дадеме на судството и на судиите онаа уставна положба што ја имаме декларирано во Уставот, што несомнено идејата е добронамерна и Предлогот но самиот

чин дека во досегашната расправа ниту во овој Парламент ниту надвор од овој Парламент беше потегнато на квалифициран и стаменит начин ова прашање, со должно и сериозно внимание, зборува дека нешто на Предлогот му фали и таков начин и тек доби дискусијата.

Инаку, јас познавам во овој минат период 40-ет годишен, 50-ет годишен и судии барем со прераскажување ги има од некоја бре бивша Југославија кој судеа и во новиот систем кој во дадена ситуација ги тера странките, ја имаа библијата на судскиот пулт и кога сведоците и обвинетите или незнам кој друг требаше да се утврди ј некоја материјална вистина ги тераа само иницијативно без норма, без закон без обврска да се заколнат и тогаш странките навистина се поставуваа сериозно пред судот, а тоа ни се случува и во секојдневниот обичен живот и .како непишано правило. Во секојдневните контакти кога сакаме некоја аргументација> да убедиме Некого, или кога сака некој да не убеди се потегнува и прашањето на клетвата на полнењето итн. и тоа е живо и фигурира во нашиот практичен живот.

Јас не верувам дека на еден примерен Аницин, адекватен е решено тоа и во овој закон, дека нема да придонесе да ете и субјектите кој што се наоѓаат во судска постапка практично до крај и искрено ги изнесуваат своите сознанија во однос на утврдување на материјалната вистина пред судот. Но, на начинот на кој е даден амандманот во оваа постапка и на начинот на кој се лицитира овде пред ова Собрание целиов текст јас мислам дека тешко ќе можеме да ја постигнеме целта и дозволете на зборот повеќе ми личи ова на вулгаризација на целиот овој настан отколку на некој е искрено залагање.

Мојот предлог во оваа ситуација веќе кога водевме ваква расправа да се одбие овој амандман на начин како што е сега предложен, а исто така

да постои обврска за Владата да во догледно време предложи измена на тој дел од законот каде што на најсреќно решение ќе биде регулирано тоа прашање.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Почитувани пратеници, во однос на амандманот за востановување на став 1 на членот 39 на Предлогот на законот аз судовите прашањето пред кого се дава свечена изјава се уредува со Деловникот за работа на Собранието на Република Македонија. Се оценува дека е неупатно Законот за судовите да уредува прашања од делокругот на работата на Собранието. И други лица избрани или именувани од Собранието на Република Македонија даваат свечена изјава но не според одредбата уредена во посебен закон, туку тоа врз основа на заеднички пропишани правила по Деловникот за работа на Собранието на Република Македонија.

Во однос на предложениот став 2 за содржината на колнењето сме на мислење дека предложеното како концепт, содржина и функција е во спротивност со решенијата на Уставот на Република Македонија, тоа согласно на член 19 став 3 од Уставот на Република Македонија. Според тој Црквата и вероисповеста се прашање на свеста и совеста на секој граѓанин, и тие се одвоени од државата. Имајќи го тоа предвид колнењето и во има не кого ќе се даде заклетва не треба да се поврзува со религиозните чувства на секој граѓанин. Спротивно од даденото решени во амандманот за граѓанските општества е карактеристична не заклетвата и колнењето туку давање свечена изјава како што е тоа уредено во член 39 став 2 во кое не се содржани било какви идеолошки елементи туку се воспоставува определен однос со давањето изјава помеѓу судијата како носител на функцијата, Уставот, законите и слободите и правата на човекот и граѓанинот и интересите на другите правни субјекти што тој ги заштитува во вршењето на судската функција.

**БЛАГОЈ ТОШЕВ:**

Почитувани пратеници, предлогот има убави интенции, го чувствувам како свој, според тоа пожелно е произнесување на мериторни места ова што го рече министерот за правосудство пред се знаеме дека Црквата е одвоена од државата, но таа живее со народот. Според тоа ние овде имаме и теолошки факултет имаме и одредени институции, пожелно е да не згрешиме и да се консултираат во тој однос и Деканот на тој Теолошки факултет или истовремено други црквени лица

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (Пратениците креваат рака)

За гласаа 43 пратеници

Кој е против, молам да крене рака

Кој е воздржан (19)

85 пратеници гласаа, 43 се за,

Констатирам дека Собранието го усвои амандманот. (реакција на дел од пратениците во салата. Дел од пратениците аплаудираат).

Ве молам, 43 се за, 85 се вкупно, а 42 кога ќе ги собереме вкупно се против и воздржани

**РИСТО СТАНКОВСКИ:**

Мислам дека и во самата најава претседателот направи збрка при броењето, прво рече 41, па изнајде дека се 43, па не се знае колку е точно. Затоа барам поединечно, мислам дека има 10 пратеници.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Станковски има право да бара, но јас не направив  збрка туку кажав дека на оваа страна се 41, а таму имаше двајца

Добро, го поддржувате ли десет пратеници господин Станковски. Добро, благодарам, има десет пратеници.

Нека секретарот излезе на говорница и да се почне со гласањето.

**ИГОР СПИРОВСКИ**: (Прилог)

**С П И С О К**

на пратениците во Собранието на Република Македонија според азбучен

ред на презимињата

| | |
|---|---|
| 1. ФАИК АБДИ | не е тука |
| 2. ГАЗМЕНД АЈДЕРАГА | воздржан |
| 3. ХАМИД АЛИУ | воздржан |
| 4. ЕШРЕФ АЛИЈУ | не е тука |
| 5. СТОЈАН АНДОВ | за |
| 6. ГОЦЕ АНДОНОВСКИ | за |
| 7. МИТКО АНАСТАСОВСКИ | за |
| 8. ТИМЕ АНДОНОВ | за |
| 9. НИКОЛА АПОСТОЛОСКИ | за |
| 10. ДУШКО АРСОВСКИ | против |
| 11. ДРАГИ АРСОВ | за |
| 12. БРАНКО АРСОВСКИ | против |
| 13. ЛАМБЕ АРНАУДОВ | не е тука |
| 14. ЈОРДАН БОШКОВ | воздржан |
| 15. ЃОРЃИ БОЈКОВСКИ | не е тука |
| ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ | за |
| 16. АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ | не е тука |
| 17. ПЕТАР ГОШЕВ | воздржан |
| 18. ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ | за |
| 19. ДРАГИ ГРОЗДАНОВСКИ | за |
| 20. САНДЕ ДАВЧЕВ | за |
| 21. ДИМИТАР ДИМИТРОВСКИ | не е тука |
| 22. ТОДОР ДИМОВ | за |
| 23. ДОСТА ДИМОВСКА | за |
| 24. РАТКА ДИМИТРОВА | воздржан |
| 25. ПЕТАР ГОРГИЕВ | за |
| 26. БОРКО ГОРГЕСКИ | за |
| 27. ДУШКО ГОРГЕСКИ | не е тука |
| 28. ЗУДИ ЕМИНИ | воздржан |
| 29. ЈОРДАН ЗАФИРОВ | не е тука |
| 30. ГОРАН ЗАФИРОВСКИ | не е тука |
| 31. НАСЕР ЗИБЕРИ | против |
| 32. ВАСИЛ ЗИМБАКОВ | воздржан |

| | |
|---|---|
| 33. ВАНЧО ЗЛАТАНОВ | воздржан |
| 34. БОРИС ЗМЕЈКОВСКИ | |
| 35. СИМЕОН ИВАНОВСКИ | не е тука |
| 36. ЉУБОСАВ ИВАНОВ | не е тука |
| 37. ЈАКИМ ИВАНОВСКИ | за |
| 38. ИВАН ИВАНОВ | за |
| 39. ЉУПЧО ЈАКИМОСКИ | за |
| 40. ЦВЕТАН ЈОВЧЕСКИ | за |
| 41. РИСТО ЈОВАНОВ | против |
| 42. ГУЛИСТАНА ЈУМЕРОВСКА | против |
| 43. РИСТО ЌЕЛЕШОВ | не е тука |
| 44. ТАШКО КИРОВ | за |
| 45. ЗОРАН КИТЕВ | за |
| 46. КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ | за |
| 47. ГОРГИ КОТЕВСКИ | не е тука |
| 48. СТОЈАН КОВАЧЕСКИ | против |
| 49. ЗОРАН КРСТЕВСКИ | за |
| 50. НИКОЛА КРСТЕСКИ | против |
| 51. БИЛЈАНА ЛАЗАРЕВСКА | не е тука |
| 52. ВЕЦКО ЛИЧОСКИ | не е тука |
| 53. КОЛЕ ЛУЛОВСКИ | за |
| 54. ФЛОРЕ МАСАЛКОВСКИ | не е тука |
| 55. ЈОВАН МАНЧЕВСКИ | за |
| 56. ЕФТИМ МАНЕВ | не е тука |
| 57. СТРАШО МИЛКОВСКИ | против |
| 58. ПАНЧО МИНОВ | за |
| 59. МАРИН МИЛЕНКОСКИ | воздржан |
| 60. ВЛАДИМИР МИТЕВСКИ | не е тука |
| 61. ТРАЈАН МИЦЕВСКИ | за |
| 62. ВАНЧО МЛАДЕНОВ | воздржан |
| 63. ЏЕЛАДИН МУРАТИ | за |
| 64. АВДИ МУРТЕЗАНИ | воздржан |
| 65. НАИФ МУСТАФА | не е тука |
| 66. СИМОН НАУМОВСКИ | за |
| 67. ПАНЧЕ НАСЕВ | не е тука |
| 68. СЛАВЕ НАУМОВСКИ | за |
| 69. БОГДАН НЕДЕЛКОВСКИ | за |

| | |
|---|---|
| 70. ДУШАН НИКОЛОВСКИ | против |
| 71. | воздржан |
| 72. ТОДОСИЈА ПАУНОВ | за |
| 73. МИХАИЛ ПАНОВСКИ | против |
| 74. ТОМИСЛАВ ПЕЦАКОВ | не е тука |
| 75. ТИТО ПЕТКОВСКИ | против |
| 76. ТОДОР ПЕТРОВ | воздржан |
| 77. МЕРСИМ П0Л0ЖАНИ | воздржан |
| 78. ДИМИТАР ПОПОВСКИ | не е тука |
| 79. КИРО ПОПОВСКИ | против |
| 80. ЉУБОМИР ПОПОВСКИ | воздржан |
| НИКОЛА ПОПОВСКИ | против |
| 81. ШАБАН ПРЕВАЛА | против |
| 82. ИСМЕТ РАМАДАНИ | не е тука |
| 83. БОЖО РАЈЧЕВСКИ | против |
| 84. ИВАН РАМБОВ | не е тука |
| ШУКРИ РАХИМИ | воздржан |
| 85. НЕИМ СЕЛМАНИ | не е тука |
| 86. ФЕРИД САДИКУ | против |
| 87. НАУМ СИМЈАНОВСКИ | за |
| 88. АЦО СПИРОСКИ | не е тука |
| 89. РИСТО СТАНКОВСКИ | против |
| 90. НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ | против |
| 91. СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА | воздржан |
| 92 НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ | против |
| 93. СТОИЛЕ СТОЈКОВ | за |
| 94. ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ | за |
| 95. РИСТО СТАМЕНОВ | не е тука |
| 96. ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ | за |
| 97. ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ | не е тука |
| 98. ЏЕЛИЛ ТАИРИ | воздржан |
| 99. ПЕТАР ТЕМЕЛКОВСКИ | за |
| 100. ГОЦЕ ТЕМЕЛКОВСКИ | не е тука |
| 101. БЛАГОЈ ТОШЕВ | за |
| 102. ПЕТРЕ ТРАЈАНОСКИ | не е тука |
| 103. ПЕТРЕ ТРАЈКОСКИ | не е тука |
| 104. ДИМИТАР ТРПЕНОСКИ | за |
| 105. ДУШАН ТРПЧЕВСКИ | за |

| | |
|---|---|
| 106. АГИМ ФАЗЛИУ | не е тука |
| 107. АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ | за |
| 108. БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ | не е тука |
| 109. АБДУРАХМАН ХАЛИТИ | за |
| 110. СЕФЕДИН ХАРУНИ | воздржан |
| 111. МУХАМЕТ ХАЛИЛИ | воздржан |
| 112. СТОЈМИР ЦВЕТКОВСКИ | воздржан |
| 113. НЕЏАТИ ЏАФЕРИ | воздржан |
| 114. АЛИЛ ЏАФЕРОСКИ | против |
| 115. ВЕБИ ЏЕМАИЛИ | против |
| 116. БЛАГОЈА ЧКАТРОСКИ | за |
| 117. ХИСНИ ШАКИРИ | не е тука |

**СТОЈАН АНДОВ:**

86 пратеници гласале, 43 се за, 21 против, 22 се воздржани Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 39 поднесен од пратеничката група на Реформски сили – либерална партија

Отворам претрес по амандманот на член 54 став 1 поднесен од пратеникот Горѓи Котевски.

Молам, кој бара збор?

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас претседателе пред да преминете на амандманот на Горги Котевски, сакам да кажам во мојата дискусија предложив прво ова Собрание да го отфрли, амандманот да не го прифати еве тоа се случи. Истовремено да донесе заклучок да ја задолжи Владата да предложи промениja евентуално на Законот ј во смисла да  се изнаЈде форма на начин на кој беше дискутирано овде на  начин. Мислам дека тој мој заклучок треба да се постави на  во ова Собрание.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ние одиме сега по амандмани, кога ќе го земеме законот во целина,ќе видиме има ли предлози на заклучоци итн. Не можеме ние по секој амандман паралелни налози на Владата да и даваме, кога овде се изјаснуваме точно по амандманите.

Кој бара збор по амандманот на Горѓи Котевски, на член 54 став 1, поднесен од пратеникот Горѓи Котевски. (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот. Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. (17 пратеници). Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 54 став 1, поднесен од пратеникот Горѓи Котевски.

Отворам претрес по амандманот на член 54 став 1 и член 55 став 1, поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе. (Не го прифаќа).

Дали некој бара збор? , (Никој) .

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го став,ам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. (16 за).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 54 став 1 и член 55 став поднесен од ЗПК.

Отворам претрес по амандманот на член 56 за додавање нов став 1 и на став ;1 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот. Амандманот го ставам на гласање.-

Кој е за, молам да крене рака. (4).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 56 за додавање нов став и на став 1 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Отворам претрес по амандманот за бришење на членот 61 под- несен од пратениците: Горѓи Котевски и Љубосав Иванов.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. (10).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за бришење на член 61 поднесен од пратениците Горѓи Котевски и Љубосав Иванов.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 6 3 поднесен од пратеникот Тодор Петров и,Шорѓи Котевски.

Молам, кој ,бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара, збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака (10)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за бришење на член 63 поднесен од пратеникот Тодор Петров и Горѓи Котевски.

Отворам претрес по член 64 за бришење на став 2 поднесен од пратеникот Горѓи Котевски.

Молам кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот. Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. (12).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 64 за бришење на став 2 поднесен од пратеникот Горѓи Котевски.

Отворам претрес по амандманот на член 64 за додавање нов став 3 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот- по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. (5).

Констатирам дека Собранието не го усвои Амандманот на член 64 за додавање на нов став 3 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Отворам претрес по1 амандманот на;, член 64 за додавање нов став 3 поднесел од Пратеничката, група Илинден - Слободни демократи.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе по амандманот. (Го повлекува).

Отворам претрес по амандманот на член 65 став 3 поднесен од Комисијата за општествено - политички систем.

Молам, кој ,бара збор? ,(Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање

Кој е за, молам да крене рака. (Никој).

Констатирам дека Собранието не го; усвои амандманот на член 65 став 3 поднесен од Комисијата за општествено - политички систем.

Отворам претрес по амандманот на член 67 поднесен од Комисијата за општествено - политички систем.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. (4).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 67 поднесен од Комисијата за општествено - политички систем.

Ве. молам, овде сега на седницата Ви се поделени амандмани два од пратениците Наќе Стојановски, Петар Гошев и Петре Трајановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе по амандманите

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Проучувано цело време во врска со основањето на основните судови, а амандманите се да се основа основен суд во Демир Хисар, основен суд во Валандово и основен суд во Македонски Брод.

Согласно концепцијата која беше понудена, организационата шема која ја нуди законот, Владата не ги прифаќа амандманите од следните причини: Од Демир Хисар ги зедовме сите предмети, некаде се околу 1270 предмети кои ги имал овој Суд и ценејќи ги критериумите кои треба еден судија да суди предмети, а тоа е 45 до 50 предмети месечно, а за да може да работи треба да врти околу 60 предмети, фактички овој суд треба да има двајца судии, што не е изводливо да има.

Во образложение на Валандово исто така има некаде околу 1300 предмети, ако дозволиме, тогаш не може да има суд од двајца или тројца судии бидејќи најмалку треба да има 4 судии или 6 судии со еден претседател. Тука ако му дозволиме на Валандово да има суд, тогаш го оштетуваме и Судот во Гевгелија, го осиромашуваме како основен суд и правиме дуплирање на концепцијата.

Владата стои на тоа дека треба да се одбија амандманите и да се прифати основната организациона шема како што е понудено

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Амандманите се јасни. Министерот Ви кажа со една реченица, само не ги кажа причините, ги кажа негативните причини, зошто не треба да се формираат судови за овие општини. За жал во досегашната расправа и во целокупната расправа до сега, ниту во образложението е во прилог на законот, не слушнавме зошто сите други 33 општини во Републиката, освен овие три се формираат основци судови

За мене аргументите што беа изнесени овде од министерот се прифатливи, доколку исти квантификации беа изнесени и за другите судови во Републиката, каде што се основаат основни судови, додека изнесувајќи аргументи само за тоа зошто посебно во овие три општини не треба да се формираат судови, а притоа премолчувајќи ја аргументацијата, зошто во другите општини, поготово во оние општини кои и по население и по структура и по економска моќ и по територија се исти помали, плус или минус од овие општини, се формираат основни судови. Нема ниедна рационално образложение, освен образложението да за стекнатата мрежа на општинските судови сега се санкционира, се преточи во основни судови. А се знае на кој начин се формираа општинските судови до сега на територијата на општината во Република Македонија. Пред се, оние структури кои имаа политичка моќ и можеа да влијаат во Републиката

формираа не само судови, туку и други републички институции и стопански капацитети и општествената структура и инфракомунална структура и целокупниот свој развој го базираа на таа основа. Додека оние општествено - политички заедници тогашни, кои немаа таква моќ тоа да го прават си останувaa на маргините од животот. Еве екватантен пример на кој начин тоа ние го санкционираме и понатаму. Една затекната мрежа во областа на правосудството и понатаму се санкционира на начин- на кој ни е предложен

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:** (Продолжение)
Јас не тврдам дека на оваа Република и требаат 35 основни судови и далеку сум од паметот да го тврдам тоа. Но, исто така длабоко сум убеден дека не можам да тврдам дека и требаат 32 основни судови или 28, вклучувајќи ги тука општините по 2-3 што се групирани во градот Скопје и што потпаѓаат во надлежност на Општински суд 1 и Општински суд 2. Според тоа, треба Министерството, министерот и Владата да сфатат едно дека критериумот за формирање на основните судови практично не постои, или досега не го видовме. Од тие причини јас сум должен во име на граѓаните од општината Демир Хисар кои припаѓаат на сите партии од кои е составен овој Парламент и кој се надвор од овој Парламент, да ужуваат еднакви права во однос и на судската заштита и на нив судовите да им бидат приближени на начин на кој се приближени на другите граѓани во општината.

На ист начин да се постапи и за општината Валандово и за општината Македонски Брод, затоа што овде еве слушавме и други елаборации дека се бара и високи судови итн., а јас верувам дека доколку основниот суд им биде подостапен на граѓаните во Демир Хисар дека предметите нема да бидат само толку, дека ќе бидат и повеќе. Од тие причини, јас ги молам пратениците да го прифатат овој амандман и амандманите 2 што следат после тоа, затоа што се исклучија во таа функција. Граѓаните и од овие подрачја да бидат еднакво третирани како и граѓаните од останатите делови на РМ. Додека доколку ова Министерство и оваа Влада или некое Министерство и друга Влада или доколку друг состав на Парламентот најде за сходно, што јас сум за таа теза и основните судови да ги рационализира по основни вредносни критериуми, јас сум за тоа и таков концепт ќе поддржам во секој момент.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Јас сосема кратко да кажам, бидејќи господинот Стојановски ги кажа

основните факти зошто се предлагаат овие амандмани. Од едноставна причина што нема ниту еден рационален аргумент да им се каже на луѓето од Македонски Брод, од Валандово и Демир Хисар зошто кај нив нема основен суд а во други општини има. Ниту еден рационален аргумент нема. Ако Владата предложеше како што кажа господинот Стојановски, мотивирана од некои критериуми за рационализација, како што и тој рече веднаш сме спремни дас гласаме за сериозна рационализација. Меѓутоа, на овој начин 3 општини кои што по големина, територијално и по население се слични или исти на повеќе други кои што имаат основни судови, навистина не може да се брани. Едноставно тоа не може да се брани. Јас само тоа сакав да го кажам и би замолил да се гласа за тие амандмани.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

Господинот Стоиле Стојков.

**СТОИЛЕ СТОЖОВ:**

Јас од едноставна причина, затоа што мислам сите граѓани во оваа македонска држава треба да бидат еднакви, така ни пишува и во Уставот, овој амандман што се однесува на овие 3 градови го подржувам, затоа што еден граѓанин од Валандово сигурно ќе потроши и свои средства, затоа што нема основен суд во Валандово и Демир Хисар и во Македонски Брод итн. Единствено од тој аспект го подржувам овој амандман и мислам дека како што може и во помали места да има основен суд, би требало и во овие три места да има исто така основен суд.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Јас би сакал нешто да кажам. (Излегува на говорница)

Јас исто така би сакал да кажам дека би го поддржал овој амандман, меѓутоа, мислам дека и аргументите што ги изнесе претставникот на Владата, исто така имаат своја тежина. Има некои наоди во излагањето на предлагачите, всушност, кои влечат една паралела со други општини и

сигурно сега ќе треба да ни дообјаснат што е разликата и зошто така се случи. Фактички, можеби слабоста на овој амандман е во тоа што тој е поднесен денес на 22 декември во 15,20 часот. За вакви работи каде што треба и сметка да се види и каде што треба да се прибираат аргументи, мислам дека сите фази се пропуштени. Законот мина фаза на предлог за донесување, па беше во Владата, беше во процедура овде доста долго, да го имавме овој амандман, веројатно, многу брзо и лесно ќе одлучевме. Јас незнам дали овој амандман не спаѓа во оние наши среќавања сега што се среќаваме овде, па да го формулираме како заклучок. Да ја задолжиме Владата навистина ова прашање да го испита и на крајот кога ќе го донесеме законот да и дадеме задача на Владата во прва прилика кога ќе наиде вистина аргументи да настапи со предлог законот да се измени и дополни и да не ги онеправдуваме оние граѓани доколку навистина немаме аргументи кој ќе не принудат така да заклучиме.

За збор се јави Наќе Стојановски.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ**

Јас имам впечаток дека господинот претседател на Собранието на некој начин ја употреби сличната аргументација да не се усвои овој амандман на кој јас употребив аргументација за амандманот за РС - Либерална партија. И ако се споредат лесно може да се види дека тука е аргументацијата. Само мислам дека последиците се различни. Овде се работи за граѓани кои се на некој начин така ќе се почувствуваат како граѓани од втор ред, додека расправата по претходниот амандман имаше чисто расправа по однос на амандманот кој беше предложен без некои посебни последици. Јас сум за во крајна линија таков заклучок да изгради овој Парламент, но да ги усвои овие амандмани и да го усвои законот. Истовремено Владата да се задолжи на адекватен, аргументиран начин да прикаже нова мрежа на основните судови во РМ врз основа на стварната надлежност што ја добиваат основните судови, веројатно тоа ќе треба и со бројни и квантификации кои ќе бидат исклучиво во функција на аргументација. Во спротивно, лицитацијата на ваква или онаква определба би не водела далеку сите нас.

**ПЕТАР ГОПГЕВ:**

Интересна беше аргументацијата на претседателот на Собранието и

во  врска со неа само неколку работи би сакал да кажам. За задоцнетоста на амандманот, на амандманите тоа држи таква оценка, меѓутоа, прво треба да се прашаме колку амандмани претседателот на Собранието на рака ги примил во текот на Седницата. Дали може да се избројат тие колку се. Тоа е едната работа.

Втора работа е дали некој има право независно од поставеноста на општините во Републиката како што се да востановува општини од прв ред и општини од втор ред. Ние имавме и друг вид органи на управата кои што се поставени без многу цврсти втемелени критериуми зошто некои функции се делегирани во некои општини, во некои не. Некои од тие работи поминаа и сега не би сакал да се навраќам, но мислам дека не треба да продолжуваме со создавање на општини од прв и втор ред, кога за тоа нема добри аргументи.

Трето, кои се последиците? дали може да се пресметаат или не може да се пресметаат. Тие може веднаш да се пресметаат и не треба заклучок задолжување на Владата која што треба да формира стручна група итн. Последиците се следните. Прво позитивни, ги ставаме сите граѓани во иста положба. Зошто граѓаните од 3 општини да имаат поинаква положба во врска со ова прашање во однос на 33 општини. Кога би биле 10 општини, 15 во однос на други 15 јас веднаш би гласам за таков пристап но во случајов не е тоа.

Понатаму, неоштетени економски, нема да бидат оштетени економски и временски граѓаните од тие општини кои што треба да патуваат во други општини, а нема потреба. Дали се постигнува некоја рационализација со тоа што во 3 општини нема да има, а во 30 или 32 ќе има. Никаква економска рационализација. Наместо во овие општини каде што овие 3 се прилепуваат да има 5 или 6 судии, ќе има 4 судии таму или* тројца судии и така на тој начин, се разбира има некој дополнителен трошок. Но, во однос на неправичноста, а и неаргументираноста, невтемеленоста на ваков предлог, тоа навистина не е ништо.

**ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Почитувани пратеници, јас мислам навистина дека овој амандман заслужува внимание во смисла на поддршка од следниве причини. Не само што е застапен принципот на еднаквост на сите граѓани, овде беше спомнат

и аргументот за обемот на работа кој што би го имале поедини судови. За мене обемот на работа е еден просек кој што е извлечен од една, две или 3 години кој што може и не мора да се повтори во следните години. А принципот на еднаквост останува еднаков за сите односно останува постојан како еден нов квалитет дека во сите општини постојат општински судови. Со самото тоа мислам дека граѓаните ќе бидат задоволени и нема да правиме рестрикција на една или втора или трета општина бидејќи акоземеме по обемот на работа тогаш рационализацијата би требало да се спроведе во поголем број на општини кој што се од помал карактер.

**ХАМИТ АЛИУ:**

Господа пратеници, дури сега ми е јасно колку сме непринципиелни а колку се правниците непринципиелни. Тука сум навистина изненаден. Кога се работи за западниот дел на Македонија како да не е во наша држава. Мора да се санкционира и по заклучоци на некои претходни дискутанти, не може да се предлага заклучок на Владата, ниту може да се усвои некој амандман или нешто да се вгради таму. А ако земеме реално само селото Чегране е поголемо од Валандово. Или да не зборуваме за некои други села во полошкио регион. Меѓутоа, јас не сум против и во Валандово и во Демир Хисар и во М. Брод да има, меѓутоа, да бидеме до крај принципиелни. Ако навистина ние сме за рационализација, тогаш нека биде и вишите судови само во Скопје и основните судови што рече господинот Кошевво 15 општини, меѓутоа, навистина со ваков непринципиелен став во овој Парламент, во овој орган кој е законодавен, ме изненадува.

**ЗОРАН КРСТЕВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, пред 3-4 часа кога беше на дневен ред амандманот околу бројот на вишите судови укажав на еден принципиелен став кој е непосредно врзан за прашањето на рационализацијата на судството односно на реформата. Сега со овој амандман практично повторно се отвора таа расправа и мислам дека треба да останеме до крај принципиелни. Повторувам дека ЛП како партија овде во Парламентот, така и преку министрите во Владата се залага за рационализација на судството, предлага од 10 до 15 судови и еден виш суд.

Еден, евентуално 2 ако не убедевме. Според тоа, сега овде, излегувањето од рамките на владиниот предлог со интенција за некаков заклучок итн. само мислам дека ќе ја доискомплицира работата. Принципот на формирање на основни судови по општини е неодржлив. Ние наскоро ќе го имаме законот за територијална поделба на Македонија, законот за локална самоуправа кој ќе доведе до можеби 50 или 60 општини во Републиката. А тоа ли ќе биде понатаму критериумот околу бројот на судовите. Мислам дека треба најсериозно да се сфати дека ова е само еден преоден закон во процесот на реформата на правосудството и декас треба веднаш да се почне со елаборација на тоа што во полна смисла на реформа на правосудниот систем на Македонија треба да се направи и во тој случај сигурно дека прашањето на бројот на судовите и на судиите мора да дојде во преден план.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Само сакам да укажам нас противречноста меѓу предлагачот Владата која што е заснована на една коалиција и на она што застапуваат токму коалиционите партнери. Освен едно чувство на збунетост незнам што друго би искажал во овој момент и мислам дека потполна конфузија е во врска со овој закон и ќе биде права среќа ако процедурално западне законот во ќорсокак па да мора да се врати назад и да имаме еден пристоен документ во расправата.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Трите амандмани поднесени од пратениците на Наќе Стојановски, Петар Гошев и Петре Трајановски гледам дека потекнуваат за општински судови односно основни судови од изборните единици од кои тие потекнуваат. Имаат право за тоа, не им е недостаток и нема да приговараат дека тоа ќе биде приговор.

Денес што е дојден овој амандман пак е во рок и тука нема што да приговориме. Меѓутоа, на мене нешто друго не да не е јасно, туку боде во очи само искажувањето на министерот дека во предложените основни судови сега за Демир Хисар и Валандово постоеле таму 1300 односно 1600 предмети без да се каже кои се овие предмети и од која материја. Јас незнам дали министерот во тоа мислеше само на процесните предмети,

парница и кривица или ги зеде сите заедно сосе вонпарничното во кое припаѓаат и вонпарничните и оставинските уредувања на меѓи, делби и слично, сето тоа што може да биде под едно. Ако ова е се така, не да нема економска, туку никаква подлога нема. 1300 предмети во сите овие 5 сфери, тоа е катастрофална работа да се формира суд. Меѓутоа, сакам да останам до крај принципиелен. Кога се предлагаше измена на член 17 или 18 за надлежност на вишите судови и некои се залагаа декас треба да има поинаква распределба, односно распоред на судовите на територијата на РМ и конкретно се предлагаше виши суд со седиште во Гостивар. Одговор беше дека нема економско оправдување. Некои исто така заговараа дека таму требало да бидеме блиски до граѓаните. Во една држава остварувањето на правото се организира, на него треба да му се даде квалитет, а не простор. Ако вака овие судови што сега постоеле, па ги раситнуваме и ги раздробуваме и почнуваме допрва да створаме правна култура на едно ново подрачје со нови институции, тогаш до каде ќе стигнеме и навистина на мене еден од пратениците овде нека ми прости нема да го именувам само беше вака кажано, што ќе биде со мојот основен суд во Карпош.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:** (Продолжение)

И право е. Затоа што во Скопје ако така одиме по  дикцијата на барањето и излагањето на колегата Стојановски, дека во триесет и пет општини имало потреба од судови само во овие три не, ги поставува општините во Скопје, тие се пет на број со најголем број на население а имаат два општински суда односно два основни суда, тогаш ако одиме на такво раситнување говорам практично ова беше 1957-1958 година, кога се правеа овие судови на сите места со ова оправдување судството да биде блиско до граѓаните тогаш се изгуби на квалитет, тогаш се изгуби на воедначеност, тогаш се изгуби на осет за одговорност на оние кои го спроведуваа законот на судиите. Одат во тие мали места или се тотално зависни или се тотално богови недостижни. Затоа од овој пратктикум Јас предлагам овој предлог да не оди денеска и да не се прифати овој амандман.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас нема да се борам со неаргументирани искажувања ниту ќе присилувам да се усвои амандманот. Ние ги предложивме амандманите, ги образложивме колку што можевме вие слушнавте имате совест, аргументација одлучете по нив. Но, некои кажувања што се кажуваа овде како аргументи, мислам дека не држат. Тоа е следното:

- да се собираат баби и жаби мислам дека не е иста работа оти се сосема различни категории. Господинот Стојановски веројатно под притисок на годините, тие работи му ги опростувам но да се тврди дека општините "Карпош", "Гази Баба","Кисела Вода" исто така треба да бараат судови, тие не треба да бараат затоа што седиштето на општината и седиштето на судот е на исто место и тие имаат судови. Тоа е основниот принцип

Проблемот е овде што граѓаните имаат едно седиште на општината, а има друг основен суд каде има седиште во сосема друг град. Тоа е разликата и тоа е клучот на разликата од аспект на граѓаните.

Второто прашање во однос на бројките 1200, 1600 или незнам која бројка би бил аргумент кога со овој закон би се укинал некој постојан суд. Ако во Демир Хисар постоеше основен суд или општински суд и сега се излезеше со аргументација дека тој суд завртел во годината само 1300 предмети, тогаш е аргумент за почитување, но аргумент кој ќе важи и за сите други основни судови.

Значи има еден критериум,а во услови кога таму не постои суд и бројката од тоа подрачје за предмети споредена с;о бројка на предмети од друго подрачје од општина која е слична сега да не именувам или да именувам Крушево, Берово, Делчево, Виница., Дебар итн. кои , по некои карактеристики се слични со овие општини по население и територија. Сосема се различни бројките затоа што граѓаните ваму каде имало основен суд со седиште во тие градови можеле послободно да ги остваруваат своите права преку судовите и почесто се парничеле а додека овие фрлени зад господ во платините за да појдат во Битола прво, треба да имаат пари и бројката прикажана врз таа состојба со оваа бројка каде има, не се споредливи, во статистиката тие не се споредуваат. Да го повторам она баби и жаби не се собираат како аргумент, а вие како сакате одлучите.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Навистина немав намера да се јавам, меѓутоа, на господинот по презиме ќе му признам една работа. Мене можеби ме притиснале годините, меѓутоа, разумот е чист. Тука не треба да правиме никакви проверки ниту да се докажуваме ниту да оспоруваме. Една е работата бројката од 1300

предмети за да постои еден суд 1300 предмети дали знаете што значи таа работа. Имаме 280 работни дена во годината, 360 дена се денови, јас говорам за работни денови, а ако не ги знаете тоа е друго прашање. Дали на пет судии одредете ги 1300 предмети кои се спорни, тие имаат пет судии по 300 предмети имаат 1500 дена, а има се на се 1300 предмети што ќе работат другите денови, што ќе проучуваат, што ќе се работи. Ако нема работа нема мотив за разум. Треба да ги направиме судиите да бидат луѓе кои ќе седат во кафеани, кои ќе одат од едно место во друго, немаат ангажман и слично и затоа, ако некој сака такво судство, јас не сакам да го делам мислењето на господинот Стојановски. И другите предлагачи сигурно имаат и друг аргумент, а не овој дали некому му натежнале годините или не,  затоа се јавив, опростете

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Јас се извинувам само уште овој! пат, а потоа кој како  сака, се разбира, ќе си гласа.

Беше направена паралела Валандово-Чегране или Демир  Хисар - Чегране, овде говоревме за општински центри кои имаат или немаат основни судови Гостивар, Тетово имаат основни судови. Јас не учествував во претходниот дел од расправата, не бев тука за бројот на вишите судови, за обвинителствата, но исто така тешко можат да се бранат од сите страни прашањата се сосема отворени кога некој ќе рече 3 или 4, па зошто 3 зошто не 4 и секој има право од тој аспект да изнесува аргументи и јас не сум спорел со никого од тој аспект. Но, кога ќе се тргне со арбитражни критериуми од типот ваков каков што се предлага во Законот, тогаш дискусиите се необјективни и тешко можат да се бранат од сите страни.

Затоа мислам дека мене таков приговор не треба да ми се прави, бидејќи не дадов основа за таков приговор, ако на мене воопшто се однесуваше

Второ, се изнесуваат аргументи во врска со бројот на жителите, па Скопје има два основни суда, па има толку и толку илјади жители. Зошто се заборава да се стави во однос бројот на жителите со бројот на судиите. Ако Скопје има основен суд може да има 15,20 50 судии. Општинските центри кои се со 12 илјади жители, како што се Валандово, Виница и да не ,ги редам другите можат да имаат двајца судии и сепак работите да бидат сосема на место.

Овде се зборуваше за некаков број на предмети. Навистина ме чуди како може судија да каже дека 1300 предмети се малку предмети. Јас велам дека 10 предмети можеби се многу во текот на, една година. Можеби 50 предмети се многу, но тоа зависи, се разбира од тежината и содржината на предметот. 1300 предмети да се проучат, да се пресуди правилно навистина е голема работа. Зошто некој мисли дека се тоа малку, па заради тоа не треба да има таму каде има 1300 предмети јас незнам веројатно искуството им говори нешто поинаку. Но, во секој случај тоа не се аргументи заради кои не треба да се прифатат овие амандмани.

Кога ќе дојдеме на прашањето на локалната самоуправа, ако некогаш дојдеме можеме тогаш целосно да ги отвориме тие прашања и проблеми, но денеска ако во 33 има или 32, а во 3 нема навистина нема аргументи. Ете тоа е основната работа, а целината на концептот што се предлага, тоа е друго прашање.

**НАУМ СИМЈАНОВСКИ:**

Почитувани пратеници иститe. Правата веќе се зацртани со деловникот за работа на ова Собрание, меѓу кои и тоа да поднесуваме амандмани на одредени закони. Тие права ни се зацртани и застапувајќи ги интересите на народот кој не има гласано. Меѓутоа, треба да ги знаеме и обврските и кои се постапките за тие амандмани. Конкретно за овој амандман ќе го цитирам членот 330 од Деловникот за работа на Собранието на Република Македонија. Поточно неговите ставови 3 и 4. Имено, ако амандманот содржи одредби со кои се ангажираат финансиски средства, подносителот на амандманот е должен истовремено да укаже и на можностите за обезбедување на тие средства

Став 4, подносителот на амандманот е должен да укаже дали со амандманот се предизвикуваат последици по материјалната и другата положба на работните луѓе и граѓаните. Навистина овој аргумент во образложението дадено од тројцата пратеници во овој амандман не е зацртано

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Најмалку прашањето можеше да биде поставено од господинот Наум Симјановски во оваа смисла во која го постави затоа што мене ми е познато дека нему добро му е позната состојбата во однос на финансиите поготово предлагањето на основниот суд во Демир Хисар.

Предлагањето на основниот суд во Демир Хисар и усвојувањето на амандманот, евентуалното усвојување на амандманот, повлекува намалување на трошоците на основниот суд во Битола. Затоа што во

Предлог-законот без амандмани дека општината Демир Хисар сега припаѓа во Основниот суд во Битола. Значи адекватно на тоа трошоците што треба да се дадат за работење на Основниот суд во Битола ќе бидат намалени за толку колку ќе бидат потребните трошоци за работа на Основниот суд во Демир Хисар. Притоа имајќи ги предвид, а истото се однесува и за Македонски Брод во врска со односот на Основниот суд во Кичево и за Валандово во однос кон Основниот суд во Гевгелија.

Во однос на просториите има обезбедено простории додека обврските по деловникот за посочување на изворите за обезбедување на средства на судовите, ако добро се прочита законот, тоа е членот .12 од истиот закон за кој расправаме каде ^вели дека средствата ги обезбедува Република Македонија за: сите судови. Спрема тоа и за овие што се предлагаат

Јас не верувам дека давачките за граѓаните ќе бидат ч помали ако не се усвојат овие амандмани или дека ќе бидат такви големи што ако се усвојат овие амандмани. Мислам дека таквата аргументација е периферна. Ако мојот колега Симјановски нема сеуште јасна претстава дали да дигне рака за или против амандманот јас сега лично го ослободувам нека биде воздржан.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

На страница 19 т.е. на последната страница од Законот стои "финансиски средства потребни за спроведување на Законот" и се вели дека потребните финансиски средства во основа колку предвидените во Републичкиот буџет. Меѓутоа, за финансирање на судовите итн. со одредени зголемувања што значи дека и предлагачот на законот не предвидел колку ќе изнесуваат тие финансиски средства. Спрема тоа, мислам дека толкувањето дека предлагачите на амандманот требало во

амандманот да предложат и финансиска конструкција за оформување на овие три нови основни суда дека не држи затоа што и самиот предлагач на овој закон не предвидел колкав износ и во кој обем ќе бидат тие финансиски средства

**АВДИ МУРТЕЗАНИ:**

Дами и господа, и во фазата на општиот претрес на овој предлог закон јас се обидував да ги кажам факторите, но незнам колку успеав да ги образложам.

Не може да се донесе демократски закон за судовите и нова организација стара организација и надлежност односно со нова надлежност на судството

Овде во оваа книга имам состојби и ,резултати на судовите и решавање на предметите во текот на 1990 година. Сакам да ги потврдам доказите на колегата Стојановски кој вели односно неговите докази кој вели а да противречам на доказите кои ги изјавува нашиот министер за правосудство.

Во текот на 1990 година вкупно предмети за работа во Општинскиот суд во Неготино биле 1298 предмети. Во Кратово биле 851 предмети вкупно за работа и кривични и граѓански и вонпроцесни, извршни итн. Во Крива Паланка биле 1469 предмети што значи дека состојбата во Демир Хисар и во овие две општини Валандово и каде беше предлогот да се формира, постојат услови да се формираат такви судови. Меѓутоа, моето излагање беше организацијата да се изведе на 01103 начин овие општински односно основни судови се намалуваат со тоа што да се формира уште

еден виш суд во Гостивар. Можеби е смешно поради тоа што ако се оди на намалување на судовите, тогаш ќе треба да претрпи измени и организацијата на вишите судови

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

За збор се јави министерот Туше Гошев

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Сметам дека предложената организациона шема што се нуди ги исполнува критериумите и по предмети и по сите други критериуми, светски критериуми што предвидуваат такви спорови. Сакам за господинот Наќе Стојановски да прочитам колку предмети имал Демир Хисар во 1992 година. Кривични предмети за полнолетни имал 3, за малолетни лица 3, истражни 21, истражни дејствија 24, замолници 4, извршување на казни само 8, или вкупно 90. Граѓански предмети, процесни имал 343, платни налози 88, вонпроцесни немал, вонуправни немал, физички делби 12, меги и граници 6, начин на користење на земјоделски предмети нема, надомест на имот 2 или вкупно граѓански предмети имал 773 или вкупно 1294. Ако поставиме критериуми за . еден судија треба да реши месечно по 45 предмети, тогаш значи дека Демир Хисар треба да има само два судија.' Тоа не е изврдливо, затоа што не може да има повеќе.

И второ што сакам да кажам, тоа почесто се елабарираше за финансиите. Ова е организационен закон, а Собранието ќе утврди и ќе усвои критериуми колку кој ќе број судии. Тоа ќе биде по критериуми што ќе ги прифати ова Собрание. Никој друг. Немојте да мешате организационен закон со функционирањето на судовите. Зборуваме за два различни поимови. Како што кажавме критериумите за судиите и изборот на судиите ќе ги утврди ова Собрание, со такви критериуми како што ќе ,ги постави Собранието. Оттука не е потребно да се дава и финансиска процена.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас морам нешто да кажам. Сакам некои работи да ги појаснам. Јас не направив деловнички приговор зошто е даден амандманот сега. Тој е поделен. Како пратеник, не како претседател на ова Собрание сакам да

кажам колку ми е тешко да се определам сега по овој амандман. Ве молам (во салата има дофрлувања и реагирања) ако може сега малку сериозно да разговараме. Ние имаме еден предлог за три основни суда. Господинот Туше Гошев почна да објаснува како е тоа во Демир Хисар. Можда е различно во Валандово. Ние тоа не го знаеме. Не знаеме точно како е во Берово. Тие разговори и расправи се без комисија. И во комисијата надлежна, една друга, трета министерот треба да ги изнесе тие работи. Тоа беше мојата забелешка. А знаете како/е сега, бидејќи сето тоа не е сторено, ајде ве молам сега ние има да се воздржиме, да гласаме против или за. Дали сите тие граѓани ,на тие три општини ќе мислат дека некој има против нешто таму без да ги ислушаат сите аргументи, без да се знаат сите аргументи кои оневозможуваат, едноставно да речеме во Демир Хисар да нема суд, а во Валандово дека треба да има. Или работата може да е обратна. Затоа ми беше приговорот што не можеме сега да се произнесеме по амандман што е даден во постапка, предаден е после почетокот попладневната седница. Во тоа е работата. Затоа барам решение. Навистина, да најдеме решение, да видиме дали не можеме, ако не можеме да го усвоиме амандманот сега, да направиме заклучок Владата да ги проучи овие амандмани овде и понатаму во прва прили- ка кога ќе оцени да излезе пред Собранието да решиме. Никако не ми беше намера да правам споредба со претходниот амандман и за претходната точка што расправавме за што вели господинот Наќе Стојановски. Таа е 25 дена овде присутна и никој ништо не кажал за неа. Никој не се сетил ни сугестија да даде за заклучоци или Владата да проучи. Ова е сега дадено. Тие две работи не се споредуваат. Затоа јас пак предлагам, потсетувам, дали не може амандманот да го повлечат а да препорачаме, да формулираме заклучок содржината на амандманот да биде изучена од Владата за да може после Владата да ни предложи решение.

**ГОРГИ КОТЕВСКИ:**

Почитувани дами и господа, господинот претседател на Собранието ни одржа добра лекција како не треба да работиме во овој Парламент. Ако се сеќавате добро Комисијата за избори и именувања имаше дециден јасен став по изборот на нови членови за Уставната комисија. Господинот претседател цело време овде не убедуваше дека не е важен тој став на Комисијата. А сега ни предлага дека овој амандман или другите амандмани не биле во комисиите расправани и доволно исцрпна расправа за нив водена, па сега предлага една солуција која нема никаква врска со стварноста. Не можеме ние да го усвоиме законот и после него да донесуваме некаков заклучок. Тоа нема никаква логика. Апсолутно! Затоа велам еве уште еден факт и аргумент како ние не работиме и како сакаме да ја навраќаме водата кога нешто сакаме да го оствариме за некои било какви политички интереси или лично партиски интереси, како ја злоупотребуваме и говорницата и како успешно правиме неработење во овој Парламент.

Се извинувам, бидејќи посебно ми е симпатичен Наќе Стојановски како пратеник од Демир Хисар кој за овој амандман вложи толку сили, навистина го прифаќам и ќе гласам за амандманот.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Како пратеник од парламентарната,опозиција сакам да укажам во иднина пратениците од парламентарната коалиција спорните прашања нека си ги расчистуваат на посебно закажан состанок а не да ја замараат парламентарната опозиција. Бидејќи и предлагачот на законот со исти пратеници од коалицијата не може да најде заеднички јазик.

Меѓутоа сакам да кажам на почетокот, колку сме непринципиелни едни спрема други. При амандманот на пратеничката група на  ПДП јас како пратеник јасно и гласно кажав за основањето на Вишиот суд во Гостивар

дека не гласам, односно го дадов својот глас против. Сега каде е принципиелноста тука? Тогаш зошто не предложи исто претседателот работен заклучок, Владата да го преиспита барањето на оваа пратеничка група. Сега кога тројца пратеници предлагаат амандман претседателот предлага работен заклучок, Владата да го проучи. Јас тука ја гледам непринципиелноста. Ако има некој личен став и мислење нека каже за, против или воздржан. Меѓутоа, кога зборував- ме за еден друг амандман а тоа е дека судовите мора редовно и постојано да го известуваат Парламентот најмалку еднаш годишно и да го информираат за својата работа, за примената на законите и состојбите во судството, ние дававме образложение дека тоа е независно судство, имаме одвоеност на власта и нема потреба судовите никакви информации да му даваат на Парламентот. Сега, одеднаш сите сме паметни, бараме извештаи од судови, нудиме аргументи за едно решение, за друго решение. Сами си паѓаме на сопствените аргументи, односно неаргументи. Принципиелно за мене организационата поставеност на судството бидејќи немаме доволни податоци за објективни критериуми е дека принципот општина - суд е санкциониран во организационата шема и според тоа имајќи предвид дека сите општини треба да ги ставиме во рамноправна положба пред и во државата, амандманот за мене е прифатлив, иако целокупната поставеност на организационата шема на судството можеби ни е крајно нерационална. Еден пратеник, господинот Крстевски пред малку тоа го спомна нам ни претстои нова територијална поделба и ние очи ќе си вадиме после како ќе ги поделиме судовите. Затоа ја сметам дека можеби пред да биде овој закон поставен, а тоа можеби требаше во општата расправа да го наведеме, Владата да ни понуди објективни критериуми за основање на судови, број на жители, предмети за да можат пратениците објективно, да

се определат при конституирањето на една организациона шема. Вака ќе имаме изјави, гласам заради симпатичност или несимпатичност, на памет, заради тоа што некој сака или не сака без да постои објективна аргументација зошто се нуди таква организациона поставеност.

Имајќи го предвид тоа јас ќе гласам за овој амандман. Меѓутоа, потребно ни е под итно Владата да ни понуди и објективни критериуми за нова организациона поставеност на судството, за да може навистина да извршиме рационализација и во судството, бидејќи сето тоа оди на товар на буџетот кој што оваа држава го црпе по разни основи од граѓаните

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас сум два пати спомнат

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Јас лично не ве споменат по име и презиме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Нема повеќе претседатели на Собранието, има само еден и нормално е тој да одговори и ако има нешто да каже.

Видете, сакам пак да ви кажам дека се работи за проблем пред кој што е исправено ова Собрание, не само по овој повод туку и по други поводи, но сега по овој повод тоа треба да го разјасниме. Еден од приговорите е зошто јас не сум барал посебно да се проучи и заклучок да се донесе по предлогот на ПДП. Не барав зашто не дадоа овде амандман луѓето. Тие го дадоа во редовна постапка и после имаше претрес во комисиите. Нормално сега овде нема да барам и други заклучоци. Затоа таа забелешка не само што не држи, но не знам и зошто е потребна. Сега пак, бидејќи се најдов во друга ситуација да се изјаснам по амандманот,

како секој пратеник, секој од вас има право да бара и нешто да предложи. Мене на пример некои аргументи што ги изнесе министерот за правосудство, ми се блиски во размислувањата. Исто така не сакам да ги одредам нештата да го поддржиме предлогот на Владата и пред тие да речеме таму 20 илјади во една општина, 25 илјади во друга општина или 30 илјади граѓани едноставно да им ја одредиме судбината, за наредните незнам колку години или време. Тоа е во ред. Второ, јас не предложив комисија Јас предложив тоа да го проучи Владата.

Инаку што се однесува до предлози што ги даваат одделни комисии овде., тие се должни овде да дадат предлози во постапката што е предвидена во Собранието, а ние за тоа можеме да мислиме како што мислиме. Еднаш ќе се слагаме, некогаш јас ќе се сложам а некогаш нема да се сложам. И некои од тие предлози ќе ги прифатиме, а некои нема да ги прифатиме. Тоа е работата на Собранието. Нема друг начин на работа. Јас пак се враќам на овој амандман. Јас се плашам дека може да ни се случи барем формално, -.10% да го зголемиме бројот на основните судови од 30 сега на 33, само заради тоа што без да знаеме се што Владата зад тоа чува и кои аргументи ги има само заради тоа да кажеме некои поени да се добијат. Судството 0 сериозна работа. Основниот приод кон судството овде од нашата партија го изложи господинот Панче Минов во начелната расправа и сега господинот Крстевски.

Сега по еден амандман наеднаш треба да пресечеме. Јас пак велам за мене е сосема легално и нормално да се предлага, ваму во овие три општини да се основаат судови. Јас денеска немам одговор за таа работа. Не е добро ниту Собранието да има одговор. Тоа е мое мислење, господа. Затоа е добро да го оставиме тоа Владата сега да го изучи. Тоа сега дојде. Никој не го видел ниту комисија, ниту Влада. Јас незнам дали господинот Туше Гошев можеби ќе го прифатеше да имаше седница на Владата. Од

каде да знам. Во таква ситуација сега сме доведени да не можеме да заземеме ставови. Сега можеби на некому му е лесно за да има став. Видете, мене ми е потешко за определување на став. За некои работи сакам и уште некои постапки да се изведат. Тоа е мое мислење и ништо повеќе

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Прво сакам да кажам дека давањето на аргументите дека не се прави рационализација на судството е крајно лоша одбрана за еден такво став и лично убедување дека тоа се прави. Овој организационен модел што се предлага на висина нуди една рационализација, затоа што при ;утврдувањето на критериумите за бројот на судиите му дава една крајна можност на Собранието крајно да го рационализира судството и да го сведе на оној минимум што функционално ќе овозможува е рационален да се дели правдата во Република Македонија. И оттука не држат критериумите кога се кажува дека предложениот модел не е рационален. Ако прифатевме подруг модел на организација со воведувањето на специјализирани судови, на војни судови, судови на здружен суд, на стопански судови, *тогаш ќе направевме крајна нерационализација на овој систем што сега го предлагаме. И фактички ќе ја уништевме таа организациона мрежа за која се боревме цела оваа година за донесувањето на овој закон. Оттука мислам дека ова е само без аргументи кажување дека овој модел не е рационален. Ако Собранието на Република Македонија во определувањето на критериумите, на бројот на судиите кои што треба секој суд да ги има, сметам дека му дава шанса да го рационализира некаде до 40-45% и оттука .сметам дека тоа не може да се прифати како аргумент дека моделот не е добар.

И второ што сакам да кажам дека Владата од Собранието не може да трпи заклучоци туку Министерството за правосудство како надлежно

министерство стално го проучува правосудниот систем на Република Македонија. И кога тоа само ќе оцени дека има потреба од измена на самиот законски проект, тоа самото ќе го понуди, без да има било каков став на Собранието на Република Македонија.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Ја само една реченица, мислам дека треба да се прекине дискусијата. Беа изнесени аргументи, кажано беше а ја се обидов да го направам тоа што можев да го направам. Инаку амандманот што поднесен, за него расправавме уште со старата Влада, пред оваа Влада, и на комисиите и на тие посебни советувања итн. Не успеав на таков начин да се изборам за тој статус на граѓаните во општината Демир Хисар и сега се обидувам по ваков легитимен пат како што е утврден со Деловникот на Собранието. Значи сакам да кажам дека не за прв пат дискутирано и ова не е нова работа, зашто е расправано уште со старата Влада. Предлагам да се прекине дискусијата, доволно беше аргументацијата. И што се однесува до мене се изземам од другите двајца предлагачи, ги молам оние пратеници што не се доволно убедени дека треба да гласаат за амандманот, да не гласаат ниту се лутам, ниту сакам поени, ниту јас поени да ловам, ниту некој да лови поени со тоа што ќе дигне рака за мојот амандман, преку мене за него. Значи, ги молам само оние што се убедени дека треба од принципиелни причини само тие да го поддржат амандманот.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Јас барам да се почитува член 335 од Деловникот, тоа претседателот требаше да го знае, да го искористи тоа право за да се разјасни дилемата дали ќе гласа или не за Предлог амандманот кој гласи: "Ако амандманот на Предлогот на законот содржи одредби со кои се менуваат начелата врз кои се засновува законот, или ако усвојувањето на амандманот би повлекувало со себе побитни измени на текстот на предлогот на законот", а од излагањето на министерот видовме дека се менува концепцијата на поставеноста на судовите, за амандманот не може да се одлучува на седница на Собранието ако надлежното работно тело и Законодавно правната комисија не поднеле свој извештај за тој амандман.

За овие амандмани на седницата не може да се;одлучува ако по нив не се добие извештај од соодветното работно тело. Со оглед на тоа предлагам Собранието да го прекине претресот по овој амандман, а надлежните работни тела дополнително да ги разгледаат согласно член 335 од Деловникот, за да може сите пратеници компетентно или врз основа на мислење од работните тела да го дадат својот глас за или против.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Се разбира тоа право го имав, не го искористив нарочно, затоа што тоа е последен амандман во законот и мислев дека ова Собрание ќе најде толку сили да најде солуција, која и ја предлагав овде за да можеме да дојдеме до таму да се изјасниме за законот. Ова да го ставиме малку настрана. Тоа ми е идејата. Инаку тоа право можам да го искористам, меѓутоа знаете ли што тоа значи. Тоа значи ако ние сега престанеме со работа и одиме на комисии значи друг ден да се состанеме, а тоа значи уште амандмани, секој ќе се премисли, од почеток може се да почне итн.

Тоа е работата и затоа сакав, затоа што сепак имавме доста време ние за работа. Сами Вие кажувавте дека со месеци се влечи овој закон во постапка. Тоа ми е основната намера. Затоа предлагам сепак Собранието да не заклучи дека со усвојувањето на овој амандман ќе се измени концепцијата итн., да го користиме тој предлог па да прекинеме со работа уште еднаш да се претресува, туку да најдеме солуција да излезиме од овој амандман. Една од солуциите е таа што ја сугерирав. Не мора тоа, видете, најдете друга, најдете друга солуција. Добро, еве ќе гласаме.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Сакам да кажам дека нема да биде прв закон и нема кој знае колкав грев да направиме ако овој закон денес не го усвоиме, или го одложиме изјаснувањето по текстот на Законот. Такви закони имало повеќе, така да Собранието голем грев ниту ќе направи ниту пак тоа е спротивно од Деловникот на работа и затоа останувам на предлогот што го дадов.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Имаме еден предлог на Петров, па да видиме околу него да се разбереме

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ**

Да, во врска со предлогот.

Бидејќи укажувањето на господин Петров испровоцира еден искрен одговор од претседателот на Собранието и сега веќе навистина јас сум зачуден како може кога нашиот претседател на Собрание знае во врска со деловничките обврски тоа да го игнорира и да спасува некое донесување на закон да се инпровизираат некои компромиси, сметам дека треба стриктно да се однесуваме спрема Деловникот и претседателот го повикувам да се

однесува деловнички

**СТОЈАН АНДОВ:**

Се разбира, јас токму така се однесувам а господинот Голубовски го прочита текстот на кој се повикувам

Инаку, предлогот на господин Петров е сега да прекинеме со расправа и да го упатиме овој амандман на комисиите и на Владата сите да го гледаат па после да закажеме седница. Ви кажувам дека е тоа последен амандман на законот. Овде законот е од 22 јуни во постапка.

(за амандманот да гласаме)

Не можеме да гласаме за амандманите, бидејќи имаме еден предлог кој се заснива на една деловничка одредба.

Кој е за предлогот на Петров молам да крене рака

Предлогот не е усвоен.

Според тоа одиме на известување по амандманите

Амандманите се три. Го давам на,изјаснување, тие се поврзани. Ги давам на изјаснување поединечно

Кој е за првиот амандман, тој има шест алинеи, молам да крене рака. (20 пратеници)

Дваесет пратеници гласаа за амандманот.

Според тоа овој амандман констатирам дека не е усвоен

Вториот амандман е поврзан, само го дотерува текстот на законот ако се усвоеше првиот амандман. Останувате ли на изјаснување на тој? (не)

Значи ги повлекувате

Јас пак сугерирам некои заклучоци да се донесат но после ќе се вратам на законот

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот на предлогот на законот и Предлогот на законот..., Ве молам пред да го ставам на гласање Предлогот на законот прво да видиме колку имаме овде присутни.

Молам нека изброи службата колку пратеници имаме присутни (67 пратеници).

Шеесет и седум пратеници се присутни

Ве молам, ние го заклучивме претресот по текстот на Предлогот на законот и не можеме да минеме на гласање сега заради тоа што 67 пратеници се присутни, а Собранието за овој закон одлучува само ако има најмалку две третини

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Тоа што нема потребно мнозинство е друго прашање, меѓутоа сакав од името на парламентарната група на независни пратеници да предложам изјаснувањето односно гласањето по:однос на овој закон, бидејќи формално правно амандмани веќе не можат да се поднесуваат, претседателот го заклучи претресот, изјаснувањето по однос на овој предлог на закон да се постави на дневен ред тогаш кога ќе се постигне согласност помеѓу парламентарните групи за да бидеме сигурни дека ќе биде текстот донесен. Ние такви случаи по однос на други закони на други седници имавме и со оглед на тоа предлагаме од името на групата независни пратеници овој предлог

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

Почитувано претседателство, дами и господа пратеници. Несериозното однесување на пратениците, ние никогаш овој закон со 2/3 мнозинство нема да го донесеме. Колку пати го одлагаме. Сите пратеници се платени за да ја вршат оваа работа и ќе молам, знам дека треба култура, не треба казнување но кога не се однесуваат така платата да се дели на седници. Колку седници се во месецот толку има плата да земе. Колку не дојде толку да не  земе плата. Еднаш мора да прекратиме со вакви работи. Колку седници ќе држиме за да ги донесуваме овие закони вака. Сите бегаат  не сакаат да гласаат, а само  бегаат на страна.

(аплауз)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Овие два предлога можеше да ги имате на ум, и тој господинот Петров и од господинот Мицевски.

Седницата сега ја прекинуваме а продолжението ќе го закаже претседателството

Утре комисиите ќе работат за педесет и третата седница

Седницата прекина со работа во 19,20 часот.